СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 1997 год.

Скопје, јули 1997 година

**69-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 29 МАЈ 1997 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 7
2. АБДИ ФАИК – 68
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 87,88
4. ВЕЈСЕЛИ АБДУЉАДИ - 75
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 125, 127
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 65 ,80, 176.
7. ИБРАИМИ САМИ - 50, 52
8. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 27, 60
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 9
10. КОТЛАР МАРЈАН - 74
11. КАДРИУ ЗЕЌИР - 98
12, ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 133, 137
13. МЕШКОВ ЉУПЧ0 - 141, 145
14. МИНОВ ПАНЧО - 53, 59
15. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 90
16. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 113, 159, 162
17. ПУРДЕ НАЏИ - 71
18. ПЕТКОБСКИ ТИТО -1 (води седница)
19. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 33, 35
20. РАМАДАНИ ИСМЕТ -137 и 66
21. РАМАДАНИ САЛИ – 114, 118
22. РАМАДАНИ ХИСЕН - 94, 96
23. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 148
24. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 102, 103
25. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 172
26. СТОЈАНСВСКИ ТОМИСЛАВ - 40, 45
27. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 138
28. ТУДА РАМИ - 24, 27
29. ТАИРИ МЕВЉАН - 107, 110
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 167
31. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА -1 56
32. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 3 (го образложува Предлогот за избор на нова Влада)
33. ХАСИПИ КЕНАН - 171
34. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - 107 ( води седница)
35. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 153, 154
36. ШАЌИРИ ХИСНИ - 20,75

Дневен ред- стр.2

-Избор на нов состав на Влада на РМ
- изборот на с.177

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 1997 год.

Седницата започна со работа во 14,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Дами и господа пратеници, ја отворам Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Назми Малички, Нано Ружин, Стојче Ковачевски, Тодосие Паунов, Зоран Крстевски и Славе Наумовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров, претседателот на Владата на Република Македонија господин Бранко Црвенковски и предложените кандидати за министри за состав на новата влада.

Со оглед на значењето на прашањето што е предложено на дневен ред на оваа седница предлагам да не се дополнува предлогот на дневниот ред со други точки.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (90 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

- Избор на нов состав на Владата на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака? (90 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на дневниот ред - Избор на нов состав на Влада на Република Македонија.

Предлогот за разрешување на членови на Владата и предлогот за избор на нов состав на Влада, Ви се доставени односно поделени.

Со оглед на тоа што претседателот на Владата предлага разрешување на повеќе од една третина од членовите на Владата од претходниот состав, согласно член 94 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието ќе одлучува со единствено гласање по предлогот за изборна нов состав на Влада.

Собранието избира влада со мнозинство гласови во вкупниот број пратеници, со јавно гласање.

Гласањето за избор на Влада се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Отворам претрес.

Го молам претседателот на Владата на Република Македонија господин Бранко Црвенковски да го образложи предлогот за избор на нов состав на Влада.

I/3.-

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Република Македонија, почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, на денешнава седница пред Вас се наоѓа предлогот за состав на нова Влада. Вообичаено е во вакви ситуации премиерот да ја елаборира програмата и да ги посочи главните програмски цели во насоки за дејствување на Владата.

Меѓутоа, имајќи го предвид фактот, дека се работи за реконструкција на Владата од потемелни размери, уставната одредба која предвидува дека во случај на поголеми промени од една третина од составот на Владата, Собранието на Република Македонија одлучува како за нова Влада, мислам дека по овој пат по ова прашање ќе имам полесна задача. Имено, не се работи ниту за Влада која има програмски дисконтинуитет, ниту за промена на структурата на партиските субјекти, кои даваат политички легитимитет на Владата на Република Македонија. Оттука, основните програмски насоки и долгорочни цели остануваат исти, тие се веќе поодамна дефинирани и за нив по мое длабоко убедување е веќе постигнат еден поширок консензус и легитимитет меѓу граѓаните на Република Македонија. Целта на оваа реконструкција е не да се редефинираат програмските определби, туку напротив да се зајакнат и интензивираат напорите за нивното остварување.

Кои се тие глобални и стратешки цели кои ја определуваат и глобалната рамка на дејствување на Владата на Република Македонија. Ќе ги набројам во кратки црти сосема таксативно.

На надворешно политички план, перманентно јакнење на меѓународниот углед на Република Македонија, политиката на еквидистанца во афирмативна смисла спрема соседите еталирање на Република Македонија во европските интеграции со крајна цел и самите

да станеме цел од Европската Унија, јакнење на соработката со НАТО, се до полноправно членство во оваа воено-политичка структура. На внатрешен план продолжување со демократизацијата во сите сегменти и јакнење на атрибутите на цивилно општество, спроведување на реформите во економско - финансиската свера, со цел да се постигне поголема економска ефикасност и вистинско пазарно стопанство, повисок стандард и поголема економска социјална сигурност на граѓаните. Создавање атмосфера на меѓусебна толеранција и меѓусебно почитување во рамките на Уставот и меѓународните норми и стандарди. Јакнење на правната држава и битката против криминалот во сите облици. Ова се долгорочни стратешки цели кои на најдобар можен начин ги штитат и реализираат виталните национални и државни интереси на Република Македонија и на секој нејзин граѓанин пооделно.

Оттука, сосема е разбирливо што тие се постојани, константни и не зависат од конкретниот состав на владите. Тие не се врзуваат за поодделни личности, туку се дел и цел на една политичка опција зад која во целиот овој период стои и дава поддршка најголемиот дел од граѓаните на Република Македонија. Се разбира дека покрај правилниот избор на крајните цели на еден проект, од исклучителна важност е изборот на патот и начините за нивно реализирање. Од тоа зависи колкава енергија ќе мора да се вложи, колку време ќе мора да се потроши и кое ќе биде нивото на социјалната цена која мора да се плати при вакви радикални промени, кој од корен го менуваат политичкиот и економски поредок на едно општество. Во тој дел е исклучително важно кои личности ќе бидат непосредни носители и реализатори на активностите и процесите на општественото реформирање.

Целта на оваа реконструкција е да се добие екипа на луѓе, односно од луѓе која ќе може многу поефикасно, многу поенергично со поголем ентузијазам и посветеност да ги врши задачите кои претстојат и да се

соочува со проблемите кои се неминовни во еден ваков период на крупни промени. Владата е колективен орган и таа може успешно да функционира само доколку работи тимски, односно, ако секој нејзин член е подготвен сите лични амбиции, интереси од било кој тип и желби за самопромовирање да ги подреди на остварувањето на заедничките цели кои во исто време треба да бидат идентични со државните интереси и приоритети. Само на тој начин може да се чува и гради кредибилитетот и довербата меѓу граѓаните, да се мобилизираат сите расположливи потенцијали, да се биде вистински интегратор во општеството.

Почитувани пратеници, да не заборавиме дека пред оваа Влада не стои полн четиригодишен мандат. Оттука, многу е битно да се направи вистинскиот избор- на приоритети на кои ќе треба да се посвети посебно внимание во периодот што претстои до парламентарните избори. Без сомнение од најголемо значење ќе бидат прашањата од економско-социјалната сфера. Податоците за 1996 година, покажуваат дека таа беше првата по низа години перманентен пат, кога се забележани позитивни стапки на раст на општествениот производ и на индустриското производство. И во првите четири месеци од оваа година, тој позитивен тренд продолжува. Тоа се податоци кои охрабруваат и кои говорат дека дното на економската криза го допревме во 1995 година. Меѓутоа, овие бројки иако со позитивен придонес, се далеку под оние кои ги посакуваме. Убеден сум дека постои широк маневарски простор и дека со едно пооперативно работење,со повеќе слух за реалните проблеми со кој се соочуваат стопанските субјекти, може да се направи многу повеќе. Задача на оваа Влада ќе биде да создаде предуслови за уште поголемо зголемување на производството и извозот, за активирање на постојните и нови капацитети, отворање нови работни места.

Посебно внимание ќе биде посветено на зголемувањето на ниските инвестиции, намалувањето на трговскиот дефицит и внатрешната

задолженост во земјата. За остварувањето на овие цели веќе за 30-тина дена новата Влада ќе излезе со пакет мерки кои ќе бидат презентирани пред македонската јавност.

Во текот на изминатата година успеавме во исклучително тешки услови да исплатиме една заостаната пензија кон корисниците на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со што се намали вкупниот дефицит на овој фонд. Меѓутоа, приходите на овој фонд и понатаму не се усогласени со расходите и тоа создава огромни тешкотии при правењето на финансиска конструкција за секоја исплата. Оттука, една од првите задачи на Владата ќе биде создавање на предуслови за редовно и навремено исплаќање на пензиите.

Почитувани пратеници, едно од прашањата кои ја преокупираат јавноста, посебно во последните два месеци, е битката против криминалот, корупцијата и другото незаконито работење. Ми се чини како ретко досега се ослободи позитивна енергија на тој план. Тоа е шанса која, како општество, не смееме да ја пропуштиме. Една од целите на оваа реконструкција е токму јакнење на таа битка. Се разбира, не смееме да направиме грешка и да ја изместиме улогата на надлежните институции. Без разлика на намерите, ниту политиката, ниту јавноста не смеат на себе да ја преземат улогата на врховни арбитри и да го супституираат независното судство. Тоа би било пат не кој јакнење, туку кон уривање на правната држава.

Почитувани пратеници, дијалогот помеѓу политичките партии околу новата изборна регулатива и утврдувањето на терминот за одржување на следните парламентарни избори е веќе отпочнат. Ве уверувам дека главниот избор околу утврдувањето на изборниот модел како и другите придружни закони кои ќе ги регулираат условите за одржување на идните парламентарни избори ќе го имаат политичките партии. Владата ќе ја

преземе на себе улогата, решенијата околу кои ќе се постигне најширок консензус, да ги преточи во конкретни законски проекти, се разбира, почитувајќи ги и постоечките меѓународни норми и стандарди и да ги достави до Собранието на Република Македонија. Убеден сум дека тоа е најдобриот пат за организирање и одржување на избори чиј легитимитет нема да биде од никого оспорен и во термин околу кој ќе се постигне политички договор, но кој во исто време е реално можен.

Би сакал да ја искористам оваа прилика и на досегашните членови на Владата, кои од едни или други причини не се најдоа на листата за состав на новата Влада, да им се заблагодарам за досегашната соработка и придонес.

Требаше да се има храброст и воено вакво време исполнето со проблеми и тешкотии, да се прифати предизвикот, но во исто време и ризикот да се биде на најистурените позиции.

Почитувани пратеници, во убедување дека секој член од новопредложената владина листа поодделно и Владата во целина, ќе даде се од себе за остварување на виталните национални и државни интереси на Република Македонија.

Ве повикувам да ја дадете својата поддршка за поднесениот предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин претседателе, господин претседателе на Републиката, господин претседателе на Владата, кандидати за министри, драги пријатели, го слушнавте излагањето на премиерот и имаме потреба бидејќи сега е поделен текстот да имаме пауза барем од еден час, да можеме да направиме некои договори околу настапот, доколку мислите дека треба да се овозможи настап и на луѓето од опозицијата, а мислиме

дека тоа е и ваш интерес да одиме сега на пауза барем од еден час да можеме да видиме што навистина кажал премиерот зошто избираме, Влада, зошто разрешуваме стара Влада, па да можеме да се вратиме овде да расправаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

(Пауза до 15,30 часот)

II/1.- СП-ВБ

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,45 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Дали некој бара збор, ве молам? (Никој)

Ако никој не бара збор да го заклучам....

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван Претседателе на Републиката, почитуван претседателе на Собранието , почитуван премиер,кандидати за министри, почитувани колеги.

Премиерот поради лошото сфаќање и практикување политиката ја издевалвира до крајни граници и ја доведе до апсурд и бесмисла бидејќи таа има смисла само доколку ги разрешува проблемите и доколку нуди реални, прифатливи, пожелни и остварливи програми. А тој нас денес не не удостои со прикладен говор, како да е ова собир на месна заедница, а не највисокиот законодавен и претставнички дом на граѓаните иако тоа му е уставна обврска.

Затоа ќе се обидам преку изнесување на мојата вистина низ објективни факти да дадам скромен придонес за промена на сликата кај еден дел од граѓаните за водењето на политиката на премиерот која, се разбира, покрај од фактите зависи и од субјективните впечатоци.

Условите во кои премиерот за четири ипол години ни предлага дури четврти состав на Влада, се далеку подлабока економска и политичка криза во земјата што брзо се развива со тенденција за нејзино опасно радикализирање за разлика од септември 1992 година кога Бранко Црвенковски првпат ја добива премиерската функција.

II/2.-

Премиерот се одлучи на ваков чекор по само два месеци од изгласаната доверба на Владата во Собранието, по мое мислење, од следните причини:

Прво, затоа што Владата му се распадна како меур од сапуница, Второ, за да го оддолжи закажувањето на неопходните предвремени парламентарни избори и оневозможи избор на техничка Влада и

Трето, за да се заштити себе си отстранувајќи ги и заштитувајќи ги министрите до гуша заглавени во афери со криминални дејанија.

Во стариот систем популарна беше тезата дека системот е добар, но дека луѓето не чинат заради погрешно водење на политиката поради што тој се распаднал. Сега премиерот ја извртува истата теза и со своите постапки сака себеси да се претстави како човек што вреди, што е чист и неизвалкан, што е, верувам, последна надеж на дел од членовите и симпатизерите на СДСМ после настапот и силните ветувања за ТАТ, а дека луѓето околу него "не се добри и затоа е попречуван во намерите да оди до крај во спроведувањето на реформите и борбата против криминалот.

Притоа заборава дека изборот на луѓето го вршеше сам, се разбира, во соработка со коалиционите партнери. Колку погрешно го правел тоа зборува податокот дека до сега предложил над 50 лица за министри во Владата. Од нив не сметајќи го него, од 1992 година наваму остана само г-ѓа Софија Тодорова. Дали тој не знаел да направи вистински избор, дали некој му наметнувал погрешни решенија или пак е точно она спротивното - дека тој не чини, па треба да си оди, ќе видиме. Да се изразам со спортски жаргон, ако една екипа менува 4 состави заради слабите резултати и излегување до лигата, не се одговорни само играчите, туку и селекторот кој треба да си оди заедно со нив или дури пред нив.

II/3.-

Премиерот се заложи себеси и својот авторитет најавувајќи хируршки рез, а не лек со аспирини, без да бидат поштедени СДСМ ниту пак "свети СДСМ" со тресење на поединци и институции по хоризонтала и вертикала, преземајќи огромен ризик, но од сето тоа испадна онаа народната "се тресеше горага - се роди глушец" или што би рекол веќе сменетиот министер Фрчковски "сето тоа заврши како издуван балон".

Како што милуваат нему блиските медиуми да го нарекуваат млад и талентиран политичар, тој испаѓа дека е од сето тоа само млад, вешт и способен да остане сам на власта покрај тоа што промени четири Влади и неколку десетици министри, туркајќи ги сите освен себе, но сепак мислам дека тој ги загуби сите битки и прашање е на денот кога ќе капитулира и ќе го признае поразот.

Премиерот и владиното мнозинство предлагајќи избор на нова Влада го кршат Уставот најмалку по три основи:

- Предлагаат состав на нова Влада иако според Уставот оваа Влада е заштитена од барање доверба најмалку 90 дена,

- Затоа што се врши избор на нова Влада без претходно премиерот да поднесе оставка и да го врати мандатот,

- Затоа што премиерот предлага Влада без да поднесе програма за нејзината работа иако членот 90 од Уставот вели: "Владата на предлог на мандаторот и врз основа на програма ја избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието", што значи дека првиот услов за избор на Владата е исполнет, го имаме предлогот, меѓутоа, вториот услов програмата сеуште ја немаме.

Раширените тези на СДС дека тие не се најдобрите, но дека сите други алтернативни партии се полоши, бидејќи, доколку тие дојдат на власт во земјата ќе има нереди или приближувања кон некои од соседите и дека ќе крадат повеќе отколку што тие успеале до сега, бидејќи доволно се изнакрадоа во досегашниот период, се апсурдни

II/4.-

и во нив веруваат мал број граѓани. Нашиот човек се повеќе го изострува чувството за неопходноста од промени,па нив нема кој и што да ги спречи, колку побрзо ќе дојде до нив, толку подобро, се разбира, за сите нас.

Промените не се неопходни само за да едни се сменат од власта за да дојдат други, туку за да власта ја преземат луѓе кои ќе имаат визии како земјата да ја извлечат од пред амбисот, да го прекинат застојот во реформите, се разбира, за доброто на сите нас.

Во спротивно оваа власт која е доволно корумпирана и за- главена во својата неспособност и криминалот што сама го произведе, ќе не турка во уште поголема пропаст со тешки и непоправливи последици,

Уверен сум .дека на повеќето граѓани им е дојдено преку глава од разните ветувања, пароли, историски говори на премиерот и дека тие очекуваат брзи и конкретни резултати.

Премиерот кој е без чувство на реалност, објективно вреднување на постигнатото, секогаш се обидува сите слабости и промашувања да ги правда со вечниот процес на транзиција, блокадите и опкружувањето што не може вечно да трае.

Едноставно, премиерот нема визии за тоа какви реформи треба да се направат, ниту пак знаење и умеење за нивно осмислување, водење и реализација поради што стануваат апстрактни залагањата за правна држава и пазарна економија, бидејќи малку од тоа се остварува.

Цената што моравме да ја платиме е превисока, поради што социјалната издржливост е се помала за голем број граѓани поради што расте и незадоволството.

На сметка на огромниот број граѓани за брзо време од сомнителните зделки и матни приватизации се збогати мал, тенок слој на луѓе новопечени богаташи таканаречени пиљарско - шлеперска

буржоазија кој оо малку ум и многу добри врски со царината, полицијата и одредени кругови од државната управа кршејќи го ембаргото за кратко време направија многу пари. Сега купуваат фабрики, возат луди автомобили, градат палати, децата им студираат во странство или пак капиталот го селат во странство. Притоа, никој не ги прашува за потеклото на имотот, ниту пак нешто некој им може. Дури и се повеќе одлучуваат ј во политиката што е цинизам од прв ред додека бројот на оние на чиј грб се збогатија што буричкаат по кантите за ѓубри по корка леб, рапидно се зголемува. Тоа е тажната приказна, за жал, за нашата транзиција.

Не го поддржав премиерот за двете претходни Влади, се разбира не ни помислувам да го поддржам ни сега, бидејќи како времето одминува Македонија добива се послаби влади кои воопшто не влеваат надеж за успех и доверба. Ова го велам од следните причини:

Власта не е во состојба со приватизацијата да создаде здрава и ефикасна приватна сопственичка структура туку само пренос на општествениот капитал во рацете на мал број луѓе кои вешто ги искористиле своите позиции.

Затоа што процесот на приватизација како еден од столбовите на реформите неуспешно го управува и го остава да се одвива стихијно како и до сега.

Заради тоа што е врвна демагогија и груб цинизам палењето со меѓународната поддршка за големите успеси на власта кога се знае дека официјалната политика е одговорна за состојбите во земјата, бидејќи луѓето се свесни дека работите се поинакви и дека козметичките разубавување не помагаат.

Бидејќи инфлацијата ја претставуваат како врвен успех на Владата иако таа е, пред се резултат на рестриктивната монетарна политика и кога се знае дека причините за нејзиното постоење воопшто не се отстранети.

II/6.-

Кога се знае дека македонското стопанство е во нок-даун и пред банкротирање, бидејќи работи само со 30% од искористеноста на производните капацитети, кога се знае дека вкупните долгови на стопанството се поголеми за околу 15% од вредноста на вкупниот капитал.

Кога се знае дека бројот на невработените достигна 237 илјади што изнесува стапка на невработеност од 35% што е најголема во Европа а веројатно и во светот. Ако на тоа се додадат и вкупно 120-те илјади стечајни работници чиј број од ден на ден се зголемува состојбата е повеќе од алармантна. Оваа Влада годишно остава без работа десетици илјади луѓе, а не може да создаде услови за нови вработувања.

Кога се знае дека девизниот курс е нереален, преценет и дека го уништи извозното стопанство кое со такво курс не може да ја издржи меѓународната конкуренција дури и при услови на висока продуктивност и еднакви услови поради нерешениот проблем за повраќање на даноците и царините.

Затоа што не обезбеди донесување на законска регулатива што ќе обезбеди непречена конкуренција, рамномерен развој, функционирање на сите видови на пазар, стоки, пари, капитал, работна сила, осигурување во случај на невработеност и синдикално организирање.

Заради необезбедувањето на соодветни услови за брз развој на малите и средни претпријатија кои треба да ја донесат динамиката на прилагодливост на нашето стопанство.

Заради потценувачкиот однос кон селото и земјоделието кое без изработка на стратегија за развој, без доволно средства за субвенции, без добра кредитна политика и без соодветна даночна политика не може да обезбеди стабилност иако е важна стопанска гранка.

Затоа што Република Македонија е единствена земја во светот каде преку една половина од општествениот развој се троши за јавни потреби,а секаде во светот тој процент е помеѓу 18 и 32.

Заради немање стратегија за отстранување на заостанатиот и тековниот дефицит во фондот за пензиско осигурување поради противзаконското исплаќање на плати во натура и бонови, надвор од легалниот платен промет и непријавувањето на вистинскиот број вработени.

Трговскиот дефицит според едни е 660 милиони долари, а според други корегирани податоци 480 и покриеноста на увозот со извоз од само 58% го најавува крахот на економската политика,што ја води премиерот, доколку не се преземат соодветни мерки.

Без нови инвестиции, се разбира, нема развој, нема нови работни места. Република Македонија сеуште не е интересна за директни странски вложувања, дел поради ризичноста на просторот, меѓутоа и дел поради неспособноста на одговорните да преземат соодветни мерки што ќе гарантираат правна сигурност на странските инвеститори и одредени бенефиции и олеснувања. Се додека Република Македонија лошо котира и додека се наоѓа на дното на ранг-листата на нестабилните земји тоа ќе биде така, а странските пари ќе доаѓаат воглавном само во вид на кредити кои служат за отплата на достасаните главници и камати и за репрограмирање на долговите.

Затоа што неодговорноста се институционализира поради што сведоци сме на крупни политички и криминални афери што никогаш не добиваат свој јасен и дефинитивен одговор, а камо ли судски епилог иако се знае дека во нив беа замешани високи личности од власта.

Затоа што длабоката морална криза доведе до деморализација, чувство на бесперспективност и апатија кај голем број на луѓе, а посебно кај младите кои се почесто излезот го бараат во алкохолот, дрогата или иселувањето во Нов Зелан или во некоја од другите прекуокеански земји.

II/8.-

Заради конфузната состојба во државната управа и дуализмот во примената на прописите за нејзината работа што лошо влијае врз демократските процеси во областа на политичкиот систем и остварувањето на човековите права и слободи.

Затоа што нема никакви резултати од истрагата по атентатот на Претседателот на државата поради нејзината политичка блокираност и стерилност што земјата ја доведе до немоќ пред инспираторите, сторителите и организаторите на истиот.

Поради политиката која сите граѓани ги прави зависни од добрата волја на државата заради нејзината социјална помош.

Заради загрижувачките состојби во здравството во кое сеуште не се отпочнети вистински реформи ниту во здравствената дејност ниту во здравственото осигурување, а уште помалку во здравствената заштита и во производството и прометот со лекови што наместо рационалност и економичност и висок квалитет обезбеди безброј афери со милионски суми.

Заради организираниот криминал што се појави како неминовност затоа што наместо правна држава и владеење на правото со општествените процеси управуваат корумпирани и загазени во криминал државни структури и политички групи кои претставуваат интересен слој на лоби групи со јасни цели за зафаќање на доминантна економска и политичка позиција и моќ и нејзино трансформирање во политичка власт.

Затоа што заштитните механизми не се ефикасни бидејќи власта што сама ги создава аферите сама ги открива потоа, се разбира, не може да ги решава, па затоа ги заташкува.

Заради влошувањето на меѓунационалните односи кои никогаш не биле на пониско ниво отколку што е денеска и дневно политичките пазарења со партиите на националностите заради зачувување на власта по секоја цена, како што беше примерот со вештачката територијална поделба на Републиката.

На крајот би сакал да кажам дека од сето ова што е предложено како состав на нова Влада очигледна е намерата за создавање на еден нов лев политички блок во Република Македонија заради блискоста на односите на СДСМ и СП што само по себе зборува за апсурдноста на политичката сцена во Македонија затоа што ако се присетиме на последните избори СДСМ и СП настапија како лути конкуренти, меѓутоа, овој пат интересот да се остане на власта е, се разбира, повисок и се забораваат сите оние остро изречени зборови и од г-динот Иванов, претседател на СП кој рече дека се фалат дека се државотворна партија, а ниту кокошарник во животот не изградиле, на што г-динот премиер му возврати со зборовите дека СП тежнее да ја приклони Македонија кон Север. Дали тоа значи дека во моментот премиерот ја прифатил концепцијата на г-динот Иванов што може да не доведе до губење на идентитетот.

Исто така би сакал да кажам две мои размислувања во врска со персоналниот состав на Владата.

Прво, изненаден сум од предлогот премиерот за министер за одбрана да го предложи г-динот Лазар Китановски, имајќи го предвид фактот дека за време на изборната кампања во 1994 година бил шеф на обезбедувањето на Сојузот за Македонија посебно поради познатата афера "Хард-рок" која до ден денешен остана нерасчистена можеби на премиерот доминантни му биле неговите способности за диверзантски дејствувања, па поради тоа му предложи така висок ресор во Владата на РМ, како што сум изненаден и од предлогот претседателот на Владата повторно за министер за труд и социјална политика да го предложи г-динот Насер Зибери со можност дури да напредува во вице-премиер на Владата, доколку се испоставaт, како точни, податоците, а тоа најдобро го знае г-динот Чокревски дека во моментот во Центарот за социјални

работи кој се наоѓа под директна надлежност на Министерството за труд и социјална политика под полициска присмотра се наоѓаат 9.800 решенија за добивање на еднократна материјална помош од кои се претпоставува дека 6.000 се фалсификувани поради што на државата и е направена огромна материјална штета од околу 30 милиони денари или милион ипол ДМ, па би го замолил пред да се одлучи за дефинитивниот состав да ги провери тие сознанија.

Се сеќавате дека премиерот при изборот на претходната Влада ни вети дека за доброто на граѓаните на РМ министрите од Владата нема да се штедат и ќе работат по 24 часа на ден како поранешните реал-социјалистички херои на трудот работеа по 24 часа и видовме до кое дереџе не доведоа. Затоа им препорачувам на новите министри во Владата да работат како сите нормални луѓе толку колку што можат физички да издржат за да не ја доживеат истата судбина на претходната Влада која заврши неславно по само 15-тина месеци.

На крајот би завршил со тоа дека преговорите со политичките партии премиерот непотребно ги оддолжува и овој чин на избор на нова Влада значи дека на есен нема теоретски шанси да има предвремени парламентарни избори, бидејќи сериозен премиер не би правел темелна реконструкција доколку смета дека со новата екипа на луѓе треба да работи само неколку месеци.

Конечно да завршам немам доверба во премиерот кој до крајни граници го девалвира највисокиот законодавен и претставнички дом на граѓаните на РМ, ќе повторам, како да е месна заедница и затоа мислам дека најдобро решение не е избор на нова Влада, туку оставка на сегашната Влада, избор на техничка Влада и одржување на предвремени парламентарни избори за да може одговорноста за развојот на државата во наредниот период да ја преземат други сили кои ќе гарантираат брз излез од кризата.

Благодарам.

II/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека ми е обврска да укажам на некоректноста на квалификативите "луѓе со малку ум, а многу пари".

Второ, ги молам сите идни дискутанти сепак да го чуваат достоинството на овој Парламент.

III/1.-НН/ЉР

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Почитуван претседателе на Република Македонија, дами и господа, и членовите од Владата,

Предлог на премиерот за темелна реконструкција на Владата јас го сметам како резултат на многубројните грешки во свое досегашно работење. Со овој акт премиерот го користи своето уставно право да му предложи на Парламентот нов состав на Владата како единствената шанса за изнаоѓање решение во овие економски ситуации и колапс што го зафати Република Македонија. Со оглед на фактот дека многу од државните институции заедно со извршната власт, вклучувајќи тука и Парламентот како законодавен орган се главни виновници за сегашната состојба во земјата. Една ваква оценка постои кај голем број граѓани во земјата поради голем број афери во финансискиот систем, организираниот криминал и ред други работи кои се случија во последното време.

Правата реконструкција беше во почетокот на 1996 година. Во своето образложение, за првата реконструкција г-динот Бранко Црвенковски нагласи дека тоа го прави за да ги отстрани појавените слабости кај одделните министерства, но за жал сите тие слабости како причина за првата реконструкција не само што не беа отстранети за овој период, за жал кризата повеќе се продлабочи во земјата.

Досегашната влада во сферата на меѓунационалните односи неа не постапил коректно. Наместо да се создаде поповолна клима за унапредување на овие доноси Владата заедно со овој Парламент, бидејќи да не го обвинуваме само Владата, заедно со овој Парламент, повторувам со своето политичко делување допринел за влошување на

овие односи. Како пример јас во овој случај ќе спомнам протестите организирани во почетокот оваа година против универзитетското образование на Албанскиот јазик.

Владата заедно со овој Парламент и многу други институции на државата не презентирајќи реалната слика во врска со албанската положба во земјата пред меѓународниот фактор го изгубил политичкиот кредибилитет кај албанците и како причина за ова веќе не уживате авторитет кај нас албанците. Понатаму, екстремниот став на Владата или да кажам одлуката која е уште на снага, кој се однесува кон Тетовскиот Универзитет и невклучување на оваа научна институција во рамките на финансискиот систем претставува случај без преседан. Ваквиот став дискриминаторски со што се амортизираат сите можности за меѓусебна толеранција и меѓусебно почитување. Токму тоа досега го направиле многу државните институции, не само Владата. Со оглед на тоа што во ова седница ние расправаме по Предлог на премиерот за новиот состав на Владата чувствувам како потреба да ги набројам неколку проблеми кои преставуваат затвааше на сите перспективи, перспективни патишта на оваа држава.

Господо, од Владата и од Парламентот непочитување на албанските интереси од страна на овие институции претставува историска грешка. Грешка која не може д асе преголтнува. Во овој момент исто така би сакал да го изнесам и моето мислење во врска со последните настани во општина Гостивар. По се изгледа, ние добивме впечаток дека во секој случај во внимание се албанците. Би било многу хумано и чесно да не се создаваат вештачките тензии и исто така не треба да извршите притисок кон градоначалникот и Советот на општина Гостивар. Би било многу коректно да ги оставите во мир за да имаат

можност овие господа од Гостивар да се занимаваат со проблемите на граѓаните. Бидејќи во врска со употребата на албанското знаме кое е национално постои историски континуитет од Османлиската империја. И тогаш се употребил во сите места каде што живееле албанците.

Г-да пратеници и сите тука присутните во овој Парламент наместо ние албанцате исто така како што вие се залагате за решавање на економските проблеми, но во неможност ние да се занимаваме со овие проблеми бидејќи имаме многу други проблеми нерешени, секогаш кога се во прашање овие промени ние се занимаваме со овие прашања.

Имајќи го во предвид дека кризата во РМ не е само резултат на економските настани или некои други афери, но кризата во РМ е резултат на нерешавање на албанскиоит статус во оваа држава. Една држава која не е политички стабилна не може и економски да биде стабилна. Јас во почетокот, во првиот состав на овој Парламент кога беше изборот на претседателот на Државата, како единствен кандидат беше г-динот Киро Глигоров, јас многу добро се сетам, дека тогаш г-динот, сегашниот претседател, не прифатил кандидатурата ако нема поддршка и од страна на албанските политички партии. Таа декларација се примил многу позитивно од страна на албанците. Бидејќи имал својата политичка тежина. Но за жал да нагласувам пред овој Парламент од 1991 година наваму сите институции тука, вклучувајќи и најголемата државна институција и претседателската функција во оваа смисла, во решавањето на некој крупен проблем кој ги поврзува интересите не само албанците и на државата не се решаваат. Јас го користам исто така прилика претседателот на државата бидејќи е изборот на Владата јас сам свесен дека оваа точка на дневниот ред не е поврзано со ова државна институција, меѓутоа во моето излагање јас реков дека

одговорност за положбата на албанците и за нерешениот статус на Тетовскиот Универзитет сите државни институции на оваа држава сносат одговорност, вклучувајќи тука и претседателската функција. Ниедна државна функција досега не е имал смелост, или храброст да излезе пред јавноста дека барањето на легализирање на тетовскиот Универзитет е реална потреба на албанците, но секој, во секој случај, во секоја прилика изманипулирал со оваа научна институција што ни е фер.

Јас во овој момент не би сакал уште еднаш, го повторувам да го фрлам сето тоа вина врз Владата, но дел од вината исто сноси и Парламентот и другите државни институции. А кризата г-да не може да се решава без еден дијалог со албанскиот пат.

Прво, во РМ треба да се надмине политичката криза, па тогаш сите државни институции треба да стапуваат кон решавање на економските проблеми. Стварно граѓаните на РМ се загрижени, а поготово во овој момент и албаците кои во секој момент се искористат за некои, би рекол, изманипулирање, дури и на меѓународниот фактот и кога се проблемите сосема од друга природа.

Јас не би сакал повеќе да одземам време. Ние секогаш некои работи ги изнеосвме пред овој Парламент и пред Владата, но уште еднаш го користам приликата не треба да се измамиме иои да направиме некоја, би рекол, дури манипулација со јавност дека проблемот во РМ само е економски проблем. Проблемот во РМ е и политички проблем, а се знае кои се тие проблеми кои стварно, јас мислам дека треба да има прави луѓе кои еден ден да се соочават и да ги решаваат овие проблеми.

Уште еднаш, ние неколкупати го повторуваме тоа токму од овие причини, токму од овие недоразбирања бившата Југославија пропадна. Ние ако сакаме да створиме една држава заедничка со принципот на сожителство, тогаш мора да ги решиме и некои проблеми.

Толку - фала.

III/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Рами Тура.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседател на државата, почитуван претседател на Парламентот, почитувани пратеници?

По втор пат дискутираме за реконструкција на Владата и по овој повод се поставуваат многу прашања, а јас пред се поставувам неколку прашања.

Прашувам, колкупати ќе треба да се врши реконструкција на Владата а да чекаме во бесконечност позитивни движења и позитивни резултати во животот на Македонија:

Второ, со такви аргументи, предвидувања и програма реконструктивните ресори ан Министерството ќе внесуваат нов квалитет во животот и во сите текови на животот на Републиката.

Граѓаните на РМ не веруваат многу на ветувањата без покривка. Еве неколкупати се ветува пред овој Парламент дека одлучно ќе се работи во решавањето на проблемите кои го оптеретуваат животот во РМ. Проблемите се очевидни. Централизираната власт доведе до рушење на економската моќ, а поврзана со ова следува невработеноста која- ги доведе граѓаните на ивица на егзистенцијата.

Бирократизмот изникнал во многу пори на животот на Македонија. Организираниот криминал и корупција, политичката и социјална криза, провокациите и вештачките искенирања набавно за да не се рушат темелите на РМ а со тоа се стварата меѓуетнички тензии и конфликти.

Негативниот став на Владата за институционализирање односно финансирање на тетовскиот Универзитет е еден проблем. После

одбивање на барањата на албанците за стекнување на државјанство со кое Министерството на внатрешни работи фабрикува непријатели во Македонија со цел тие граѓани да не можат да ги уживаат основните граѓански права и слободи. Кога дискутирам за овој проблем го имам предвид Законот за стекнување на државјанство особено член 7 по кој граѓанинот кој го ризикува интегритетот на Македонија не може да биде граѓанина на Македонија. Всушност се работи за луѓе кој на никакво начин не го ризикуваат интегритетот и стабилноста на РМ.

Одолговлечувањето, односно недонеусвање на Законот за денационализација претставува исто така еден посебен проблем. Понатаму, поробените девизи останува како проблем. Уривање на пирамидалните штедилници, понатаму Владата инструментализирајки го Парламентот досега донесе низа реструктивни закони кои створаат незадоволство не само кај албанците туку и кај другите граѓани на РМ. Непријателското расположение на Владата кон духовната култура, позитивното наследство, образованието, тетовскиот Универзитет, јазикот на албанците, знамето и другите симболи национални ствара незадоволство кај граѓаните.

Во текот на овие 6 години на македонската демократија ен го достигнавме ниту тоа што го имавме за времето на монизмот, а сега Владата на РМ ја искористува ситуацијата во Албанија и во Косово и ги ограничува правата и слободите на албанците во РМ.

Јас не сум убеден дека оваа Влада ќе се заангажира за решавање на албанското прашање како контитутивен народ. Изгледа и ова нова реконструирана Влада ќе води политика на два аршина. Една политика надворешна, со меѓународниот фактор, а друга внатрешна политика што не е во кохерентна врска со првата. А што се однесува за политиката на еквидистанцијата кога е зборот за Албанија и Косово таа политика како

да е суспендирана. Кога го зборувам ова, имам доста аргументи и факти, но да напоменам само еден проблем. Немање добра волја за признавање на дипломата на кадрите, а тие се по моите забелешка околу 400 кандидати кои што завршиле факултет по универзитетите во Албанија. Тие ги завршиле своите студии во Република Албанија и Косово, а сега на нив не им се признаваат дипломите во Македонија, така да тие се принудени да се бават не со својата професија туку да работат како работници обични, или пак да одат на печалба и да скитаат по светот.

Сакам да напоменам дека само во Струга има околу 30 кандидати и меѓу нив лекари, инженери, економски, професори и друго кои не можат да се бават со својата професија, дури не можат да отвараат некоја приватна фирма за да се бават со својата работа.

IV/1.-СС/МЛ

**РАМИ ТУДА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Владата, во текот на минатиот период не најде за сходно да ги рехабилитира албанците, а посебно интелектуалците, казнети и диференцирани, суспендирани и малтретирани, понижени во периодот на монизмот. Тие луѓе, дискриминирани со децении до ден денеска се без работа или пак се претворени во печалбари. Некои од нив имаат и научни звања.

Ние, пратениците па и министрите албанци не можеме да служиме како статисти, како декор во овој Парламент и Влада и да го заборавиме интересот на народот што го претставуваме, асето тоа да служи на политичките цели, т.е. одржување на власта на Социјал - демократите и Социјалистите за што ние немаме мандат.

Живи сведоци сме дека граѓаните на Македонија длабоко го чувствуваат падот на животниот стандард, т.е. тешкото живеење, а новата владина екипа не веруваме дека ќе спроведе реформски курс, ниту пак ќе може да ги разрешава економските, социјалните, политичките, националните и други витални проблеми на граѓаните на Република Македонија.

Па затоа, јас сум против ваквата реконструкција на Владата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Љубисав Иванов има збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе на државата, почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници,

Сепак, Парламентот не е место за евоцирање на спомени од поблиското и подалечното минато. Меѓутоа, еве имаме и такви прилики

затоа што сме определени како држава за слобода и права. Јас и понатаму останувам на мојата теза дека изградбата на еден кокошарник не е сложена и тешка работа, ама ширењето на неговата реа посебно во едно вакво место ќе признаете дека ја загрозува човековата околина.

Според тоа, мислам дека за се треба да има мерка и ниво.

Тоа што некои кажуваат дека се создаваат нови блокови, мислам дека одамна е излитена работа и фраза, затоа што блоковите веќе пропаднаа, Источен и Западен. Се урна и Берлинскиот зид. Според тоа, мислам дека таквите тези, таквите настојувања да се повратат, да се создадат ладни војни се одамна, одамна работи што се веќе и заборавени и кај старите и кај младите.

Дотолку повеќе што ние тука треба да зборуваме за една Влада, било да е таа реконструирана или нова, да зборуваме каква треба да биде таа влада и со какви проблеми треба да се зафати.

Јас ниту една влада и никогаш не сум ја штедел и никогаш не сум зборувал и не сум кажувал за недостатоците а и проблемите што треба да ги решаваат. И овој пат во тој правец сакам нешто да кажам.

За мене е битно:

- дали оваа Влада останува на реформските принципи,

- дали ќе ги довршиме реформите што ги започнавме во нашата држава,

- дали оваа Влада, ваква каква е понудена останува на пазарната економија, на пазарните принципи,

- дали оваа Влада, каква е понудена, останува на демократските принципи, на почитување и развивање на слободата и правата на граѓаните,

- дали ваквата Влада, каква е понудена е поблиска до народот, посебно на оној дел на нашата популација што значи работник

селскостопански производител, креативни сили, интелектуални сили, на оној дел кој почнува да го развива бизнисот,

- дали е таа поблиска и дали го чувствува пулсот на тој дел на народот, особено на делот што ја создава материјалната база,

- дали оваа Влада, треба да зборуваме, е способна и е поблиску до разрешувањето на тешките економски проблеми во кои што западнавме во транзицијата, во кои што западнаа и многу земји што се во транзиција, без оглед што некои, помалку или повеќе, ние денеска можеме да видиме дека и земји за кои што зборуваме дека постигнале многу позначајни резултати, како што се Полска, Чешка, Словенија, Унгарија и тн. сеуште не го достигнаа нивото од 1989 година. Некои повеќе, некои помалку и под тоа ниво. Според тоа, транзицијата бара и нужност на плаќање на еден данок и колкав е тој данок и што можеме сега од целата таа работа да направиме да почнеме да излегуваме од оваа криза и да почнеме да се развиваме.

Гледајќи го составот на оваа Влада јас мислам дека е направен еден доста долг чекор напред. И ние, во оваа ситуација треба да ги насочиме своите напори и да укажеме дека таа Влада на кои проблеми сега треба најмногу да посвети внимание. Особено имајќи предвид дека оваа Влада пред себе има краток временски период. Оваа Влада го нема тоа право на чекање од 100 дена затоа што времето е кратко. Затоа што имаме големи жаришта. Жаришта кои што мора да се разрешуваат и да се спречи создавање на нови жаришта.

Како никогаш досега ние треба во таа насока да ги сплотиме силите и да се ангажираме. Уште повеќе затоа што веќе гледаме како се нарушени националните односи и состојбите на тој план во државата. Според тоа, од секого од нас се бара и одговорност и одговорно однесување и да придонесеме на тој план тие проблеми да се разрешуваат.

Ние, само ако сите бидеме и сите сакаме својата енергија да ја ангажираме за доброто на државата и за излегување од оваа состојба го дадеме секој својот придонес, ние најдобро ќе се оддолжиме на своите избирачи.

Ако во оваа ситуација најголем проблем е економскиот проблем за кој што најмалку 100 пати тука сум зборувал, тогаш мислам а и се договоривме така и како партнери во Владава на тој економски проблем да се посвети најголемо внимание. Токму од тие причини во Владава, еве гледате дојдоа поголем дел оперативни сили кои конкретно, практично ќе можат да се зафатат со тие проблеми. Да го почнеме процесот на инвестирање, да го почнеме процесот на вработување, да почнеме да ги активираме нашите фабрики, да почнеме да градиме нови објекти, да ги отвориме пазарите. Тука секо^ треба да го земе својот дел.

Делот на Министерството за надворешни работи. На тој план Министерството за надворешни работи постигна, 100 пати сум рекол, доста високи резултати. Треба да се продолжи со таа политика. Но тоа Министерство, бидејќи економскиот дел се наоѓа кај него, тоа Министерство, еве имаме и нов министер тука, сега треба да вложи големи напори да ги отвори пазарите во светот, да се разрешат многу билатерални односи, да се укинат разни ограничувања, високи царини, контингенти и тн. Сега тука треба да се ангажираат силите, но на сите. Во тие контакти што ги имаме како партиски групи, како пратенички групи во разни контакти со пратенички групи на други парламенти, многу посети, многу контакти ние ги употребуваме да ги искажеме нашите несогласувања, нашите меѓусебни проблеми. А, не зборуваме за овие проблеми да ги наметнеме. Решавањето на економијата ги разрешува сите проблеми, па ако саката и меѓунационалните. И проблемите во

здравството и проблемите во школството и проблемите во спортот и тн. Богата држава е во состојба да го подигне богатството на сите нивоа.

Според тоа тука треба сите министерства да се ангажираат на тој план. И не само тие. Целата структура во државата. Па, ако сакате и тој правен систем што го имаме каде доста се отиде напред да се осамостои судството. Еве, тука користам можност да кажам дека и тоа Министерство за правосудство направи доста да се изгради таа нормативa. На некој начин се оформи тоа судство. Меѓутоа, сеуште многу луѓе, многу судии создаваат одредени жаришта и проблеми било во политичката сфера, било во економската сфера. Еве и случајот со Вевчани што е отворање на едно ново жариште што практично се наметнува и поради влијанието на политиката и поединците и тн. Ако сакате многу одлуки и во сферата на економијата, на стопанството каде што имаме надворешни влијанија и тн. итн. И, тука ќе треба сега новиот министер, стариот тоа се не можеше да го реши, да ги вложи напорите судството да стане самостојно и да одлучува по Уставот, по законите со кои државата располага.

Ние, мораме да сфатиме дека сме мала држава. Не сме ние некоја веле сила па внатре да се делиме, караме и расправаме. Ние треба да зборуваме за сите негативни појави, но истовремено и да предлагаме како да се решаваат. Нашите поделби, нашите караници само ги усложнуваат состојбите во државата. Според тоа, било какво кукљарство, било какви навреди, било какви напади не водат кон решавање на овие најзначајни работи со кои ние се среќаваме. Токму тука треба да зборуваме. Тие проблеми што стојат, како да ги разрешуваме тие проблеми.

Јас мислам дека ако тука изградиме еден консензус и позиција и опозиција и ако ги насочиме сега сите сили користејќи и домашна акумулација, па ако сакате користејќи го и Буџетот како инструмент,

користејќи додатна акумулација која би дошла од надвор и тн. да почнеме да создаваме, да почнеме да работиме, да почнеме да инвестираме, да отвораме нови работни места. Мора да се има тоа чувство и економијата, решавањето на проблемите во економијата, треба сега, мора оваа Влада да го прифати тоа како најзначајна приоритетна задача. Да ја троши својата енергија во таа насока, во најголема мерка. Можеби и 90%. Тоа е проблемот со кој што треба да живееме и проблем што треба да го решаваме. И сите во тој правец. Мислам дека тука и опозицијата треба да врши притисок и да предлага решенија.

Само да се констатира каква е состојбата добро е и тоа да се каже, но да не се предложи, а секогаш и сум предлагал како да се решаваат проблемите, тогаш нема излез од таа ситуација. Дајте, во тој правец, а имајќи предвид дека останува еден краток период, па дури и до крај да се истера овој мандат е краток, а веројатно и порано ќе се оди на избори, не останува друго туку уште од утре оваа Влада да се зафати со најгорчливите прашања во државата и да ги решава како да се свои прашања, како да се свои проблеми, својски да пријде на тоа. Да седне како единствена да тражи решенија.

Да го оставиме реваншизмот, да ја оставиме осветољубивоста да ги оставиме сите други работи. Нема помило и подраго и позначајно од оваа држава, од овој свој народ. Според тоа, тука треба сега се да се вложи, напори, енергија, сили, луѓе, концентрација, капитал, се, да се разрешуваат проблемите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Поповски Љубомир.

IV/7.-

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Републиката, почитуван премиеру, почитувани кандидати за членови на Владата, почитувани колеги.

По нешто повеќе од година дена повторно сме исправени пред еден сериозен настан во нашата не богата парламентарна демократска практика, а тоа е реконструкција на Владата.

Како што ви е познато, овој потег премиерот на Владата на Република Македонија го најави пред два месеци. По интензивните и би рекол ниту малку лесни и внатрепартиски и меѓупартиски консултации во владината коалиција, по секојдневните очекувања на јавноста, домашна но и странска, предлогот за реконструкцијата на Владата е пред нас.

Овој предлог, веднаш да истакнам, парламентарната група на СДСМ го поддржува, за него ќе гласа со искрена верба дека во иднина ќе имаме уште подобра и попродуктивна соработка на сите пратеници со министрите, а сето тоа во интерес на Република Македонија и нејзините граѓани за што поуспешно и поефикасно решавање на горливите проблеми во државата и оние од секојдневниот живот на граѓаните.

Пред да ги образложам причините поради кои парламентарната група на СДСМ ќе гласа за предлогот на премиерот, дозволете само неколку куси забелешки за суштинското значење на самиот чин на реконструкцијата на Владата:

1. Сосема е нормално и природно да се очекува дека промените од ваков вид ќе донесат извесни подобрувања во вкупниот живот во земјата.

Нема причини во тоа да не веруваме. Напротив, јас сум убеден дека со овој состав на Владата што денеска ќе го избереме ќе се

отворат нови поперспективни процеси во нашето општество и причините за негативните состојби ќе се искоренуваат.

2. Ова е веќе втора или трета реконструкција на нашата Влада што се остварува по институционален и уставен план.

И овој пат таа и израз на желбите и потребите во политичкиот, особено стопанскиот живот на земјата, да се внесат нови струења, нови идеи, што значи реконструкцијата е израз,пред се, на свесната определба и сознание на премиерот за потреба од внесување свежа крв во работата на неговиот кабинет, а не како што има обиди тоа да се прикаже како изнуден потег од страна на опозицијата, посебно вонпарламентарната, или пак дека е резултат на случувањата од почетокот на годинава. Односно, на она што во последно време го прави една опозициона партија со организирање на, како што тие сакаат да ги наречат, нејзините лидери, антивладини митинзи за предизвикување вонредни парламентарни избори.

Исто така, не се работи ниту за купување време од страна на премиерот со цел да се одбегнат предвремените парламентарни избори.

Напротив, станува збор за почувствуваната потреба од премиерот и од СДСМ, како водечка партија во владината коалиција за нов поттик кон зголемување на ефикасноста на Владата, а со тоа и на Парламентот во разрешување на проблемите со кои што сме соочени и како партии и како пратеници и како Влада.

Ова, дотолку повеќе што ниту премиерот, ниту СДСМ никогаш не ја затвориле можноста за предвремени парламентарни избори. Како што гледате, тоа не се ескивира ниту во отпочнатиот дијалог меѓу партиите за пакетот изборни закони. Но, тоа е проблем за кој што ќе разговараме кога ќе дојде времето.

Гледано од овој аспект би рекол дека ова прашање ќе биде голем предизвик и за реконструираниот состав на Владата, особено во поглед на подготвување на законската изборна регулатива.

V/1.-ЛП/0М

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Таа, бес сомнение, ќе мора да биде производ на што поширок меѓу партиски консензус, со единствена цел да ги утврдиме правилата на изборната трка, кои ќе овозможат фер и демократски избори, чии резултати од принципиелна гледна точка тешко ќе можат да се проблематизираат или да се девалвираат.

Почитувани пратеници, како што веќе реков, парламентарната група на СДСМ стои зад предлогот на премиерот за реконструкција на Владата на РМ. Дозволете во продолжение да ги образложам причините за таквата наша определба , а со тоа и зошто ќе гласам за овој предлог.

Парламентарната група на СДСМ, впрочем како и останатите парламентарни групи во Собранието на Република Македонија претходно расправаше за предлогот на премиерот, оценувајќи го при тоа од повеќе аспекти, за кои сметаме дека се од суштинско значење за идното уште поефикасно функционирање на Владата и на целокупниот државен организам.

Оценка на Парламентарната група на СДСМ е дека пред нас има кандидати за членови на Владата кои во прв ред се одликуваат со стручност и подготвеност за водење на ресорите на чие чело ќе стојат и со кои ќе раководат до наредните избори. Сметаме дека тоа се луѓе афирмирани во своите професионални дејности, кои уживаат углед во политичкиот и стопанскиот живот на државата. Оценуваме дека се работи за луѓе кои, покрај своите индивидуални квалитети, имаат чувство за тимска работа и поединечна и лична одговорност, луѓе кои се подготвени да преземат и понесат одговорност за иднината на земјата и нејзините граѓани, определени за развојот на демократските и реформските процеси во Република Македонија. Наша оценка дека се работи за идни министри кои сакаат и се подготвени своите творечки

потенцијали да ги стават во служба на виталните национални и државни интереси на Македонија.

Според тоа, и за овој состав на Владата важи генералната определба - непоколебливо продолжување на реформскиот курс по кој одевме во изминатите години, а тоа е курс по кој би рекол не препознава светот или, ако сакате, тоа е нашата легитимација пред светската демократска јавност и меѓународните институции. Со еден збор, тоа е курс кој доживеа целосна меѓународна верификација и поддршка, без било какви резерви. Се надевам дека предложениот владин состав е гаранција дека ќе нема отстапување од тој пат, што е типична појава за некои земји во транзиција кога се случуваат реконструкции или промени во владите.

Второ, заедничка потреба на сите е новата Владата по нагласено да се сврти кон решавањето на извонредно тешките, сложени и со децении наталожени проблеми во економската и социјална свера. Неспорно е дека на тој план е илузорно да се очекуваат спектакуларни резултати, дури и под услов парламентарните избори да бидат во редовниот уставен рок. Но знаејќи ги луѓето кои неајнепосредно ќе бидат задолжени за овие прашања, афирмирани стопанственици и научни и стручни работници, не скриени се нашите верувања дека тие ќе придонесат скромните позитивни тенденции во економијата не само да се одржат до крајот на годината туку уште повеќе да се подобрат. Тоа пак би била солидна основа за да почнат да дуваат нови ветришта и во социјалата , каде проблемите се навистина тешки , голем број граѓани на Републиката се наоѓаат во незавидна положба, па би рекол дури на работ на егзистенцијата.

Трето, секако, пред се домашната јавност очекува овој состав на Владата бескомпромисно да се зафати со расчистувањето на сите негативни состојби и појави во државава, особено кримогените. Тука пред

Владата се поставуваат две круцијални прашања: првото , би рекол и ургентно, е како да се елиминираат последиците од таквите појави, се разбира во рамките на нашиот правен систем. Второто, можеби и потешкото е како да се елиминираат причините што го генерираат таквото однесување. Искрено веруваме дека оваа Влада успешно ќе се носи со овој правен, политички, меѓутоа и морален предизвик.

Во тие рамки, постојната државна управа треба да претрпи целосна реорганизација врз нови основи, кои ќе гарантираат стабилност во буџетските приходи и јавност во трошењето на буџетските средства, мотивираност и одговорност на државната администрација преку нов модерен и професионален кодекс на однесување.

Четврто, овој состав на Владата нема причина да ја менува досегашната политика во светата на меѓунационалните односи, без разлика на повремените инцидентни ситуации или настани на овој план, кои имаат цел оваа тема да се проблематизира од политички причини и цели на некои опозициони политички партии, туку да се акцептира духот на неодамна донесената резолуција од ова Собрание.

Петто, Република Македонија во изминатите години оствари силен профит и афирмација на меѓународната политичка сцена и таа доживувана како сигурен и стабилен партнер во градењето на мирот, стабилноста и безбедноста во регионот и пошироко. Забрзано го зазема своето место како рамноправен субјект во светските, европските, економски, политички, безбедности и други системи, институции и организации. Со своите соседи, и покрај одредени отворени прашања во односите со некои од нив на ефикасен начин ги надминува проблемите со добри шанси да ги надмине и оние со длабоки историски корени. Вкупниот состав на Владата е гаранција дека и на овој пункт не само што ќе нема отстапување од досегашната надворешна политика на

Република Македонија, туку ќе следи период на нејзино натамошно доградување, особено во делот на надворешната трговија, развојот на економските односи со странство, со приоритетна цел разрешување на сите спорни прашања и проблеми со соодветните пошироки и во регионот, односно наше полноправно членство во Европската унија НАТО - Пактот, европските и светските системи на колективна безбедност.

Имајќи го сето тоа предвид, Ве повикувам и овој пат да му ја изразиме нашата доверба на премиерот , г-динот Бранко Црвенковски и на целата Влада, со тоа што ќе гласаме за предлогот за реконструираност состав на Владата и воедно да им посакаме успешна работа во периодот што е пред нас.

На крајот да искористам можност само да дадам четири куси коментари во врска со воведната опозициона дискусија.

Бидејќи на некој начин беше спомната или се проблематизира начинот на спроведувањето на целокупната постапка околу изборот на новиот состав на Владата, односно се импутира дека би можело да има некои уставни пречки, јас би го замолил, а веројатно и Вие, некои од пратениците ја имаат неодамна донесената одлука на Уставниот суд во врска со ова прашање, бидејќи тоа беше на некој начин исто така проблематизриано при изборот на новиот состав на Владата во февруари 1996 година, кога поранешните либерали излегоа од владината коалиција. Според тоа, таму е јасен и ставот од членот 94 од Уставот, каде што се зборува ако премиерот предложи повеќе од една третина од својот состав за реконструкција, тогаш само се менува односно се одлучува како за нова Влада во смисла на нејзино гласање. Според тоа, тука овие тези се доста бајати и мислам дека тие се расчистени, така што немаше потреба повторно да се повторуваат.

V/5.-

Второ, блиску е до паметта некој да поверува дека сите овие неволји што се случуваат денес во Македонија и во нашата држава се појавија веднаш по излегувањето на либералите од владината коалиција 1996 година.

Трето, ако се инпутира теза дека коалицирањето со СПМ значи напуштање на политиката е еквидистанца , тогаш значи ли тоа дека ЛП или ДПЛ или ДЛП како сега се вели, со тоа што коалиција во Градскиот совет со ПДПА ги прифаќаат политичките опции на таа политичка партија.

И четврто, разликата меѓу Вас и г-динот премиер е во тоа што тој менува точно функционери и министри, а не партии како што е случајот со Вас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател на државата, почитуван на парламентот, почитуван премиер, почитувани кандидати, сеуште, за министри, почитувани драги колеги пратеници, во еден релативно кус период ние се навраќаме на една слична проблематика. Во меѓувреме мајки исто така неколку би рекол исклучително важни седници од кои зависи натамошниот пат да оваа држава, кој што сигурно заедно со нас како законодавен дом најзадолжена е да го трасира извршната власт.

Сигурно дека е нормално ваквите прилики да претставуваат и предизвик и повод да се продискутира за повеќе прашања, за повеќе проблеми со единствена цел, со различна цел, со мултиплицирана цел зависно од кој аспект нормално доаѓаат дискусиите и што се сака да се постигне. Би било наивно да се очекува дека една ваква темелна рекон-

струкција треба да помине сосема глатко, иако во поглед на изгласувањето ќе нема проблеми. Меѓутоа, мислам дека предностите на демократијата, која што сепак ја градиме и ја изградуваме точно треба да ги гледаме во ваквите седници, во ваквиот начин на расправа , кога зависно од умешноста на најповиканите и најповиканиот колку од овие дискусии, колку од овие критички забелешки ,најчесто со добронамерна конотација ќе бидат прифатени во форма на пораки и ќе бидат земени со еден респект во интерес на нивно вградување и во интерес на поуспешна работа. Секое минимизирање на овие дискусии, секое омаловажување, кога - тогаш ќе дадат свои, за жал, негативни ефекти во однос на креаторите на владината политика.

Сакале или не сакале денес мораме да поминеме дека сигурно непријатно е во рок од 60 дена два пати да изгласуваме доверба на Влада, веројатно има причини за тоа, во услови кога се најавуваше интензивен дијалог со опозицијата, во услови кога контактите со одредени значајни политички субјекти се веќе обавени, во услови кога дури беше најавуван и термин на идни избори, дали предвремени или редовни сеедно, по сето тоа сега ние доаѓаме во една состојба да појдуваме од една апсолутна нула, за да понатаму избираме еден нов кабинет и со право јас и минатиот пат и денес ќе потврдам , не им завидувам ни малку на предложените кандидати. Не им завидувам бидејќи сакале или не сакале да признаеме, сепак, не ќе можат да дојдат до израз сите нивни квалитети бидејќи објективно се работи за еден многу краток период.

Исто така, не треба да не возбудува целта на премиерот својот кабинет да го освежи, да доведе луѓе како што вели во изјавите и во материјално со поголем елан, со самопрегор, луѓе за кои што вели дека нивните лични и индивидуални квалитети и ангажирања ќе бидат посветени исклучиво на општото добро и во тој поглед никој, ниту во

оваа сала, ниту во јавноста не може да не се согласи со таквите размислувања и ставови.

Исто така, мислам дека премногу се експлоатираше прашањето кој ќе оди од Владата и дали ќе оди и зошто треба да оди. Тоа се нормални работи во сите современи демократски општества. Дури, напротив, мислам дека премногу се манифестираат овие контакти, овие ангажирања, во кои дури мислам дека се претера и оној што би го рекле ние елемента- рен вкус на одредени контакти кои често пати треба да бидат дури и сопственоста актерите и директните соучесници. Но помина и тоа. Прашањето е сега што може да постигне оваа Влада, дали може да постигне, се разбира со овој состав, без да има амбиции да давам некоја поединечна анализа, бидејќи сигурно во тоа ризикувам да погрешам. Ќе се задржам на работи кои со оваа седница веќе ги дискутираме во еден континуитет.

Можеби од почетокот на овој наш парламентарен состав, а особено во последниве сто дена, така што сигурно некои работи ќе бидат и повторени, но добро е ако основната порака биде прифатена. За мене основна порака ќе биде следната: дека вистинските патриоти ја штитат државата од власта од познати причини, дека власта е таа која што е лесно расиплива, дека е власта таа која што е лесно подмитлива, дека е власта таа која што "лесно се корумпира, а државата треба да биде таа којашто треба да биде трајна и непроменлива. Во тој поглед, треба да биде поставена целокупната филозофија, затоа што во сите мандати, во сите биографии стоеја прекрасни индивидуални квалитети, со право мораме да кажеме. Во тој поглед дури можеме да се гордееме како држава дека сепак имаме една кадровска база и структура од која што може да се црпи одреден кадар за одредена намена и услови. Меѓутоа, она што го реков пред малку е онаа опасност, штом ќе се дојде на позиција, се заборава основната задача, се заборавaат основните идеи,

основните определи и залагања дека треба да се вклучиме во интересите на народот и ние како пратеници, а уште повеќе министрите како извршна власт.

Што можам во тој поглед да замерам, за да размислувам дали ќе го дадам својот глас аз овој состав или не. Долго време ние дискутиравме дека законодавната власт е во сенка на извршната власт. Според тоа, ако се продолжи на тој начин, а овој состав на парламентот го гарантира тоа, мораме да признаеме, не може да се измени таа состојба, останува како прв проблем и како прво прашање: Ние како законодавен дом со целиот легитимитет кои што го имаме од граѓаните, кои не избраа на тајни и непосредни избори, тука практично сме во една инфериорна положба. Ние сме во една поценувачка положба тука, честопати навредувачка и мислам дека дискусиите дека не се согласуваме или не ни требаат масовни собирања и реакции не можам да ги прифатам како аргументирани, затоа што ние овде нудиме предлози за точки на дневен ред, предлог на резолуции кои исто така не се прифаќаат , се одбиваат. Тогаш, кој е третиот начин, кој е тој начин во демократски дијалог со нудење на алтернативи да се изнесат ставови и мислења. Мислам дека сепак подобро е во овој центар на демократијата да отвораме расправа по сите прашања и во тој поглед и во овој мал временски период што ни останува до крајот на овој мандат мислам дека треба состојбите да бидат изменети.

Функционирање или не функционирање на правната држава во многу сегменти,особено во еден нејзин дел за кој што многумина зборува од една друга призма, јас би го ситетизирал дека нема партија која што во своите програми не се залага за функционирање за правната држава. Тука имаме консензус. Но дали тој консензус го спроведуваме. Мислам дека тука затајуваат најчесто најповиканите, а тоа се компетентните министерства. И при изборот веќе на претходната влада укажувам свои критички забелешки на одредени ресори, посочувајќи го особено ресорот

за правда. Не заради министерот , повеќе за неговиот заменик кој што и сега излегува, идеологот на "Илиридата" Мерсим Положани, чиј што ресор се зајакнува - нека ми опрости г-дин Спасов, исклучително го почитувам како интелектуалец, меѓутоа, за прв пат ќе имаме ние на тој специфичен ресор човек, кандидат кој што нема правна наобразба. Загрижен сум што мислам дека овој многу важен ресор ќе го води неговиот заменик. Ќе бидам среќен ако бидам демантиран, дури и се плашам дека и тоа е можеби една од отстапките што се направени кон еден од коалиционите партнери.

VI/1/CJ/лj

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Сите ресори можам да ги оправдам, за сите ресори можам да најдам оправдување, меѓутоа, ресорот Правда мора д го води правник и по локација и по образование и се разбира со прекрасно образование затоа што правна држава, правна држава на сите ние тука, пред нас. И во краен случај, овој законодавен дом, во најголем број на случаи, треба да потврди законски проекти кое што ова министерство треба да го продуцира и на кои што потпис треба да стави Министерот за правда.

Задоцнувањето во реакциите во функционирањето на правната држава доведуваат до овие состојби кои што сега ги имаме во неколку населени места особено во западниот дел на државата. Не залудно јас и како жител на Тетово и како пратеник од тој крај, и како лидер на партија, немало седница да не актуализирам прашање, сум се обраќал и до Уставниот суд на оваа држава и до Владата и до ресорни министерства, сите тие мои апели, некако не се респектираа, се потценуваа како јас да имам некоја лоша намера.

И сега, кога ни се појавија, кога ни се усложнија овие состојби, сега што правиме? Доаѓам тука во Скопје и скоро секој втор граѓанин ме прашува што е тоа што се случува овие денови таму. Јас, јавно ви кажувам ништо особено не се случува што е поинакво од тоа што се случувало таму во континуитет. Ова што таму се случува е исфорсирана работа, состојбите се предимензионирани, тензиите се предимензионирани. Функцијата на тоа не сакам да ја предвидувам. Ништо битно не се случува, во тоа е трагедијата, се случува тоа што во повеќе временски периоди е модус вивенди, начин на живеење, загрозеност на Македонците како народ во оваа држава, запоставени од оваа актуелна власт, особено од извршната власт и мислам дека со право мораме да изразиме незадоволство од таа запоставеност.

И денеска можеме да зборуваме и при изборот на оваа Влада не сакам да бидам досаден, самите ние на некој начин го регионализиравме подрачјето на Полог, Тетово и Гостивар. Од тоа подрачје веќе запрено е она што значи избор и селекција на кадри не албанци, по правило таму само имаме министри, заменици, помошници, албанци не поради тоа што тоа не е добро, тоа е добро, меѓутоа евидентно е дека вистината за случувањата на тие простори дами и господо не само во овој парламент, не кај вас во извршната власт воопшто во државата, пред светските дипломати и разните институции многу тешко допира затоа што некој ја блокира, некому не му одговара и некој практично ја прикажува дека некој таму е загрозен, дека некој е запоставен и дека треба а се бара спас за него, дека треба да му се даваат и понатаму одредени бонитети, бенефиции и тн. итн. И, сега, јас се прашувам кој е загрозен на тие простори.

Создадовме една вештачка територијална поделба, беше признато од актуелниот веќе екс министер дека тоа било резултат на пазарењето и тоа се сега резултатите од тие пазарења, дами и господа. тоа се знамињата, тоа се црните блузи и панталони, тоа се тие застрашувачки пароли, 11 да живее голема Албанија" и сл.

На митингот во Гостивар не случајно организиран овие денови во присуство на 15 илјади луѓе кога на митингот на претседателот на соседна Албанија гледаме овие денови присуство на три-четиристотини луѓе. Има некоја симболика, има некоја асоцијација и добро е овие пораки да ги сватиме најсериозно.

Статутите на општините Тетово, Гостивар и други општини каде што националностите се во мнозинство или во значителен број, па тие статути дами и господо не се донесени овие денови, тие статути се пред неколку месеци, таму се веат знамиња повеќе месеци, знамиња во општинските сали во Тетово и во Гостивар повеќе години се присутни

ние реагираме, актуелизираме, бараме да се почитуваат законите, дури и јас морав лично на министерот да му предложам дека не е во функција законот од 1973 година, туку има измени со уставни амандмани од 1989 година, и дека и ден денеска во употреба е само државното знаме на оваа Република Македонија. Дури имаше и малициозни објаснувања дека јас не сум правник, не треба да се мешам во таа материја и дури некој ми шепнува, и дури можам да погодам нешто. Мислам дека тоа не е дијалог, дека тие дискусии и сите тие изнесувања на вистината се со добра намера. Несакам да бидам ниту имам амбиции поголем правник од оној што е правник, дури немам амбиции да бидам најголем стручњак и во својата професија.

Барањата за легализација на таканаречениот, никој веќе не го спомнува таканаречен универзитет во Тетово, отстапките со законот за педагошкиот факултет за кој исто така ќе увидиме дека е хибриден закон, вештачки закон без оглед на одлуката на Уставниот суд. Барањата за државотворност, барањата за службен втор јазик во оваа држава не може да ја амнестираат одговорноста на вториот коалиционен партнер во оваа Влада дека неговите идеи и размислувања и концепти се приватни од оној од оние партии кои што ги посочуваме како радикални. Дали е тоа дел од она што значи отстапки, договори и слично, би сакал да бидам времени бидејќи веќе никој во оваа држава не може да прифати, на никого не може да му се сервира да двоиме подобри или полоши партии, да двоиме дека некој е повеќе загрижен за оваа држава, некој помалку загрижен за оваа држава. Загриженоста мора да биде подеднаква ако оваа држава ни е татковина на сите кои што живееме во неа. И тука мора да се разграничи тоа нешто. Мора да се разграничи прашањето на реципроцитет. Ние постојано зборуваме за еквидистанца, меѓутоа мораме да ги поддржиме напорите кои што во последно време се евидентни за состојбите со македонското национално малцинство или

деловите од македонскиот народ во соседните држави. Мораме ние во нашата надворешна политика, г-дине министре, да бидеме по офанзивни во она што значи градење на една респектабилна и рамноправна политика.

Премногу се експлоатирани темите на состојбите во стопанството и во земјоделието. И ден денеска не можам да се сложам дека фразите дека на стопанството му треба инфузија, трансфузија и т.н. дека ќе ги валоризираме, напротив, повторувам дека и стопанството на мала врата особено извозното го оптоваривме со додатни давачки, не е денеска денот за тоа да коментираме, но го оптоваривме со додатни 3% на увозните артикли наменети за извоз без некој да трепне и без да бидеме информирани тука како највисок законодавен дом.

За земјоделието е толку кажано да веќе нема смисла да ни се доставуваат информации за пласманот на јаболката. Ќе ни биде потребно информација колкави се штетите од ненавременето пласирање на јаболката и други земјоделски производи.

Прашањата, информациите кои често пати тука ги бараме со право во интерес на пошироката јавност, во интерес на една демократска расправа не можеме да ги заобиколуваме, не можеме ние да и останеме на јавноста кратки да не дадеме информација кои се актерите, кои се креаторите, кои се извршителите кои се пропагаторите на тн. труења во Тетово и тетовско. Се докажа дека нема никакви труења. Меѓународни организации, стручни, највисоки дадоа свои ставови и мислења, конечни, дека не станува збор за никакви труења. Должна е актуелната власт да ги изнајде актерите во интерес на точно тие стабилни економски односи.

Ние тука расправавме два-три дена за тие односи. Точно во тие денови дојдоа провокативните истакнувања на знамињата, на пароли, тие денови се донесоа статутите, тие денови во тетовското и гостиварското собрание почнаа иницијативите за промена на празниците на овие две општини. Не случајно, сигурно.

VI/5.-

И сега, онаа есенцијалното. Дали е ова решение најрационалното и најдоброто во овој момент? Лично верував, можеби тоа се должи на мојата наивност дека премиерот ќе изнајде сили да именуваме, зборуваме во множина административна чиновничка влада која што ќе подготви пакет на изборни закони, парламентот ќе функционира во едни ангажирани услови за да сепак во оваа година, есента веќе е касно, но во оваа година, во доцната есен имаме предвремени избори. Ова ќе значеше одговорен приод на премиерот кон проблемите кој што он сигурно ги познава многу подобро од мене, без некоја лажна демагогија и верував дека тоа е најдоброто за оваа држава и овој народ без да мораме и понатаму да при секое собирање, при секои изливи на емоции и на револт бидеме заложници дека ќе мораме да изнудуваме избори во невреме. Подобро да ги планираме работите. Јас веќе храбро ќе ви кажам дека министерот за правда не моравме да го преименуваме точно во овој временски период за да имаме додатно оправдување дека не можат сите закони од изборната свера да бидат направени. Веќе доцна е. Можеше министерот оваа функција да ја обавува барем до комплетирањето на оваа изборна регулатива.

И уште нешто. Ние минатата есен усвоивме дел од оваа изборна регулатива. Со право го поставувам прашањето, ако донесовме закон за изборни легитимации, зашто тој закон не е во функција, зошто тие легитимации не се печатат и не ни се достапни на сите нас како граѓани. Зошто прашањето со изборните списоци не го тргнеме од дневен ред. Еднаш да ја знаеме таа состојба и да ни остане само еден мал дел на изборна регулатива која што ќе треба да биде срочена до наредните избори. Сеуште не е доцна. Да интензивните разговори, преговори, вклучувајќи ги помалите партии, во кој што спаѓам и јас, Демократската партија на Македонија можеме да дадеме голем придонес растоварени од она што значи по секоја цена да се биде во победниците, растоварени од она по секоја цена да се биде во власта, верувајте дека имаме што да

кажеме, знаеме, имаме едно искуство и од локалните и од парламентарни и од локалните избори и верувајте дека со отворено срце ќе го понудиме на секој кој тоа ќе знае да го искористи

благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе на Републиката, почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван премиеру и претставници на Владата, малку ми се чини невообичаено кога во неколку средини имаме протести каде се искажува незадоволството на граѓаните, а денеска токму да избираме нова Влада или да се конституира нова Влада. Токму оваа Влада се анатемосува во тие средини, мислам за Битола, и случаите во Гостивар, а за тоа подоцна, ќе кажам неколку збора.

Денеска сме сведоци на формирање на четвртата Влада од ист архитект и секогаш со истите образложенија и ветувања дека оваа Влада ќе го направи овој или оној потез за сестран добробид на граѓаните на РМ, но испадна дека секоја нова Влада место да ги унапредува и подобри условите за создавање права демократска држава, таа ја втурнува држава во длабоки економски, социјални културни и мегу етнички кризи, несносувајќи никаква одговорност, ако не пред граѓаните барем тука пред Републичките народни пратеници.

Исто така сведоци сме дека Владата потполно успеа од овој парламент, од ова Собрание или подобро речено од мнозинството пратеници на ова Собрание да направи еден чиновнички сервис кој со својата гласачка машина усвои ред закони со кратка постапка, но со долгорочна ... дискриминација на немакедонците, пред се, мислам на албанците. до кога под притисок на Владата мнозинството пратеници ќе бидат присутни во оваа сала хоризонтално бидејќи во вертикала ги гледаме само кога гласаат и тоа со наредба од оваа или од претходната влада.

VI/7.-

Сведоци сме дека доаѓањето на власт на коалиционата партиска Влада 1992 година меѓу етничките тензии растеа и одвреме навреме достигнаа кулминација. Ова ќе го образложам со фактот дека за време на експертската Влада на г-дин Кљусев Албанците немаат добиено ни една шлаканица од органите на власта, а од друга страна со доаѓањето на првата коалициона Влада почнаа тензиите со нападот во Радолишта, убиствата на Бит Пазар, по полициски станици, со убиството на Албанец во Мала Речица со измислена и монтирана афера на божем некоја паравојска итн.,. Не треба многу да се убедуваме дека сите овие акции се предмислении со однапред предвидена цел, а целта е двосмислена.

Прво, да се насочи вниманието од социјално економските кризи во целата Република за сите граѓани на Македонија кон вештачки создадени меѓу етнички кризи и тоа редовно од македонска страна, слушај или разбери од Владата.

Втори, оние вештачки инсценирани тензии се употребуваат и од меѓународните фактори како оправдување на присатноста на ОБСЕ, УНПРЕДЕП и Американската војска дека ризикот за Македонија доаѓа од Албанците и само од Албанците, што преставува флагрантна дезинформација која не и служи и нема да и служи на чест на македонската влада.

Создавање на меѓуетнички тензии кои може да бидат голема препрека за севкупниот развој на една демократска држава за каква се обидува да биде Република Македонија, но за жал сме уште далеку од правата демократија, бидејќи показателите на убедуваат дека се соочуваме со разни проблеми и кризи во целата Република, а албанците се похендикепирани бидејќи се третираат како граѓани од втор ред.

VII/1 РД/НД

**САМИ ИБРАИМИ:** (Продолжение)

Ако една коалициона влада работи спротивно од барањето на својот коалиционен партнер, тогаш не гледам причина зошто да се коалицира со партнер која ги држи сите конци во свои раце и диригира со сите министри на свој начин и за своја корист. Оваа Влада како и претходните три е една пеачка група, каде солисти се само министри- те од една партија, а другите членови се само за декор и персираше музичко со ла ла ла бидејќи им е забрането да пеат на свој мајчин јазик, а сето ова да биде уште посмешно, тие сите на крајот ракоплекуваат со една рака за постигнатите успеси кои ја водат државата во уште поматни социјално-економски и политички води. И замислете таква пеачка група има тука какво пееше и каков аплауз со една рака. Таква Влада која ќе настојува да ги третира албанците ќе биде неуспешна бидејќи Република Македонија ќе опстојува само со рамноправни македонци, албанци и сите други рамноправни граѓани во оваа Република. Се прашувам што има лошо во тоа да се биде рамноправен во сите области во заедничка демократска држава. Затоа имам еден нов предлог. Во Македонија продолжува политиката на нудење на парцијални решенија за фундаментални промени кои се детерминанти за стабилноста на државата. Понудите се резултат на компромисите на политичките коњуктури или на идеологиите кои не се вклопуваат со реалноста. Сакаме или не поради реалноста треба да признаеме дека понудените решенија за подобрување на меѓуетничките односи не го задоволуваат никого, туку спротивно ја зголемуваат тензијата, конфузноста, незадоволството на луѓето. Погрешните концепти, политичкиот и дипломатскиот маркетинг за нивната информираност во една реалност каде ги одбива тие значи дека се интернационализира проблемот. Во последно време проблемот е употреба на знамињата и на националните симболи, отвара простор за нови конфузии и поларизирање, многу

опасни за стабилноста на државата и добробитот на граѓаните на Републиката. Затоа поаѓајќи од осетот на политичката, интелектуалната и моралната одговорност за мирот во Македонија и во регионот, поаѓајќи од определбата за толеранција и соработка поаѓајќи од свеста дека сите ние треба да преминеме во активна и креативна димензија со која ќе ги премостиме тесните политички национални позиции чувствувајќи ја потребата за изнаоѓање на тврди и прифатливи решенија за сите, во името на мирот на слободата, на стабилноста на системот и на правата и претходно негување на демократијата, на етничките особености, ја земам слободата јавно да ви го понудам овој предлог за употреба на знамињата во Република Македонија. Актуелното знаме да биде знаме на Република Македонија, што значи знаме на сите граѓани на Република Македонија, без разлика на националност. Второ, македонскиот народ по своја волја да го има своето посебно знаме со кое би имале длабока емоционална и национална идентификација. Албанците исто така слободно да го употребуваат своето национално знаме со кое имаат длабока емотивна и национална врска. Трето, ова право да го имаат и другите релевантни националности во Република Македонија и четврто да се санкционира со закон службената употреба на овие знамиња.

И на крајот во оваа влада би сакал да нема министер за урбанизам и градежништво, ова фигуративно го велам, бидејќи тој министер ни попречува да градиме и тн.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Сакам на почетокот да потенцирам дека претставувам и претставуваме пратеничка група на Либерално-демократската партија која застапува значајно поширока политичка основа и како опозиционен политички субјект во Парламентот ги застапуваме сите граѓани кои бараат и сакаат вистинска промена на власта на Социјалдемократскиот сојуз

неодминлив заклучок и впечаток по однос на предлогот за нова влада на Бранко Црвенковски е дека .со ваква промена на поголем број министри и со ваков предлог на нов состав на Влада се потврдува дека се реални и оправдани барањата и на Либерално-демократската партија и на граѓаните кои таа ги застапува во Парламентот и на другите граѓани кои се во најголем број опозиционо расположени дека Владата заради евидентна неефикасност, неодговорност, без концепција и резултати во реформите треба неминовно да падне и фактички со овој чин на Бранко Црвенковски и навистина да падне. Заведувањето и измената на нагло зголемените очекувања на граѓаните се состои во тоа што Владата падна и се променува но со овој предлог на нова Влада не паѓа и не се променува Бранко Црвенковски и Владата на Социјалдемократскиот сојуз. Нивниот ко бојаги опонент или опозиција Социјалистичката партија и во овој момент на моето искажување, сакам да го искоментирам дискутирањето ан господинот Љубисав Иванов, јас како релативно млад човек кој што ете случајно или не се бави со пратеничка функција, морам да признам дека практично научив една политичка лекција и тоа од господинот Иванов како се во различни моменти и интересни односи се зборува и прави од една страна да се распознае, од друга страна да се добие и користи. Како се бива ко бајаги опозиција во опозиција, а секогаш во позиција која си ја одбегнува одговорноста несватливо како колку силно се повикува на стопанството и на работниците, а во исто време толку силно се бега од завземањето одговорност во разрешувањето на стопанските проблеми, посебно при поставувањето на оваа Влада.

Сметам дека оваа лекција како млад човек ќе имам прилика понатаму да се бавам со оваа проблематика од господинот Иванов како лоша лекција нема да ја применувам, но исто така со неговиот речник со терминологија да се изразам, таквата реа на таква политика, навистина

VII/4.-

би било едно опасно загадуваше на целата човечка околина. Овој избор на Влада го оценувам за значаен само за Бранко Црвенковски и Социјалдемократскиот сојуз користејќи го безобзирно и овој пат, а јас сум убеден за последен пат парламентарното мнозинство од 61 односно 84 пратенички места, без никаков осет за одговорност дека постои досега најголемо нерасположение кај граѓаните. Во досегашните и еве сега во идната влада на Бранко Црвенковцки и Социјалдемократскиот сојуз без никаков респект и барањата на Либерално-демократската партија и другите опозициони политички субјекти за предвремени избори, со што едноставно само за себе се решаваат, како само да ја продолжат својата власт а во исто време со тоа продолжувајќи ја агонијата и на граѓаните на Република Македонија. Апсолутно е несовпаѓањето помеѓу предлагањето избор на оваа влада и вистинските состојби во државата, посебно во економската и социјалната свера, кои што јасно и недвосмислено наведуваат на целосно исполнети услови за предвремени избори, техничка влада до парламентарните избори и врз основа на резултатите од изборите на нова влада која ќе знае да го запре се полошото и полошото и ќе најде решение за промени кон подобро во сите свери на живеење и работење. Бидејќи повеќе од јасно е дека Бранко Црвенковски и Владата на Социјалдемократскиот сојуз и покрај искористувањето на максимални- те потенцијали немаат никаква алтернатива што впрочем се покажа и до сега. Пред се како човек а и како пратеник на Либерално-демократската партија јавно го поставувам прашањето, дали господинот Бранко Црвенковски и Социјал-демократскиот сојуз не чувствуваат одговорност за 170 илјади невработени кои најголем дел ги изгубија своите работни места во нивниот период на владеење. За многу тешката социјална положба кај голем број на граѓани во Републиката. За катастрофалната состојба во стопанството и државата како пак вие почитувани господа од Социјал-демократскиот сојуз и од коалицијата до сега ќе гласате за оваа нова

влада на Бранко Црвенковски врз себе да си ја пренесете и да си ја пронссето преземете нивната"одговорност од досегашното вршење на власта. Инаку јас лично Ви честитам и ве поздравувам вие како пратеници упорно да гласате за се што е од СДС и од Бранко Црвенковски иако сте верувам на маки во убедувањето за тоа на сето девалвирање што го прави врз вас и врз нас како Парламент вашиот премиер и Владата. Ги жалам министрите што ги сменија, зашто наивно поверуваа дека ќе бидат министри на оваа Влада а всушност испаднаа само жртви за да се спаси премиерот и да се продолжи да опстојува Владата на Социјалдемократскиот сојуз, освен целосното исполнување на условите за сменување на господинот Фрчковски, им честитам на новопредложените министри а според мандатот од неполна година тоа и не доликува на угледот на министри и на крајот му честитам на премиерот Бранко Црвенковски за неспорната умешност на сценариото и режијата на сето ова, со една мала забелешка: Што тој не си поднесе оставка. Па како и поинаку може да се разбере кога Бранко Црвенковски со ова по четврти пат со оваа Влада промени 80 министри,уште малку колку и вкупниот број пратеници на Парламентот и никако да ја погоди работата. Ако не или незнае да одбере луѓе, или од кога ќе види кој министри се способни веднаш ги менува, плашејќи се да не го загразат и самиот него. И уставно и логички по правилото на парламентарната демократија во ваков случај на промена и избор на нова влада, посебно после изгласана доверба прво треба да си даде Владата оставка, па да се додели нов мандат од претседателот на Републиката, а потоа избор на нова Влада.

Се надевам дека сега ви е потполно јасно зошто ние пратениците од Либерално-демократската партија не учествувавме на седницата одржа- на по повод давањето доверба на веќе бившата влада и кога премиерот бараше да се гласа за доверба на неговата претходна влада. Тешко вие и да објасните зошто тогаш гласавме за Владата а денес треба да бирате нова, а сигурно вие уште потешко со тоа што

ветувањето тогаш премерот не го исполни,ниту пак има намера да го исполни. А кој знае, можеби тоа беше условот за да може да предложи денес влада да се откаже од ветувањата дадени пред вас.

Поставувам прашање: Што претставува за граѓаните денешниот избор на нова влада за Црвенковски. За нив повеќе од сигурно е продолжување на нивната агонија дека конечно ќе се почне со решавањето на нивните проблеми, лажна надеж дека постојната власт може да понуди повеќе и да работи подобро, и секако најважно е нивно залажување дека сега засега не се потребни нови парламентарни избори, како единствено исправно решение на сегашната економска и политичка криза во државата. Како тие да си објаснат зошто партијата која има големо и стабилно за гласање парламентарно мнозинство, не може да обезбеди стабилна влада која ќе издржи макар две години. Каде ли е грешката. Зошто партијата и премиерот кои имаат програма за тоа што треба да се работи во државата секоја година бара нови кадри за нејзино остварување. Дали има толку лесна програма што може да ја спроведува било кој, или пак единствената програма на Социјалдемократскиот сојуз и премиерот е да се остане на власт по секоја цена а за граѓаните нека мисли некој друг. Ако некој има програма може ли да прави толку големи грешки, па да не му се доволни и четири пати да состави стабилна влада која веќе еднаш ќе почне да се бави со проблемите на државата и нејзините граѓани. Повеќе од очигледно е дека грешката е до тој што ја составува владата и погрешната политика што ја води. Доколку се работеше за некое претпријатие или општина или слично и не мора толку да се гледа на грешките. Но господа пратеници се работи за нашата држава, во прашање е водењето со државата. Додека некој се научи да работи ќе ни липат граѓаните, тогаш за кој ќе ја правиме и организираме нашата држава. Сепак најстрашно од се е фактот што никој не чувствува одговорност за таквите големи грешки и злоупотреби што ги прави премиерот. Секако дека најголемата одговорност ја сноси

премиерот но веднаш по него сте вие господа пратеници. Не може државата или парламентарното мнозинство да спроведе реформи ако секоја година премиерот се обидува да формира ефикасна влада и секоја година да почнува од почеток, ако не и да се враќа назад. Минатата година ја одбивте иницијативата за распишување на референдум за нови избори затоа што ви требаше вам и на премиерот четири годишен мандат за да ги спроведете реформите, адека неможе нови избори, бидејќи првите две години реформите биле болни и требале да се плати голема цена за нив,за потоа да се постигнат резултати. А кои резултати ги имаме денес. Зголемена невработеност само за оваа година за 5,6%, зголемена јавна потрошувачка, злоупотреба во користењето на буџетски средства за јавни набавки, пропаст на штедилниците, зголемување на криминалот и слично. И на сето тоа вие пак си играта избор на нова влада .Со тоа дефинитивно го избришавте од вашиот речник зборот "одговорност", а за неговата практична примена оваа држава очигледно ќе чека вие да си одите од власта.

На прашањето што претставува ова денес за нас пратениците во Парламентот во целина. Пред се, ова е тест дали можеме да го вратиме дигнитетот на Собранието. Ова Собрание само во состав на парламентарното мнозинство држеше седница по барање на премиерот и гласаше за доверба бидејќи не знам денес повторно треба да гласате. Според Уставот, доверба може да се бара само после 90 дена доколку се во прашање пратениците. Но очигледно тоа не важи за премиерот. Се дозволува повторно да се наметне над парламентот. И повторно без отчет и анализа и без програма за работа. Откажувањето од овие со Уставот дадени права на пратениците значи дека се напушта принципот на одговорност во државата. Бидејќи без отчетност, без јавност во работата на секоја власт Собранието свесно и со големи последици за иднината на Република Македонија се откажува од контролната функција која и е дадена со Уставот на Република Македонија. Бидејќи вие често барате алтернатива макар на која нема никој програма,нема можност да се даде алтернатива, накратко ќе ви ја кажам нашата.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Прво, зошто тоа треба да се прави во интерес на граѓаните.

Второ, која има програма за спроведување на целосни реформи со цел решавање на проблемите на граѓаните.

Трето, кое нема да ја менува Владата секоја година.

Четврто, кое ќе има поголем кадровски потенцијал за да отвори простор за ангажирање на кадри кои сега ја напуштија земјата.

Шесто, кое ќе се бави со горливи проблеми, невработеност, извоз, отворање на нови работни места, привлекување на странски инвестиции, борба против криминалот, корупцијата и дрогата и сето она што го среќава нашиот граѓанин.

На крајот ќе нагласам зошто нема да гласам за Предлогот на новата Влада.

Прво, бидејќи изборот не се врши врз основа на Уставот, нема програма и не е точно тврдењето на г-динот Љубомир Поповски дециден е Уставот кога вели дека Владата се избира заедно со изборот и со усвојувањето на програмата за нејзината работа. Нема претходна оставка на Владата и нема доделување на нов мандат, тоа е неуставноста која. ја прави самата Влада и по мое убедување тоа е извор и за неуставните работи и во други сегменти на државата.

Примерот со употребата на знамињата на националностите во Гостивар и Тетово е извор и наплив на агресивноста во овие општини и слично.

Второ, затоа што овој состав на Владата не најде поддршка во некои најистакнати личности во самиот СДСМ, а и во други понудени признати лица.

Трето и најважно убедувањето и фактите дека премиерот Бранко Црвенковски и СДСМ не се алтернатива на РМ, вистинска алтернатива е Либерално-Демократската партија.

VIII/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Пваноз.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Бидејќи овој дел од текстот беше слободно интерпретиран не беше напишан во рефератот и веројатно не поминал низ цензура многу беше конфузен и не сум во состојба многу да го коментирам опозиција во позиција, опозиција во опозиција, а оној дел што се однесува до неприфатеното министерство за стопанство, па прифатено друго, јас за таква работа не знам, веројатно му соопштила Ванѓа од Бугарија. Мислев декае најубаво да се каже во оваа ситуација и да ја употребам онаа слично на Цезаровата "зарем и ти сине Бруте" се прифати за оваа неблагородна работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик Абдн.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, господа кандидати, дами и господа пратеници, колеги,

Морам да признам дека не се надевав дека денеска ќе има ваква дискусија, денеска сметав дека опозицијата ќе каже она што ќе каже заради тоа што е во опозиција затоа што и пред икс денови со месеци зборуваа така, најнормално, тоа е демократијата. Мислев дека уште некој ќе се јави за дискусија тука пред Претседателот на државата свечено заради тоа што претседателот на државата не го одзема мандатот од мандаторот, тоа е тој човек Бранко Црвенковски што го има мандатот како мандатор да состави Влада и да продолжи и никој друг, а сега овде се однесува како да не знаеме што о парламент и

парламентарна демократија и сакаме да шпекулираме дека за сето време ова што се случи во РМ како за целата работа е виновна Владата да речеме овој Парламент овде, па потоа ќе речеме раководствата на локалните самоуправи, советите, градоначалниците и на крај граѓаните. Ништо ново, според мене не е кажано денеска дури и децата знаат дека имаме многу невработени најмалку 230 илјади, имаме многу стечајци, што имаше потреба денеска да го кажеме тоа, и ќе ги исплашиме новите кандидати за министри како да сме некоја баба рога, а тие деца, па и тие знаат дека е така.

Зарем не знаеме, ние имаме едно стопанство, ние имаме орадија за работа кои стојат покриени ние не ги користиме, зарем не знаеме како ја создадовме оваа држава, зарем не знаеме во тие изминати 50 години иако сме биле Социјалистичка Република Македонија но најмалку се фрлаше поглед на југот. Нашиот пазар односно нашите суровиннаши се на север . Ете тоа беше. Зарем не знаеме дека уште малку ќе имаме уште повеќе пензионери, тие што ќе наполнат' 25 години во пензија, па пензијата толку проценти, па кога ќе достигнат старост односно она за полна пензија ќе ја земат полната пензија. За сега така е. Сите овие работи што се искажаа се познати. Мислам дека одлично беше денеска што беа кажани тие работи, а сето ова им оди на рака на опозицијата било внатре во Парламентот, било надвор. Така е, викајте ура, викајте уа, не чини Владата, оставка, предвремени избори зашто ние ако дојдеме овде се ќе биде во ред, како што треба.- Зашто ние не сме таму затоа не чини. Многу се лажеме.

Ние имавме КЕБС сега имаме ОБСЕ, има некои работи кои не се кажани, да беше присутен Претседателот на Републиката ќе го кажев и тој збор, влеговме во Обединетите Нации, нашето име останува за нас и за многу земји во светот Република Македонија, па зарем не сме

сведоци што се случило пред два дена кога се собраа сите држави на НАТО, каде дојде Претседателот на Русија неговата екселенција господинот претседател Борис Елцин, па неговата екселенција, претседателот на САД, па потпишан договор да се свртат работите на друго место односно боевите глави. Што значеше тоа? Тоа значи дека едно време баравме создавање на нов економски поредок за што додека оваа земја, овој Балкан беше 5 векови под наезда, па Прва, па Втора светска војна, некои на Запад, па и најмали земји наоѓаа начин како да дојдат до други континенти, како да дојдат до колонии, како да дојдат до богатства каде натрупуваа богатство или сега многу работат па го имаат. Имаат. Имаат заради тоа што таква беше ситуацијата, а ние Балканците дури и сега ќе се изедеме меѓу себе и остануваме еве корак напред пет корака назад и тоа е тоа. Еве САД бара она што, жалам што ќе спомнам, некни зборував овде за трансформација на општествениот капитал, воопшто на капиталот за приватизацијата. Ако тоа не успее не успева системот, да се вратиме назад каде? Во социјализмот или уште пред социјализмот. Каде ќе одиме. Мора до крај да се приватизираме и лека полека да се усовршуваме.

Зарем не знаете што пред два дена ветија тие претставници од НАТО пактот дека на источно-европските земји мора да им се помогне во нивната реинтеграција во нивните економии. Зарем мислите дека тоа е шега? Тоа не е шега. Тоа ќе биде стварност, во многу скоро време ќе биде стварност и што тогаш ќе речеме, ќе најдеме некој виновник. Не. Добро е што денеска продискутиравме само не толку, ние денеска бираме Влада и денеска не треба да збори некој човек овде како на пример јас овде сум 5-6 минути или некој еден час или два часа да зборува да го слуша цел свет и пола Македонија и пратениците односно

кандидатите за Влада што се тука надвор, сега ги видов таму, со 5-6 минути може да се каже се и толку.

Сакам да завршам да не ве замарам, сакам да го запаметите ова. Јас не сум првпат во овој Парламент, ова ми е трет пат иако има само два мандата од 1990 до сега и порано сум бил во овој Парламент. За нова држава во овие 7 години за да ги реши сите депресијации врз неа и од внатре и од надвор 7 години се малку, но јас оценувам дека оваа држава со многу големи напори и виталност докажа дека доаѓаат пред неа нови денови и посреќни денови, се разбира ќе мора да се решат одредени прашања овде многу на очи се прашањата албанското прашање, па само албанското прашање. Секоја чест не се само албанците во Македонија има и Роми има и Турци има и Власи има и Муслимани и што знам уште кој живее овде, ги има многу. Ако го земеме регистерот ќе најдеме некаде 17-18 националности. Грото се овие 4-5 кои се и во преамбулата на Уставот вметнати четири се.

Ние постигнавме едно големо меѓународно реноме како Македонија. Јас пред месец дена претседателот на ова Собрание ме упати во Букурешт имаше претставници од 23 земји ни завидуваат на она малку што 'сме го постигнале. Она што го постигнавме е малку, но пак ни завидуваат затоа што има многу побетер од нас држави каде што со огромни проблеми, ако едно време зборувавме за класното и националното и да не превагне кај националното, да не дојде до национална диференцијација односно до класна диференцијација сега веќе е обратното мислам дека пренагласеното не чини. Само врз база на едни добри толерантни односи и толерантен дијалог врз демократска основа како максима на се она што постои денеска во Македонија односно што треба да постои и соживот ние можеме да направиме се, а само со критики мислам дека ќе ги заостриме работите и како да не мислиме за младото поколение, за генерациите кои доаѓаат, ние мораме

да ги вперим очите таму, не е животот само денеска, нека друга генерација го понесе товарот од развојот на Република Македонија. Мислам дека тоа треба да биде задача и во името на таа мала партија чиј претставник сум овде Партијата за целосна еманципација на Ромите иако некни кажав треба да научиме што е тоа еманципација да ми опростите не сакав да ве навредам, меѓутоа, на сите ни треба еманципација, на сите ни треба да научиме да се почитуваме и респектираме еден со друг и да ги оствариме правата, тоа е основното, ние како националности вие како Македонци односно ние како Македонија на Балканот односно во Европа да ги оствариме правата во рамките на Европа и во рамките на светот. Тоа е тоа по таа нагорна линија треба да се движиме само по демократски пат, постои дијалог и мислам дека на добар пат сме за многу кусо време може за 10-15 дена, може за месец дена, два или три да слушнеме многу убави работи од тој "маршалов план", знам дека го знаете и веројатно ќе ни се отворат патиштата за да може нашите машини да ги ставиме од покој во движење да имаме производство, да имаме пласман, меѓутоа, нашиот пласман ќе зависи од менаџментот, ќе зависи од нашата цена на чинење, од квалитетот и од рокот на испораката кога треба а не кога не треба да му испорачаш роба.

Ви благодарам, не сакам да ве замарам многу во името на Ромите членови на Партијата во која членувам и јас, бидејќи сум почесен претседател на Партијата, а не претседател, јас давам полна поддршка на овие напори што ги прави Владата односно претседателот на Владата Бранко Црвенковски и верувам дека неговите предлози имаат место и верувам дека секој од министрите во своите ресори и сите заедно ќе ја остварат онаа програма за која ние се определивме, програма постои само да се реализира отворена економија, пазарно стопанство, меѓуна-ционални односи на толерантен начин решавање, приватизацијата и

другите нешта кои стојат како императив и заради тоа да им дадеме поддршка и да почнеме да работиме сигурно законите кои треба да ги донесеме дали сега на есен или идната година на есен тоа ќе реши ова Собрание не некој од надвор, овде пратениците да дигнат ракл па да кажат кога ќе бидат идните избори. Сигурно бара некој, па Италија не пропаднала што имала не знам колку влади, напротив, економијата јакнеше, никако долу и не е штета ако направиме одредена промена во раководењето било на стопанските организации односно приватните претпријатија било на ниво на Влада никако нема штета од тоа само корист ќе има.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динто Исмет Рамадани.

Се извинувам г-дине Рамадани, господинот Даневски бара процедурално.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, би ве замолил да ја повикате Владата бидејќи денеска дискутираме на тема избор на нова Влада. Мислам односот е некоректен спрема нас пратениците уште на самиот почеток се девалвира Парламентот. Би било добро да го повикате премиерот, постојните министри и идните кандидати за министри. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Исмет Рамадани, се разбира ова е повик до кандидатите за Владата да влезат во салата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Така е тоа кога почнавме да читаме текстови пишувани во разни институции и сега ни се испразни салата. Јас имам само еден потсетник, а воедно една дегресија уште на почетокот.

Тука некој од дискутантите спомна дека во Владата на РМ литерираа повеќе од 50 министри. Заклучокот беше дека пак не чини. Многу лошо е и стварно не е добро. Тогаш преостанува идниот премиер да биде од ПДП.

Се поставува прашањето зошто и понатаму ПДП учествува во оваа Влада односно и во овој состав на Владата. Затоа што уште во почетокот решивме и зацртавме пред себе дека не признаваме пасивна улога. Сакаме непосредно учество со одговорност, а не сам,о со кажување да градиме демократска држава, демократски институции. Исто така знаевме, но ова малку пофигуративно ке го кажам дека ако се постави летвица хоризонтално, скок во височина на 3 метри не може да се прескокне. Имаш право трипати и се дисквалификуваш. Затоа ја поставивме некаде подолу за да можеме да останеме во играта. Нека биде и политичка, се разбира за да ја скокнеме, но со тоа што нашите коалициони партнери, нашата Влада одвреме навреме се разбира да ја помери, да ја помести, затоа што верувавме и веруваме дека секогаш имаме кондиција да скокнеме повисоко, а тоа значи да се авансира и правата на тие што ги претставуваме. Нормално, дискутираме за избор на нов состав на Влада. И нашиот жаргон , се разбира, се однесува денеска за нив. И не како имаме обврска да бидеме тие кои тоа што го кажуваме да припазиме на тоа што е дигнитет на министер, затоа што ако во почетокот даваме оценка дека премиерот настапи како во месна заедница, веднаш после него веќе жаргонот ни беше како член на некоја месна заедница.

IX/2.-

Влада во континуитет, се разбира со динамика , но ризично. Не можам да не кажам дека во една ваква политичка, економска, социјална ситуација, значи тука некаде до критична, па да не кажам дека овие луѓе што прифатија да бидат во овој состав на оваа Влада дека немаат смелост, дека немаат желба, дека немаат амбиции за да направат нешто подобро и во вакви критични ситуации, затоа што нивната улога веројатно нема да бидеа само да кажат ова не чини, ова не чини, и навистина кога би ги набориле сите тие работи што не чинат во државата, дури и не очекуваме од опозицијата па да кажат сега пофални зборови за Владата и се надевам дека нема да ги детерминираат затоа што понатаму ги чекаат задачи кои навистина се одговорни.

Продолжува партнерството во коалицијата. Имаше тука дискутант ќе сакаше да ме подучи дека не чинеше и не чине да бидеме понатаму во оваа коалиција. Меѓутоа јас препорачувам добра и висока награда нека ни даде во овој мозаик на политички партии некој подобар коалиционен партнер. Ние брефираме, разговараме, признаваме и со други полатички партии, меѓутоа од тоа што е најбитно за нас и смислат за бавење со политика, односно функција пратеник, министер итн. некако не гледаме дека имаме повеќе заедничко потоа што е гледање на некои проблеми за кои секогаш велиме дека не се решаваат. Сега уште попотребни сме едни на други, мислам на коалиционите партнери, а тоа значи поголемо взаемно респектирање. Меѓу нас се помалку има простор за политичко надмудрување затоа што навистина добро се познаваме. Време е возможното ефикасно да го реализираме, но исто така време е за невозможното, засега мислам, исцрпно да разговараме ако треба и со помош на други политички партии, кои за одредени прашања навистина ни треба поширок консензус.

IX/3.-

Нашите коалициони партнери и јавноста знае дека ние како пратеничка група на ПДП програмските цели ги поставуваме отворено но се обидуваме и со инсистирање. точно е и тоа дека наидуваме софистицирано, понекогаш софистицирано одбивање и тактизирање со една многупати повторена реченица- да оставиме некои работи за некои подбори времиња.

Учествуваме во Владата која има поддршка од Европската Унија, меѓународни институции, САД токму за приодот што го има кон проблемите. Меѓутоа во исто време и ние како политичка партија имаме поддршка токму од истите институции, токму од таа Европска Унија, токму до САД. Зошто? Токму за приодот и начинот кон разрешување на проблемите. И сите тие знаат и сите ние знаеме дека имаме отворени прашања, крупни отворени прашања (статусот на мајчиниот јазик, неговата употреба службена, високото образование тетовскиот Универзитет, учеството што поголемо односно застапеност во институциите и органите на државата) меѓутоа нашата задача како партија веќе помина само да ги редиме, да ги исполниме д аги кажиме овие проблеми што ги има. Ние сме во фаза кога треба да разговараме за разрешување на проблемите. И јас веќе не чувствувам обврск да спомна односно да ги спомнам тие проблеми кои неколкупати нашето мисионерство, или нашата одговорност е во тоа што бараме модалитети. Сушете трагаме начини, форми со тие што сакаат и се расположени да ги решиме односно разрешиме нашите проблеми. Еве во последно време употребата на Знамето. Нашата обврска не е само да укажуваме. Наша обврска е да најдеме начин без создавање на тензии. Без производство на тензии, а оттука промовирање на лажни лидери кои после запирката секогаш на реченицата доаѓа тоа што е тоа рушилачко тоа што е тензија, тоа што е конфликт итн. Туку да најдеме начин,

договор затоа што тоа што е стекнато право, имаме документи 70 и неколку само од Обединетите Нации имаме правила и токму тоа ни овозможува да разговараме и за прашања кои навистина индиректно или имплицитно создаваат тензии и проблеми да ги решиме во институциите каде што сме.

Опозицијата е засега во под нивото во однос на, мислам во споредба со коалиционите партнери кога се во прашање албанците односно нивниот статус и нивните права. Мислам дека тоа се гледа и низ разговори и низ разни изјави и низ разни настапи и навистина за сега уште го немаме најдено тој партнер кој може да дава и поддршка на одредени работи ки ние ги поставуваме, а се однесуваат за нашиот статус.

Понекогаш чудна е и дискутабилна, па и за анализа допирната точка на опозиционите партии и од македонскиот и албанскиот блок. Две крајности, но има допирна точка. Тоа е за анализа, Ќе земам само еден пример. Во Куманово иако со Законот за локална сам оуправа над 20% има албанци и може да се употреби мајчиниот јазик т.е. Албанскиот јазик токму таму ВМРО ДПМНЕ како партија односни нивните советници излегуваат утре и на големо, конференција за печат и гласале против. Значи не се за употребата на јазикот, ниту тоа што го дозволува законот што е во сила. А, исто така другата опомента да кажеме од албанскиот блок на партиите овозможуваат на истата партија во Скопје да конституира совет. И тие се крајности со допирна точка која е за посебна анализа. Некако во мода, иако за мене демоде е, пак на сцена како да сакаат да настапуваат лидери таканаречени застрашувачи. Избори, предвремени избори, итн., настапи и сакаат на власт по секоја цена.

методите се револуционерни. Во демократско општество револуционерно да се бараат избор, после тоа јас мислам дека или доаѓа хаос или тоталитарност. Стопанство. Кој вели дека немаше реформи. Имаше реформи. Дури и опозицијата која седи со нас учествуваше во тие реформи. Тие 170.000 што ги спомна тука невработени, министер за стопанство тогаш беше од таа партија, односно претставник на таа партија кој ги спомна 170.000 невработени. Имаме трансформација. Имаме социјални проблеми, имаме корупција. И оваа Влада и овој премиер признава дека има. Има и криминал. Гледајте го нашето опкружување. Зарем нема. Мораме да признаеме дека ние дури и подобро стоиме, мислам во позитивна смисла, значи помалку имаме таков криминал од тоа што е наше опкружување. Нема инвестиции, нема нови работни места, се повторува, меѓутоа не сакаме малку повеќе да навлегуваме во анализи зошто имаме таква состојба и зошто имаме таква ситуација. Јас неколкупати спомнав ние сме држава која што има сеуште спорови, неразрешени проблеми токму со нашето опкружување. И тоа дополнително создава проблеми зад а можеме да имаме подбора ситуација. И дали ние имаме сега партија, или други кои можат да ги решат овие проблеми на штета на државата? До овој состав имам порака.

Да имаме г-да министри добра комуникација, Парламент, Влада, затоа што гледате и мислите лесно се менуваат, пратениците остануваат. Ние и понатаму ќе ја почитуваме функцијата министер, меѓутоа исто така тоа ќе го бараме и до вас и нормално дека ќе ја имате нашата поддршка, нашиот почит и нашата доверба, а за вас останува сите вие да имаме заедно со нас надеж дека ќе ја подобриме ситуацијата во земјата, затоа што на крајот, или подобро да го цитирам Алберт Ками кој рекол дека тој што нема надеж, а свесен е дека нема надеж па нему треба и животот. Јас очекувам дека кај нас и мислам дека сеуште има надеж и има надеж.

**ТИШО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Наџи Пурде.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Можеби никој досега не истакна еден проблем кој проблем можеби лежи во фиоките на Владата, а тоа е недонесување на законот за денационализација. Многу луѓе во Гостивар ме прашуваат, инсистираат и сакаат да добијат одговор зошто законот за денационализација досега не е донесен. Јас, се разбира, немам што да им кажам бидејќи сум нов уште овде и не ја знам работата.

Со тоа Владата направи капитална грешка со која што граѓаните кои се надевале дека барем делумно ќе бидат обештетени останаа измамени, би рекол, и со тоа им се даде шанса на таа категорија граѓани да гледаат песимистички на тој проблем и да се чувствуваат изиграни.

Недонесувањето на законот за високото образование исто така даде еден голем импулс за тензија во меѓунационалните односи. Даде повод на македонските деца, повторувам на децата, малолетните деца во средните училишта, иако како деца не се виновни да се чувствуваат и да чувствуваат една загрозеност од своите врсници албанци и излегуваа на улица со разноврсни недолични и шовинистички пароли како "гасни комори за албанците", кои зборови најдлабоко ги почувствуваа шесте милиони евреи од страна на германскиот фашизам за време на Втората светска војна. Меѓутоа, тие деца и не се толку виновни колку што се повозрасните, односно поттикнувачите на такви гнасни работи со задна цел за поткопување на тие односи што би завршиле, по нивно мислење, нагласувам на поттикнувачите, со меѓуетнички конфликти.

X/2.-

Меѓутоа, ние повозрасните треба да ја гледаме реалноста дека во Македонија постои уште една друга реалност, од онаа реалност што ја гледаат некои дека само нивната реалност е валидна. Тоа е најлошото што во едно семејство кога некој од членовите на тоа семејство од страна на домаќинот се гледа со благонаклоност, а некој друг или другите се гледа дискриминаторски.

Затоа, да не би биле вистинити овие мои последни зборови, да се стави крај на овие дилеми и проблеми во врска со образованието на албанците да се гледа поинаку, а не, ако се институнационализира универзитетот во Тетово ќе биде едно големо зло за Тетово. Не треба така да се гледа.

Во Македонија постојат два универзитета на македонски јазик. Сите тоа го знаеме. Со голем број студенти, над десетили илјади студенти. Се поставува прашањето зошто и за албанците да не постои еден таков универзитет кога еден добар дел од популацијата во Македонија се албанци? Да претпоставиме дека по официјалната статистика, нагласувам официјална статистика, албанците се 420 или 430 илјади граѓани. Македонците еден милион и 300 илјади. Секогаш по официјална статистика. Сега, која е логиката за милион и 300 илјади припадници да може да постои универзитет со неколку десетици илјади студенти, а за 420 илјади албанци, нагласувам пак по официјална статистика, не може да постои и да се институционализира еден универзитет со 2.500 студенти.

Од старите римјани кои живееле пред 2 4 века можеме да научиме ние кои живееме при крајот на XX-от век многу нешта, многу вистини. Една од тие вистини е "квантум лингвуае салис тантум капитес валис". Правниците добро ја знаат суштината на оваа реченица, но можам лесно да ја преведам: "човекот, колку што знае повеќе јазици, толку и вреди".

X/3.-

И, што сега ни пречи еден јазик кој е автохтон на овие простори или учење на тој јазик во високото образование? Мене лично барем не ми пречи. Конкретно чувствувам едно олеснување во душата кога мислам дека сум во состојба точно и течно да ги изразам свои- те мисли на албански, македонски, турски, српскохрватски, француски. италијански итн. Затоа, многу ќе го олесниме нашиот соживот со институционализирање на тетовскиот универзитет.

Или, проблемот околу донесување на Законот за државјанството. Тој закон е со големи рестрикции. Во прв ред кон албанците. Илјадници албанци се останати без државјанство на Република Македонија иако се родени тука. Се чувствуваат несигурни на своите огништа. Се разбира, затоа што немаат државјанство се чувствуваат несигурни. Имам многу примери од Гостивар. Нема ден што не ме сопира но некој човек а да не се пожали дека неколку години не може да добие државјанство, иако е роден стар гостиварчанец или од околија- та на Гостивар.

Владата, со недонесување на законот за употреба на знамињата, направи капитална грешка. Даде голем придонес за пораст на меѓуетничките тензии во Гостивар и пошироко. А, да го донесеше на време тој закон не ќе дадеше повод Уставниот суд на Македонија да донесе таква одлука што беше одлука - постфестум. Под тоа знаме се бореле албанците за време на Втората светска војна. Под својата застава се бореле македонските борци. Раме уз раме, едни до други против италијанскиот фашизам и германскиот нацизам. Долго време за време на монизмот исто така непречено се вееше тоа знаме. Зошто токму сега да се донесе таква една одлука кога се смета дека демократијата во Македонија треба да добие пошироки димензии, подлабока смисла за практично потврдување на тие димензии. Зошто токму сега?

Благодарам.

X/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Котлар - процедурално.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван претседателе, почитуван господине премиеру, претставници на Владата, почитувани пратеници,

Мојата интервенција е процедурална во следната смисла, ги молам сите пратеници што учествуваа со своите дискусии во салата, истовремено и претседателот на Собранието сакам да го потсетам да не се дозволуваат дискусии што опфаќаат решаваше одредени проблеми за кои што државата преку своите институции, преку своите министерства, преку овој Парламент е должна да ги решава.

Дали ќе се вејат албански знамиња во Гостивар, Тетово и слично, дали ќе се употребува двојазичност и тн. тоа се проблеми што се проблеми на државата.

Денеска, на 29 мај о.г. имаме една единствена точка на дневниот ред - Избор нов состав на Владата и молам да се произнесуваме само по таа точка од дневниот ред. Дали ќе дадеме доверба на оваа Влада или нема да дадеме доверба, дали ќе му веруваме на господинот премиер дека ќе ги разрешува проблемите во позитивна на- сока и ќе продолжи со програмската ориентација за решавање на проблемите или напротив во новиот состав ќе имаме случувања слични на "ТАТ", раѓање и размножување на нови октоподи, веење на нови и нови албански знамиња каде што живее претежно население од албанска националност, тоа се други проблеми.

Меѓутоа, ги молам сите да се држат до основната точка на дневниот ред, дали ќе дадеме доверба на новиот состав на Владата што го предлага премиерот.

Благодарам.

X/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, и јас се придружувам кон интервенцијата на господинот Котлар.

Има збор господин Шаќири процедурално.

Само, ве молам немојте пак место процедурално да водите материјална расправа.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Имајќи предвид дека и Владата и Парламентот е сервис на државата ние затоа на денешнава расправа дискутираме за овие проблеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Вејсели.

**АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани кандидати за новата Влада,

Пред да започнам со мојата дискусија, стално кога имало пратенички прашања министрите не ги гледаме тука присутни, па ова нека биде пример стално кога имаме да бидат тука сите присутни како што се денеска.

На денешнава седница, значи на оваа седница на Собранието на дневен ред е поставена една многу значајна точка, долго време очекувана што би требало да ја разреши претпоставката дали извршната власт ќе продолжи по вистинскиот курс на реформи.

Имено, се работи, како што знаете за точката кога Парламентот денеска треба да избере нов состав на Владата на Република Македонија што се очекува да означи натамошно профилирање на демократските процеси во земјата и да даде еден нов импулс во политичкиот живот во целина.

X/6.-

Премиерот на Владата, Бранко Црвенковски поради политичките и моралните импликации од разните евидентери или криминални дејствија во пристапот кон реконструкцијата на Владата, трет пат по ред похрабро влезе во коштец со сериозните проблеми и е на најдобар пат да направи не само козметички туку темелни реконструкции што би овозможиле нему, како премиер во Владата односно на државата продолжување на започнатиот курс на реформи.

Се разбира, на премиерот не му беше толку лесно да направи такви радикални промени во Владата. Иако барањата беа, можеби, уште порадикални. Но, од вистината не може да се бега. Промените во структурата на Владата по некои оценки се можеби доста длабоки и многу значајни. Се работеше за отпуштање на министри со релатив- но подолг стаж во неа.

Постојниот кабинет на господинот Црвенковски, со одминување на времето го губеше политичкиот и моралниот кредибилитет во народот, па и во сопствените редови на коалиционите партнери. На прв поглед, имајќи предвид дека Владата се обновува со осум нови проверени стручни лица, што дава до знаење дека се работи скоро за нова Влада што треба да ја изгласаме, сакам да истакнам, сепак, дека промените се најзначајни во редовите на СДСМ, можеби тоа е нормално заради големината.

Тука јас би спомнал и некоја неодмерена изјава или постапка на одделен министер на досегашната Влада кога се работи за албанците во Македонија. Имавме можност да слушаме од министер на оваа Влада, од бившата, па и кандидат за новата Влада дури и од оваа говорница на Парламентот дека во никој случај нема да се легализира тетовскиот универзитет. Иако во политиката никогаш не треба да се каже дека нешто апсолутно не е можно.

X/7.-

Кога сум тука треба да истакнам и дека овој законодавен дом носи закони што после од страна на Владата не се почитуваат, како Законот за лична карта, за матична евиденција, Кривичниот законик и ред други работи.

Сакам да потенцирам дека и во Министерството за внатрешни работи, во последно време од страна на нејзините органи зачестија информативните разговори. Не сакам да ги бранам престапниците, меѓутоа мислам дека не треба да биде својствено на органите на ова министерство киднапирање на граѓани од албанска националност од улица, претежно интелектуалци, поради информативни разговори, како и малтретирање од страна на тие органи по нашите патишта на пратениците албанци што доведува до заклучок дека обичниот граѓанин албанец двојно повеќе се малтретира.

Сакам да ја користам оваа можност да ги повикам одговорните на ова министерство со молба во функција на оживотворување на демократските процеси и во ова ресорно министерство во иднина да се откажат од насилничкото и противуставно и противзаконско однесување кон граѓаните, во прв ред кон албанците.

Кога се работи за поддршката што ја дава Партијата за демократски просперитет на Владата, како нејзин коалиционен партнер, сакам да подвлечам дека тоа се однесува само на одделни глобални опции на една поставена платформа каде веќе постои еден; етаблиран политички консензус за некои од базичните вредности. Како што се независноста, демократијата, владеењето на правото, политичкиот, културниот, верскиот и националниот плурализам, европската ориентација на Македонија и тн.

Но, ние не сме согласни во еден битен и витален сегмент за албанците, а тоа е различното толкување на националната и граѓанската рамноправност во целина на политичкиот и државниот живот.

X/8.-

Тука, политичкиот проект на албанците се разликува од платформата на партнерите во коалицијата. Затоа, во понатамошниот период премиерот би требал со поголема храброст да ги прифаќа овие реални и навистина демократски предизвици во многу сегменти на интеретничките односи. Во високото образование, во културата, медиумите, здравството, правосудството, полицијата, армијата и тн. и тн. да не ги набројувам сите по ред.

Тоа значи дека треба да се прават вистински напори од страна на оваа Влада за интегрирање и опфаќање на албанците во државната администрација и ресорните министерства од споменатите области, со вработување стручни способни лица кои во поголем број и процент од досегашниот, со што. најверојатно би се релаксирале меѓунационалните односи и би се градела меѓусебната доверба. Кога се работи за националните права на албанците во Македонија што секојдневно се игнорираат и омаловажуваат, во тој поглед досегашната Влада не може да има преодна оценка.

Во овој контекст треба да се спомне и Декларацијата што ја донесе овој Парламент за дијалог, толеранција и унапредување на меѓуетничките односи во Македонија што не беше донесена само заради замаглување на меѓународните опсервации на овој план, туку беше конкретен проект за остварување на нивните претпоставки.

Новата, реконструирана Влада, значи ако се изгласа, ќе треба да ја пренасочи својата конкретна активност кон остварување и разрешување на реалните барања на албанците и нивните политички субјекти и во склоп на оваа Декларација, како документ што треба да ја обврзува извршната власт.

Во овој контекст три се најбитни во моментов од повеќето прашања што чекаат разрешување:

X/9.-

Пред се, тука е употребата на националното знаме на албанците во Македонија;

Службената употреба на албанскиот јазик;

Легализирањето на тетовскиот универзитет.

Како и да е, со овие промени премиерот направи добар потез за доведување на работите во вистинскиот курс на реформите, одбра од своите редови и прифати од коалиционите партнери луѓе со стручни квалитети кои во иднина би требало да ги тераат работите со поголема ефикасност и за доброто на сите граѓани.

Ова го потенцирам и покрај фактот дека Партијата за демократски просперитет со неговите министри е партија партнер во коалиционата Влада затоа со право очекуваме дека и другите министри и нивните ресори како и владината администрација ќе вложат големи усилби за поефикасно решавање на проблемите што се наталожени, доста големи и сериозни, токму кога се во прашање албанците во Македонија.

Не само заради нив, туку и заради иднината на оваа држава, мултиетничка и нејзината стабилност зависи од дозирањето на нивните права, како предуслов за добрите меѓуетнички односи. Ако ваква Влада, со стручни и проверени личности не издејствува проблемите и таму каде ги нема,а сериозно и одговорно ќе се прифати во разрешувањето на вистинските егзистенционални проблеми, во тие рамки и на многуте проблеми на албанците кои чекаат разрешување, так- вата Влада ќе биде стабилна, продуктивна, ефикасна и стручна политичка Влада која ќе има вистински кредибилитет на граѓаните на Република Македонија.

XI/1.- ЛП/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ.**

Почитуван претседателе, почитуван претседател на Влада, кандидати за министри , почитувани пратеници,очигледно е дека судбината на пратениците во парламентот е секоја година да бира нова Влада на г-динот премиер Црвенковски. За неполни три години ова е трет пат да се изјаснуваме за негова нова Влада. Првиот пат тоа беше во декември 1994 година и тогаш мојата пратеничка група гласаше воздржано, затоа што премиерот не понуди програма на Владата и затоа што некои до предложените кандидати делуваа спротивно на претходно утврдените заклучоци на Владата. втор пат беше во февруари 1996 година, значи само после 14 месеци и тогаш мојата пратеничка група гласаше против од следните причини:

1. Бараше премиерот, пред да бара гласање за новата Влада, да даде отчет и анализа за работата на претходната Влада и за работата на секој министер поединечно од Владата.

2. Да понуди програма за работа на новата Влада, што е уставна обврска. Наместо одговор на ова наше барање, премиерот не убедуваше дека предлага нова Влада за да биде таа ефикасна, да може да работи тимски и за да би работела напорно 24 часа. Впрочем, тоа го изјавуваше во секој негов говор при формирање на секоја Влада, а тоа го изјавува и денес. Но она што само еднаш го има кажано и тоа во февруари 1996 година беше дека не може да прифати некој само да ги дели успесите од водењето на државната политика, а да бега од одговорноста, од пропустите и негативностите во државата. Ова беше наменето за тогашната Либерална партија.

XI/2.-

Тогаш јасно од оваа говорница изјави дека со изборот на таа Влада, тој лично и СДСМ, партијата која тој ја води сака и ја презема целата одговорност за државата, одговорност и за успесите и за негативностите во државата.

Трет пат треба да се изјаснуваме за нова Влада на премиерот Црвенковски. Денес, почитувани пратеници, повторно без отчет и без анализа за работата на претходната Влада, но сега причини за ова наше барање има многу повеќе, бидејќи успесите за кои се фалеше премиерот нема ама баш никаква негативност и лоша состојба во државата. Од формирањето на Владата во февруари се зголеми невработеноста, се појавија проблеми со штедилниците, се зголеми бројот на дрогата, се зголеми јавната потрошувачка, се појавија злоупотреби во јавните нарачки и трошењето на средствата на граѓаните, а борбата против криминалот која ја најави лично премиерот Црвенковски пред неполна година го изроди проблемот на организираниот криминал или од него лично наречено октопод. Со еден збор, ако Владата каже дека ќе се нафати да решава некои проблеми, сите ние пратеници и граѓани на РМ треба да бидеме загрижени, затоа што повеќе од сигурно е дека штом со него се бави премиерот Црвенковски и неговата Влада, тој проблем ќе биде уште поголем.

Затоа, сега, од оваа говорница јавно му го поставувам прашањето на премиерот: Зошто за себе ги сака само успесите, а бега од одговорноста за состојбите. Зошто сега бега од одговорноста за состојбата во државата? Може ли да биде одговорна Владата и нејзините министри, а да не биде одговорен премиерот? Ако не знаел што се случува во министерствата и во државата, тогаш значи дека не е дораснат за функцијата. Ако знаел,тогаш тој е директен и најодговорен виновник и главен на октоподот, а Вие, колеги пратеници од парламентарното мнозинство, негови краци.

XI/3.-

Најголем проблем за Вас колеги од парламентарното мнозинство што и по трет пат гласате за Владата на премиерот без да барате програма за работа, која е уставна обврска, некои од Вас, господата Чифлиганец, Душко Николовски, некои пратеници од Социјалистичката партија рекоа дека доколку за три месеци од формирањето на претходната Влада таа не достави Програма , ќе и ја ускратат довербата. А почитуваниот г-дин Никола Г. Поповски"дека последен пат дава бланко поддршка на Владата, доколку и понатаму бара поддршка без програма за работа'.' Сега сигурно заборавија што рекоа тогаш. Тоа тогаш им беше за политички маркетинг, бидејќи политички маркетинг е кога се рекламираш, а за себе нема некои позитивни ефекти, или она како што народот кажува, едно се зборува, друго се прави.

Со денешната седница продолжува деградацијата ана парламентот како законодавна власт и тоа благодарение на премиерот. По трет пат бара доверба без анализа за работата и без програма за работа на Владата. Но Вие тоа го дозволивте два пати, сигурно ќе го направите и по трет пат. Сега сте дури и уште во понезавидна ситуација. Дали Вие е сега јасно зошто не останавме на седницата кога се расправаше за довербата што ја бараше премиерот пред неполни два месеци? Вие тогаш дадовте доверба на таа Влада, а не знаевте ниту тогаш, а и сега зошто. Ви рекоа само дека ќе се премине од зборови на дело. На кое дело? Има ли виновник за "ТАТ"? Се расчисти ли состојбата со "ТАТ" и со другите штедилници? Сигурно не. Тогаш Владата доби 90 дена. Според Уставот, Вие колеги пратеници не можете пред тој рок да барате доверба на премиерот и на Владата. А тој постојано си зема поголеми права од нас пратениците и бара доверба. Ако за нас новата Влада, во Вашиот случај, има два начини, првиот е со 61 пратеник да бара доверба со член 92 од

Уставот или премиерот да си даде оставка и СДСМ да добие нов мандат. Очигледно, премиерот се плаши да го добие од својата партија. Во секој случај само од Вашата совест зависи дали ќе дозволиме да не се почитува Уставот и највисоката институција во државата, парламентот, бидејќи ако Вие почитувани колеги од парламентарното мнозинство не ги почитувате институциите, институциите на државата само затоа што сте мнозинство, зошто тогаш очекувате тоа да го прават граѓаните кога ќе бидат во мнозинство. Ова и не е чудо за нашата политичка стварност. Наместо да расправаме за проблемите во стопанството и да ги изнајдуваме причините заради кои денес разорното дејство што го направија мерките на економската политика потфрлија, не само тука и во мерките на монетарната политика, доведоа до големо задолжение со кредитите, големи камати, не контролирана општа и јавна потрошувачка, не стимулиран извоз, не исполнување на очекувањата на ефектите од приватизацијата, како и многу основни и неосновани во делот на бизнисот што се правеше во време на блокадите. Економскиот пораст, за кој не слушнавме ниту една квантификација, а во реалност изнесува 250 илјади невработени,, не исплаќање на плати во стопанството каде што близу 157 илјади или 45% не примиле плати повеќе од 1,2 и повеќе месеци. Аферите со транспортот и шпедицијата, стимулиран и контролиран од Владата и СДС , само по себе зборува за тешката економска и социјална состојба во која се наоѓа Република Македонија.

Во овој момент, навистина, тоа беше појдовна вредност која треба да овозможи со една нова владина програма, за која ние овде аргументи не слушнавме. Сигурно стилот е познат, со напад на одредени личности, политички партии, преку добро контролираните медиуми, кои гледаат сега со кого си имаат работа. Но мораат улогата да си ја извршат докрај, се бара внатрешен и надворешен непријател. Сега состојбата се

менува. Премиерот има тешки проблеми во својата партија. Но знаејќи ја филозофијата и колебливоста , страшливоста на своите сопартијци реши со овој потег да расчисти ама баш со сите. Наредните потези се читаат меѓу редови: Отстранување на крилото на Фрчковски, Гунер, Сашо компанија, "Бед Бојс", наречени "џезери". Наредниот е другарот Тито со неговото лоби друштво. Потоа е поделба на Социјалистичката партија и окрупнување со СДСМ во таканаречен лев блок. За крајот е оставено со предлог за наводно коалицирање за наредните парламентарни избори, а целта е единствена, да се спаси самиот себе, под изговор го спасувам СДС.

За сето ова ќе биде исфален од сивата еминенција која стои некаде на Водно и која оди и раскажува: Добро дете е свети Бранко, само оние кои го опкружуваат треба да се отстранат, а со тајните договори и наводната поделба на Македонија ќе живееме во една среќана братска оаза на мирот, а цехот ќе го плаќа македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија.

Објавената стара нова Влада на г-динот Бранко Црвенковски и токму во врска со тој предлог , кој што подолго го очекувавме, особено политиката, јасно во Македонија сакаме да го изнесеме нашето првично мислење.

Имајќи ја предвид длабоката криза во државата, би било добро, логично, нормално на г-динот Црвенковски да му ја честитаме старо-новата Влада и да му посакаме успех, бидејќи тој евентуалниот успех би бил пред се во полза на македонскиот народ, а нас како Либерално-демократска партија пред и над се тоа не интересира, напредокот на РМ.

Меѓутоа, искуството од работата на досегашните влади на г-дин Црвенковски , а со тоа и на СДСМ не увери дека нема место за таков

оптимизам. Зошто? За четири ипол години ова ќе биде четврта Влада на г-динот Црвенковоки. Мотивот за предлагање на секоја од нив што го соопштуваше беше ист, да работи поефикасно од претходната. Но кој беше епилогот? После секоја нова Влада следуваше подлабока криза, помалку законитост, повеќе корупција и криминал. Секоја наредна Влада трошеше пократко време, речиси секој од новите министри, со ретки исклучоци, преживуваше брз процес на компромитација. А еве и оваа Влада се предлага со истиот мотив, да биде поефикасна. Ни во ова решение не веруваме од следните битни причини:

Премиерот заедно со своето парламентарно мнозинство само пред два месеци побара на досегашната Влада. Неговите пратеници таа доверба и му ја дадоа. Сега таа Влада , тој истиот премиер ја менува. Не веруваме во решението и поради крајно очејничкиот факт кој сам по себе се наметнува, а тоа е: премиерот нема концепција за излез од кризата и затоа не може да понуди соодветен состав за ваквата задача. Зошто? До пред само два месеци тој од своето парламентарно мнозинство бараше доверба за својата досегашна Влада. Таа доверба ја доби и само по два месеци вели дека таа Влада, Владата за која бараше доверба не вреди,не чини, не работи добро, па ете, предлага нова. Само пред неколку месеци, поточно во октомври 1996 година говореше дека одлучиле жестоко да се пресметаат со лидерот на Социјалистичката партија, бидејќи застапувал концепција против суверенитетот и самостојноста на РМ, сакајќи да ја спои Македонија со една соседна држава. А еве сега,по така кратко време гради срећна коалиција токму со него. Буквално вчера премиерот тврдеше дека досегашната Влада е реформски определена и дека перницата на таквите реформи , Владата се , особено неколку министри. Во новиот предлог на премиерот нив ги нема. наместо тоа, составот се полнува со лица кои не покажале ниту еден знак дека биле за реформски курс на ова општество. Се разбира

дека ние во ниту еден момент не поверувавме дека владите на г-динот Црвенковски со сите состави досега се способни успешно да го изведат реформскиот курс, а најдобар доказ за тоа се неговите персонални еквилибристички, туку за подлабоката криза за која се наоѓаме.

Во овој предлог не веруваат и многумина истакнати членови на СДСМ. Затоа нашиот заклучок е дека Црвенковски ја менува Владата за да ја прикрие сопствената одговорност за неуспешните реформи, бидејќи не може сите тимови што ги составува да не се добри,а тој да е добар. За да го покрие со темен вел натамошното откривање на сите битни учесници во корупциските афери на Македонија, а тоа бездруго може да го загрози и него лично. Наш заклучок е дека оваа Влада е производ на пресметките во самата СДСМ, прв чин на започнатиот процес на меѓусебно оптужување за крајно лошото владеење во оваа партија, на која очигледно е доведена државата на работ на сегашниот хаос. Затоа, од ваков вид персонални преселби на луѓето од СДСМ нема никаква полза за македонската држава. Напротив, само штета.

Затоа, уште еднаш го повикувам нашиот предлог да излезе.

1. Оставка на целата Влада на чело со г-динот Црвенковски.
2. Формирање на техничка Влада и
3. Распишување предвремен избор оваа година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

(Г-динот Атанас Вангелов крева рака)

Не , не сте спомнати. Ќе Ви дадам збор, а сега има збор г-динот Биљали. (Г-динот Вангелов од место: "Не барам збор, реплика барам") .Ако почнеме да реплицираме 61 пратеник овде ...

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе на Собранието, г-дине премиере, почитувани министри ако бидат изгласани, нема многу да ја фалам работата на оваа Влада, иако однапред кажувам дека ќе гласам за оваа Влада и тоа не што нема што да се каже во позитивна смисла, туку од проста причина односно од принципиелни причини. Имено, ние мора да се научиме тука дека не треба како засебна власт да дејствуваме како музички хор и да го негираме тоа што често пати тука го кажуваме, а тоа е дека овој парламент е сервис на Владата. Значи не би требало ние доброволно да се сервираме, тоа сакам да го кажам.

XII/1/CJ/лј

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ: (**продолжение)

Ова е ако добро се сеќавам четврта по ред реконструкција на Владата и со сигурност можам да кажам дека може да се рече дека се работи за најрадикална реконструкција и тоа е добро. Јас не би сакал ова реконструкција да биде најрадикална само по однос на бројот на новите министри кои треба да седнат во Владата, туку јас би сакал оваа реконструкција да биде најрадикална по однос на дејствувањето на оваа Влада, по однос на работа на оваа Влада, по однос на ефикасноста на оваа Влада и по однос на одговорноста на оваа Влада.

Значи, според мене, не ќе беше добро целокупната реконструкција да биде во скоп на политичкиот маркетинг, значи од политички причини од психолошки причини и од маркетиншки причини итн, туку повеќе од никогаш порано нас ни е повеќе од потребно ефикасна, некорумпирана и одговорна влада и затоа сметам дека во моментов имаме историска одговорност.

Јас во кратки црти ќе се потрудам да укажам на некои слабости од веќе претходната влада.

Прво, самите се негиравме кога пред некое време еден висок владин функционер излезе пред јавноста и кажа дека во Македонија постои организиран криминал и тогаш од него беа побарани дополнителни комплетни факти. Тој дали тие релевантни факти не ги поседувал или се уплаши да ги изнесе и тоа заврши како заврши па подоцна ние самите да признаеме тука, директно и од оваа говорница да признаеме дека не само што постои организиран криминал туку постои и супер организиран криминал и како што кажаа и самиот г-дин премиер Октопод.

Второ, јавна тајна е дека се чини секоја поголема или помала услуга од страна на Владата или од ова министерство има своја цена. И тука ако тоа е вистина се чини дека се работи за тешки злоупотреби на власта. Нормално е дека не може никако да се свати астрономското

XII/2.-

збогатување на некои луѓе дури ниеден компјутер не може да ја пресмета односно да врши пресметка на едно нормално потекло на имотот на некои луѓе. Дури 5% од ова изнесеното од чаршијата и одредени кулуари да е вистина сметам дека е тоа трагедија не само за граѓаните туку и за демократијата а дури и за државата од причина што таква структура на луѓето, неморални луѓе лесно можат да диктираат и политика и избори и институции и закони па и анархија ако сакате.

Трето, на секого е јасно дека кај нас е болна точка државната управа односно администрацијата. На секого е јасно дека таа не функционира доволно, таа не е ефикасна таа е корумпирана во голема мера, таа е комплицирана, тука доминира волунтаризмот итн.

Место државната управа да биде сервис на граѓаните и изгледа дека граѓаните се сервис на државната управа.

Ние перманентно овде во Македонија се жалиме зошто немаме странски вложувања. И ќе се зачудите како една странска групација од бизнисмени ни објаснува, тие биле упатувани тука претходно со шефот на државата и потоа сакале приватно да видат што можат да допринесат по однос на вложувањето. И за чудо тие се убедија дека нашата администрација е тотално неефикасна, доста комплицирана, па ако сакате малограѓански. И тогаш тие, како што и самите објаснија дека никогаш веќе не размислуваат да инвестираат во Македонија и ако вака ние и понатаму резонираме веројатно не само што ќе бидеме сиромашна држава до крајот на овој век, па веројатно можеби и до крајот на идниот век.

Четврто, ние сме сведоци на неспроведување на некои закони од страна на одделни министерства за тоа што е објективна одговорност на Владата. тука првенствено ќе укажам на дел од законот за лична карта дел од законот за локална самоуправа или дел од законот за кривична постапка. Нормално е несватливо дека како од орган кој е надлежен за спроведување на тие позитивни норми да не се спроведуваат исто така имам големи забелешки во однос на одделни министри како тие

комуницираат со претставници, што ветуваат тие дали ги спроведуваат тие ветувања итн. Како ги реализираат средствата или не ги реализираат средствата, меѓутоа тоа ќе остане прилика во иднина и сметам дека понормално е институцијата интерпелација тука перманентно да биде наравно аргументирана со релевантни факти, да биде дел од нашето секојдневно работење.

благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Настовски.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Г-дине претседателе, г-дине премиере, кандидати министри за Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Јас може би немаше да се јавам за дискусија бидејќи координаторот на нашата партија ја даде нашата потврда за довербата што ќе ја дадеме на оваа Влада, но би сакал да го кажам своето мислење, а од друга страна би сакал да се осврнам на некои дискусии на колегите од демократско либералната односно, се извинуван, либерално демократската партија бидејќи многу пати ги сменија имињата, не можам да се снајдам. За тоа би сакал за тоа да кажам неколку работи:

Прво, зошто ќе гласам за оваа влада. би гласал од три причини:

Првата причина е, секогаш во животот ја ценам храброста и доблеста и чесноста и поштеноста. Тоа се четири особини кои што најмногу ги ценам кај луѓето, а мислам дека сегашниот и иден премиер тоа го има многу повеќе отколку некои други политички лидери. Бидејќи г-динот кој се га се наоѓа на чело на Либерално демократската партија немаше храброст пред четири години, 4,5 години, да ја преземе одговорноста за државата тогаш како член на СДСМ и да ја води државата. Тогаш не сакаше да е човек за еднократна употреба.

Од гледна точка на храброста и доблеста и тоа го ценам, и настапот пред два месеци во Собранието кога премиерот со својот истап кажа дека е докрај решен да оди во расчистување на состојбите во државата Како одраз на тој негов говор е тоа што ние денес веќе гласаме за една нова реконструирана влада со кое што дел од министри кои што можеби или не, тоа времето ќе го покаже, можеби биле вклучени во дел од аферите повеќе не се на листата на премиерот. И, тоа е храброст и доглед да некои дури ни во сопствените партиски редови не можат да соберат храброст и да си ги исчистат своите сопствени партиски редови.

Храброст и доблест беше пред четири ипол години да се прифати државата во еден таков хаос во кој што беше тогаш после сите оние настани кои што се случуваа.

Втората причина за која што ќе гласам за оваа Влада е континуитетот на меѓународната и надворешната политика што ја води оваа Влада во континуитет од 4,5 години. Бидејќи со оваа политика која што ја водиме ние успеавме да од сите светски институции добиваме признанија за политиката што ја води Македонија, добиваме признание за се она што го направи Македонија за мирот и стабилноста на Балканот. заради таа меѓународна политика ќе гласам за оваа Влада и мислам дека оваа Влада ќе го продолжи тој континуитет на меѓународната политика. И не се срамам да бидам дел од оние пратеници кои што ќе гласаат за оваа Влада.

Третата причина е тоа што по подолго време во владата доаѓаат директно четворица луѓе од стопанството. Што значи оваа Влада ќе даде поголем белег и многу повеќе ќе се осврне кон стопанството. За прв пат на ресорот стопанство доаѓа човек директно од стопанството. Истото тоа е во ресорот за градежништво, во ресорот за земјоделие, луѓе кои што се среќаваат со проблемите и ќе придонесат за разрешување на проб- лемите во стопанството како моментално најголема болка во државата.

XII/5.-

Би се осврнал на неколку дискусии на колегите пратеници кои што се чудат како може еден човек четири пати да формира Влада, а јас одговарам со контра прашаше. Како може човек за 4,5 години да формира четири партии со цел да дојде на власт. Мислам дека сепак подобро и почесно е со иста партија да се формираат четири влади отколку да се формираат четири партии за да се дојде до власт. Тоа е многу проблематично и многу провидно од страна на досегашните дискутанти. Бидејќи тие како да ја земаат некако попската изрека, не гледај ме што правам, слушај ме што зборувам. Дури и во тоа зборување толку претеруваат што се забораваат и кажуваат дека Иванов и Црвенковски во време на пред изборите се изнарекоа се и сешто. Мене општата човечка култура не ми дозволува да кажам што си изнарекоа Стојан Андов и Петар Гошев, пред да стапам во коалиционен брак и што и како тие си кажаа за време додека беа во првиот состав на парламентот, за време на предизборните митинзи кои што ги држеа. Сепак, имам човечко достоинство и општа култура да не ги кажам сите нивни изреки.

Втората работа за која што сакам да спомнам нешто, како да забораваат господата од либералната партија, да расчистиме пред целата македонска јавност или имаме 250 илјади невработени или 170 илјади. Или ќе бараме некоја математичка средина меѓу нив. Дали тие 150 или 170н илјади невработени се за последниве 15 месеци или се од нешто порано. Ако се од нешто порано треба да знаат дека во последните 3,5 години ресорот стопанство го држеа претставници на Либералната партија. Прво, г-динот Петруш Стефанов, потоа г-динот Ристо Иванов. Така да состојбите во стопанството се наследени од нивната квалитетна работа.

Ако зборуваме за криминал треба да знаеме дека од страна на Либералната партија го имаме еден Макпетрол, ја имаме една скопска пивара и ред други работи кои што се случуваа и кои што се случуваат.

XII/6.-

Затоа, да не гледаме само на едната страна. Еден од колегите дискутанти кажа дека доста е политички неискусен, а човек кој што во два мандати бил во парламентот и има завршено политикологија да кажува дека политички е неискусен и дека допрва ќе учи од г-динот Иванов е навистина смешно. Тогаш или не е за политика или воопшто не треба а се бави со политиката.

Третата работа за која што е проблематично во нивните кажувања е за кредибилитетот на претставниците од СДСМ. Тој кредибилитет најдобро се потврди на локалните избори. Прет мина пратеници од Либералната партија беа кандидати за градоначалници. За жал ниеден од нив не доби. Каде е нивниот кредибилитет, каде е нивното оправдување пред истите оние граѓани кои еднаш ги избрале. Ако имаше чесност и поштеност кај нив по неуспехот на локалните избори за градоначалници требаше да си дадат оставка и од пратеници, бидејќи веќе го имаат изгубено кредибилитетот како народни пртеници. Тоа се тие работи кои што мораме да ги имаме во предвид кога зборуваме или кога кажуваме ќе се служиме со целосни аргументи, со целосна аргументација или воопшто да не ја залажуваме јавноста во Македонија.

Затоа на крајот порачувам, да се преиспитуваат при своите настапи на говорницата бидејќи дури сега излегуваат криминали за работењето на градоначалникот во Свети Николе за ред други работи кои што тек треба да се испитуваат. Дали тоа не влегува во нивните досиеја или многу лесно забораваат за се она што се однесува на нив. Затоа г-да внимавајте на вашите зборови, сепак ве слуша целата македонска јавност.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Котлар.
Не е тука.
Има збор г-дин Хисен Рамадани.

(од седницата излезе претседателот г-дин Тито Петковски во 19,20 часот а со седницата продолжи да раководи потпретседателот г-дин Џеладин Мурати.

XII/7.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе на собрание г-дине претседателе на Влада, членови на идната Влада и почитувани колеги,

Еве да се обидам нешто, да обезбедам еден приод кој што бар според мене досега не беше толку присутен. Всушност имавме два приода еден позиционен и еден опозиционен. бидејќи јас објективно не сум ни позиција ни опозиција да се обидам така нешто дали можам да го изразам.

Всушност, каква Влада ќе имаат премиерот односно целата држава ќе зависи од тоа какви резултати тоа ќе постигне во иднина точка. И денес можеме нејзе одма пред да и поакаме многу успеси, но дали ќе има успеси за тоа ќе видиме.

Меѓутоа, сакав ова да го поддржам. Ако премиерот е убеден дека оваа екипа сега нова или обновена, доста обновена води кон тоа да се во земјата надмине свеста, а и појавата современата политика да се сфати како лага и да надвладее свеста и акција на Владата политиката да се сврти се повеќе кон разрешување како вештина за разрешување на општествени проблеми, мислам дека ќе се направи голем чекор напред. Мораме да бидеме свесни дека јавното мнение е оптоварено со тоа дека низа институции во системот или во низа институции во системот имаме луѓе кои што политиката, баре оваа современа, ја сфатиле само како лага.

И Второ, намерно кажувам груби зборови за да се свати фигуративно суштината на која што мислам. Владата да придонесе да се избегне амбиентот кој што е создаден со право или без право во јавноста, но тоа е доста присутно дека транзицијата кај еден голем дел на луѓе и во државните институции ја сфаќаат како кражба. И така се однесуваат многу често, велам некои од нив. Колку ќе успее Владата од оваа таканаречена свест али уште повеќе од ваквите постапки да се ослободат институциите на системот толкав ќе биде и нејзиниот успех во

наредниот период, бар оној период до кога таа како таква ќе функционира. Јас навистина сум запрепастен понекогаш кога може да се чујат и да се видат луѓе кои што и припаѓаат на социјалдемократската партија која по своја суштина има социјална основа во својата и транзициона политика кој што се однесуваат како најдесни тачеризам или бивши либерализам од 18-ти век во смисла на транзицијата сега која што се прави.

И затоа би препорачал доколку тоа има смисла, а мислам дека има, дека некои работи околу транзиционите процеси сега треба подлабински Владата да почне да ги проучува и да види како можат да одат понатмаошните теченија. Какви резултати кои модели на приватизација досега дадоа?

XIII/1.- РД/НД

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Кои се нивни резултати? Кој модел сега се констатира дека повеќе резултати дава и дека повеќе треба да се преферира во нашиот живот и низ фискална и низ кредитна или не знам која друга политика. Каков е односот? Ние некни расправавме и некои луѓе се обидоа да ви- дата каква е нашата денешна свест за приватната сопственост. Нели е таа сватена како апсолутно располагање кое нема врска за обврските према општеството и према трудот,или е таа истовремено и неограничено располагање со имотот, а и обврска према оние кои во тој труд се вклучени и обврска према општеството. Каков е тој однос? Бидејќи без тој лигички ред на нештата, тврдам дека ние не можеме да дојдеме до една заокружена, модерна,капиталистичка или како сакате трансформирано општество од модерен капиталистички тип. Велам дека поради вакви нешта ова што зборуваме за корупцијата а која е повеќе сверно октоподна, јас очекував денес, морам да кажам, дека господинот Бранко премиерот малку ќе ги повтори на поширока основа она што го кажа во неговиот многу продуховен говор и опредметен говор пред два месеца во врска со криминалните појави во земјата. Бидејќи очигледно тензијата на општеството во тоа подрачје се наоѓа, само треба со сите сили, со сите канонади да се удира. Мислев дека таа шанса можеше и подобро и денес да се искористи, за да се во оваа екипа гледа една сила нов дух во овие три четири подрачја, што веројатно ги има многу повеќе кој што бараат еден друг приод.

Друго сакав да кажам следно: Ние сите овие теми кои се општи и заеднички мораме да ги користиме и се користат за некои посебни теми кои што се и нормални, тие не можат да се избегнат и јас сега на оваа трибина не можам да избегнам да кажам кој прашања ми се отворени од аспект на некои права, колективни права во рамките на

граѓаните. Меѓутоа, секој пат пристапот ни е едни се браниме дека тоа што е дадено е доволно или многу или повеќе или премногу, други дека тоа што е не е доволно и треба понатаму да се инсистира и се во некаква состојба како едни на други едноставно да се спротивставуваме, наместо да се најде јазик на совпаѓање на начин кој оди кон разрешуваше на проблемите. На пример, сите теми кои што се врзани за остварување на граѓанските и колективните права на националностите кај нас, мислам на албанците, пред се заради големината тоа се образованието и јазикот, партиципацијата во власта и симболите. Дајте да почнеме Владата нека има еден проект за нив еден по еден, барем за пристапот. Мора да градиме еднаш проект дека пристап ќе градиме за ваков или таков за тие односи. И за тој проект еднаш да се седне и да се направи една јавна расправа, по сите овие прашања, ако веќе ги оцениме дека се отворени, бидејќи постојано ни се враќаат и постојано еве створаме амплитудни, кризни ситуации во одредени моменти како што ќе се јават. Мислам дека треба да има смелост. На пример јас сам размислувам да понудам еден концепт, сеедно дали ќе се прими или не, но на Владата да и се понуди и на Министерството за разрешување на проблемот за образование како заокружен систем на албанците во Македонија, вклучувајќи го и високото образование. Нека се седне отворено, нека се организира округла маса, научници, научни институции итн. Сакам да кажам еден од мора да се обезбеди. а тој од релаксира по пат кога ќе се контролираат можностите и потребите и проблемите итн. Вака чекаме од момент во момент, од инцидент во инцидент тие работи да ни се натрупуваат, а тие се наши. Едни сметаме дека тие прашања на албанците се само албански и дека тоа не ги тангира другиот дел, а јас тврдам дека тие се општо државни. Ако се заеднички проблеми, дајте да седнеме и заеднички да ги расправаме и тогаш кога не сме согласуваме во моментот и веднаш. Нека трае тоа, нека тече, па со време ќе се најде и соодветно решение.

Да кажам сега во однос на министрите албанци, гледам и еден позитивен чекор, ако смеам така да кажам и од страна на Партијата за демократски просперитет во овој случај, ако не се лажам има еден министер, по моја оценка, така барем сум информиран, дека е предложен на листата на Партијата за демократски просперитет, а не е член на таа партија, мислам дека е тоа господинот Менаф Незири и мислам дека е тоа добро. Зошто мислам дека е добро? Затоа што сметавме кога се залагавме Партијата за демократски просперитет во Владата да не учествува само како партија туку да учествува со цела кондиција на сите албанци. И таа е и така застапена со бројот на министрите, не по бројот на пратениците, но еве условно да кажам по некое застапеност на албанската националност во Македонија. Мислам дека тоа е добро и во натамошниот од, дури уште повеќе треба да се отвори и да има место и за интелектуалци да кажам партиски, но се разбира кој ја прифаќа политиката на таа партија. Така да од таа гледна точка јас од своја страна ќе ја поддржам Владата со овој предлог сега.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Даме и господа пратеници, господа предложени министри, јас ќе се трудам да бидам што пократок, бидејќи моите претходни дискутанти беа многу децидни и искажаа се што требаше, меѓутоа и јас сакав за нешто да се произнесам во врска со довербата што треба да ја добие Владата.

Во принцип сум за тоа да се најде заеднички јазик за сите крупни работи, но за жал и ден денеска за некои што се највредни, најактуелни работи и најчувствителни уште и ден денеска не можеме да најдеме разбирање, а за жал и досегашната влада не најде за сходно ова да го надмине како што треба. Има неколку причини што можам да ги образложам дека ова влада не заслужува да ја добие довербата имајќи

го предвид составот на овој Парламент, сигурен сум дека тоа ќе го добие без оглед дека некои како поединци или како пратенички групи не се согласуваме. Зошто не се согласуваме и кои се тие причини можеме да ги наредиме но повторно тоа ќе си оди како што одело досега и понатаму.

Ако ми дозволите накратко да ги кажам некои од причините што навистина морално и душевно не ми дозволуваат да им даваме доверба но морам да кажам и тоа дека ништо немаме против некои поединци и некои стручњаци на Владата или министрите кои мислам дека сериозно ја охрабрувале работата и овие што се предложени можеби се добри луѓе што навистина инсистираат да дадат резултати, но јас претпоставувам дека глобалната политика што ја водела досега оваа влада и оваа коалиција не давала резултати кој што навистина би требало да доведе до подобра состојба. Зошто го кажувам ова и дали имам сериозно образложение. Верувам дека имам доволно факти и аргументи со кои сите ќе се убедеме дека е така. Имено, никој не може да ми негира дека полити- ката која се води во Република Македонија, да не се изразам грубо но се води дволично. Ние можеме да констатираме и од некои елементарни работи што на пример најврвните луѓе што се на државата кога даваат интервју на пример, поинаку се дава на пример еден интервју во Флака е влазеримит, поинаку се дава на пример за Нова Македонија, а поинаку се дава еден интервју за весникот Фигаро, за весникот Ле монт, за весникот Елефтеротипија и за весникот да кажам Зри и тн. Зошто се прави ова. Се знае од многу причини се прави, бидејќи меѓу нас секој е одговорен, треба тука да го каже тоа што е во суштина, тука да ги кажува сите тие проблеми што се во државата, а не преку некои весници што на пример јас сум бил фасциниран како може еден најодговорен човек во државата да се однесува негирајќи се што се случува помеѓу нас и во врска со сите работи што се поврзани со глобалната политика на државата, имајќи ги предвид тука и меѓунационалните односи.

XIII/5

Понатаму, гледано од аспект на целокупниот интерес на граѓаните скоро секогаш биле прикриени економските порази со некои меѓуетнички блефови за да се аклиматизира големото жариште,како на пример аферата ТАТ и други економски афери што деновиве уште се актуелни. Што значи ова? Ова значи дека кога ние инсистираме да го надминеме еден проблем и кога не можеме и не избираме сили тоа да го надминеме, секогаш отвораме едно жариште од национална основа, а случајот е посвеж и во Гостивар, Тетово и во ред други градови кои претежно се албански. Јас навистина сум се чудел, па можеби и вие што му беше сега интересот на Уставниот суд, конкретно деновиве, Уставниот суд да ја покрене таа иницијатива за да може токму во ова време да разговара за еден проблем кој се однесува во врска со употреба на знамињата во одредени градови, претежно кои што се албански. Јас се чудам дали Уставниот суд во моментот е под влијание на државата, како постапи и понатака во оваа форма, јас мислам дека излезе на едно ниво што на пример некои, да не кажам со имиња секогаш се појавуваат како дежурни посматрачи како во типот на некои луѓе конкретно пратеникот од Тетово кој секогаш инсистира да го покажува македонскиот дел, западниот дел од државата дека секогаш таму се случува нешто, дека таму некој дел од граѓаните се под притисок и дека секогаш таму има некој хаос. Имавме прилика и претходно да го слушнеме еден дискутант кој рече дека и таму вака вријат знамињата, таму се загрозени еден дел на македонците што живеат претежно во западниот дел итн. што во суштина не е вистина и во суштина се најде некој елемент кој наместо да ги смирува работите наместо секој дек да придонесе за да се смират и надминат проблемите, мене ми се чини дека секој ден по еден огин запалува за да може секој ден да биде актуелен на сцена во политика.

Дали ние можеме со овој стил на работење и со ова метода да придонесеме, јас би го прашал зошто во некои аспекти Владата толерира

и во некој аспект излезе под влијание на одредена индивидуа кој конкретно можам да кажам не го сака доброто на оваа држава, туку во разни форми инсистира да наметнува некои сценарија што се сосема без употреба и без некој придонес.

Јас нема да должам повеќе, имам уште една голема забелешка зошто Владата конкретно еден дел на предложени закони што беа и беа внесени во првата процедура, јас можам да ги наведам кои се тие закони иако сите ги знаеме ги одолговлечува и никако да се доведат повторно во процедура за да се донесат тие закони. Кога има можност некои закони за некои ситни потреби се донесуваат под итна постапка, а некои што се битни, што се многу интересни не се носат, и токму тие работи кај одредени пратеници ги доведуваат во една недоверба. Мислам дека Законот што беше во првата фаза, конкретно ми е зборот за Законот за високо образование. Треба да се донесе тој закон и еднаш за секогаш да се реши тој. проблем. Исто така и во ова Собрание се одолговлечува правилникот за работа што е главниот сегмент за отпочнување со работа. Зошто не се донесе тој. Јас мислам дека треба да се донесе од разни причини, бидејќи регулативата која е елементарен сегмент на ова Собрание би требала да се донесе за да се најде крај еднаш засекогаш на таа работа. Потоа,не би требало да се влече работата на пример во процедура се кажува дека веќе долго време е Законот за знамињата. Јас сум убеден дека тој закон е припремен. Но не треба ние да страхуваме конкретно од некои опозициони партии кој навистина сме убедени дека немаат ни шанса со такво однесување да ја добијат власта. Од тој аспект тие мислат дека со симнување на глави на некои од одредени националности ќе го добијат електоратот и ќе ја добијат довербата на граѓаните. Никогаш не треба да се мисли така, туку треба перманентно да се работи за да се донесат некои закони што се важни и кога ќе се донесат тие закони јас сум убеден дека и вие треба да бидете убедени дека поинаку ќе оди работата и ќе имаме ние успех во

работата на Собранието и на ред други работи што се во ред. Едно големо недоразбирање, не е донесен уште Законот за денационализација. Зошто се одолговлечува тоа. Би требало тоа да се донесе. Не треба да толерираме сите граѓани да ја изгубат комплет довербата и да кажуваат дека додека да се приватизира сите тие што треба да се приватизираат, тогаш да се донесе тој закон. Зошто? Тогаш нема причина да се донесе. Сосема ќе биде доцна тогаш. На крајот ние со тој став со такво однесување ќе ја изгубиме комплет довербата и кај граѓаните и кај одредени луѓе што нормално ја следат работата и на Владата и на законодавниот дом конкретно во Парламентот. Уште еднаш би сакал оваа влада што ќе биде избрана убеден сум дека не може да ги реши проблемите, но да почне да ги решава проблемите ќе биде еден успех. А нашата пратеничка група го даде своето мислење во врска со ова.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседавач, почитувани колеги пратеници, почитувани кандидати за министри, на почетокот на мојата дискусија ќе ја истакнам личната вознемиреност која ја чувствувам со самото излегување на оваа говорница затоа што последните збиднувања во Битола, каде најконкретно на највулгарен начин беше серозен нашиот пратенички дигнитет, да искажам став во ова собраниска куќа добива одговор преку тенденциозно насочување на народни маси со рушувачки антидемократски, антицивилизирачки постапки и со тоа да се покаже дека оваа држава има алтернатива.

XIV/1.- СП/ВБ

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Навистина, ако се дозволи тоа, и понатаму да се толерира а тоа, за жал, е така навистина не е можно повеќе да се декларира дека постои извршна власт која ги почитува и заштитува уставните норми на оваа држава. Но, сепак личната гордост и обврската која сум ја добил од избирачите ми кажува со натамошни дискусии и политички методи Либерално-Демократската партија се залагам да ја издигнам оваа држава во еден цивилизаторски кодекс на односи со почитување на основното граѓанско право.

Денешната тема ја гледам во контекст на материјалите кои ги имаме пред себе, а тоа се листата на министри за разрешување, предлогот за состав на новата Влада на Република Македонија како и излагањето на претседателот на Владата на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски. Така ќе следи мојата анализа по истите.

По однос на листата кој е за разрешување би кажал премиерот кој променува свои осум досегашни колеги би требало поопширно да се зафати за причините кои доведоа до ваков радикализам во односите на силите, а тука се веќе извршените рокади на поодделни министерства од поодделни министри. Дали тоа значи дека тоа е целосен пораз на досега водената политика во државата? Сепак достоинството на Парламентот и институцијата претседател на држава не го заслужува тоа. Вака во историјата на македонската извршна власт се создава "црна дупка" од една ипол година временска дистанца.

За презентираното излагање на г-динот премиер ќе кажам дека е под нивото на овој Парламент. Вакво образложение навистина не очекував, како по квантитет на искажани зборови, а посебно по квалитетот на тие зборови. Во овој контекст ќе искажам зошто така и

чувствувам дека ова не е Влада до наредни избори, туку Влада за избори каде и кога ќе се најде место за останатите функции кои треба да ги обавува оваа држава. Слушнавме, а и прочитавме основните програмски насоки и долгорочни цели остануваат исти, а кои се и какви се на внатрешен план, ќе презентирам јас лично на ниво кое може да се осознае од статистичките податоци од неколку официјални институции кои виреат, повторувам вириеат во РМ, а тоа би биле финансиски дефицит на платниот биланс на државата се движи од 144.052 милиони амерички долари во 1993 година, 398.759 милиони американски долари во 1994 година, 514.865 милиони амерички долари во 1995 година и околу 700 милиони американски долари во 1996 година. Оваа бројка е под знак прашалник бидејќи повеќе институции во оваа држава која ја тангираат оваа проблематика ја оспорија, но не во оној процент очигледно да не се забележи секоја година растот на дефицитот во платниот биланс на оваа држава. Што значи тоа оставам на коментар на финансиските и стручњаците од јавните медиуми. Навистина еднаш да дадат адекватен третман на оваа поразителна појава.

Државните девизни резерви пополека, но сигурно се топат. Ова е од извештајот на Народната банка на РМ. Бројот на вработени во РМ се движи од 421.028 во 1993 година, до во негатива 336.176 илјади вработени во 1996 година исто така бројот на невработените се движи од 174.848 граѓани во Република Македонија во 1993 година на 245.095 до крајот на 1996 година плус нови 14-17 илјади невработени продуцирани за овие 4,5 месеци во 1997 година.

Јавната потрошувачка во однос на општествениот производ е 48%, а норма на средно развиени земји е максимум 25%. Навистина што е за признавање создадена е армија акционери со бројка од 200 јади, но сега се поставува прашањето што со нив, за што берзата хартии од вредност мирува, трансакции нема, а мнозинството од овие акционери немаат

примено личен доход повеќе од три месеци. Единствен досегашен начин на финансирање кој се практицира во оваа држава е кредитното задолжение кој колку да изгледа евтин сепак е најскап начин на финансирање. Точно е да ги споменувате странските директни инвестиции, за жал премиерот не е присутен, а сепак му се обраќам нему, но уште поточна е констатацијата кои сами си ја имате изречено дека оваа проблематика е навистина на ниско ниво со јавното искажување постоечката владина гарнитура не може да согледа кој е обемот на странските директни инвестиции во РМ. Ова е цитирам извадок од материјалот усвоен на седница на поранешната Влада под претседателство на господинот Бранко Црвенковски. Значи тоа е материјал усвоен на Влада каде децидно уште еднаш ќе повторам Владата не може да согледа кој е обемот на странските инвестиции во директни инвестиции во РМ. Е, ако самата Влада не може да оцени и да согледа ги согледале стручњаците од Светската банка и ги објавиле во својот последен најнов број на "финансиски журнал" а тие се во износ од 36 милиони американски долари, а тоа е еден од најниските износи во однос на сите земји во транзиција, а далеку најниска во однос на земјите од нашето поблиско и подалечно опкружување, земјите од бивша Југославија како и Балканските околни држави.

За атрибутите на цивилното општество се искажав во првиот дел од моето излагање со единствена констатација додека оваа извршна власт постои такви атрибути во РМ не постојат.

По однос на третиот пишан материјал листата на нови кандидати можам индивидуално да искажам индивидуалните и стручните квалитети на сите поединци се на завидно ниво. Запазен е повторно професорскиот кадар, должна почит кон истите, за што истите и сме примале и примаме стручни едукации. Посебно го истакнувам и квалитетот

што е стекнат при доаѓањето на двајцата битолски министри. Но, проблемот не е во индивидуалноста на министрите, туку во нивното колективно делување. Досегашниот менаџер господинот премиер со своите претприемачки предиспозиции ни ги покажа досегашните детерминанти искажани погоре во моето образложение кои не влеваат оптимистичка веројатност за случување на подобри денови во РМ. Затоа баравме како Либерално-Демократска партија Парламентот да се самораспушти и се организираат нови предвремени парламентарни избори. Сепак нови пред- времени парламентарни избори, по мене, се единствениот можен коректор на оваа моментална катастрофална состојба во државата. Се плашам "црната дупка" да не се продолжи уште повеќе па до редовните избори да не остане ништо од државата. Затоа немам аргументи и елементи да дадам поддршка на најновиот предлог на премиерот.

Морам да искажам и по убедување сум либерал-демократ. Таа филозофија на живеење, убедување, постоеше, работење, води корени уште од физиократската филозофија која продуцира животот на луѓето социјално, политички е потчинет на законите за природата. Природата т.е. слободата, либерализмот произведуваат вредности на живеење. Тоа е снагата на природата. Дајте и вие воспримете ги овие постулати, господа понудени за министри. Со сила, со идеја за профит по секоја цена власт по секоја цена, не се оди далеку и да не ја прифатите оваа природна идеја за предвремени избори во контекст на онаа филозофија на која сум следбеник сепак ова филозофско објаснување стои. Таа идеја осозрева на овие простори меѓу интелигенција, младината, пензионерите, па богами ќе се обидеме тоа да го едуцираме на одреден начин и помеѓу акционерите.

Времето со истрајноста отчукува на наша страна. Само да потсетам да еден крак од ова физиократско учење нашло место во теоријата на невидливо око кое видливо е аплицирано на банкнотата од

еден американски долар, идеја на секој жител на оваа Земјина топка. Друг крак на оваа филозофија ја раздвижило Европа со француската револуција и од 1789 до 1794 и во 1848 година. Времето за ова учење на овие простори отчукува. Ви препорачувам да размислите.

Благодарам.

**ЏЕАЛДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, почитувани кандидати за министри, Би сакал во своето, се надевам кратко излагање да се осврнам на некои теми кои беа истакнати во излагањето на премиерот, а кои сметам дека ќе бидам од исклучителна важност за оценките за успешноста на оваа Влада односно за одржување на оваа Влада затоа што како што гледате многу тешко стана да се биде министер во РМ затоа што проблемите кои натежнуваат, проблемите со кои се соочуваме бараат секогаш нови луѓе кои секогаш, се надеваме, дека ќе понудат излез од состојбите во кои се наоѓаме. Во секој случај сметам дека едно од поважните прашања кои беа истакнати во краткото излагање на премиерот, а кои што сметам дека се навистина тие прашања кои во голема мера диктираат како ќе се развиваат внатрешно-политичките така и економските односи е на тоа што премиерот го наброја и тоа таксативно дека огромно внимание оваа Влада ќе посвети на јакнењето на меѓународниот углед на РМ е таблирањето на РМ во европските интеграции со крајна цел и самите да станеме дел од Европската унија и се разбира јакнењето со НАТО, односно полноправно членство во оваа воено-политичка структура.

Во смисла на овие цели би сакал да истакнам дека и покрај тоа што не само оваа Влада, претпоставувам и сите претходни, обрнуваа

поголемо внимание на ова прашање сепак со оваа политика која се води многу малку може да се постигне односно не може да се убеди меѓународниот фактор дека навистина РМ чекори во потребна насока да се постигне односно да се јакне меѓународниот углед на РМ и да се стремиме кон европските интеграции. Пред се тука мислам на некои проблеми кои во континуитет се присутни на внатрешен план и кои ја детерминираат успешноста на РМ и на меѓународен план. Без оглед на сите тие укажувања односно на изјавите за подготвеност за почитување на стандардите познати во Европа од доменот на меѓунационалните односи, односно обидите за создавање на атмосфера на меѓунационална толеранција и меѓусебно почитување сепак до сега не може да се пофалиме односно доколку би се направила една анализа колку РМ постапува според преземените обврски и заложби при зачленување односно во текот на докажување дека се стреми кон одредени европски институции, сметам дека со многу малку можеме да се пофалиме односно мислам дека тоа што е постигнато, тоа што се прави не е во согласност и во сразмер со реалните потреби односно напори што РМ треба да ги вложи на овој план. Сметам дека РМ во голема мера односно Владата и Парламентот во голема мера заостануваат по однос на почитување на преземените обврски кон одредени меѓународни организации, а пред се тука мислам на ОН, Советот на Европа и на ОБСЕ.

Сметам дека во овој поглед сеуште постои едностран поглед , поглед што не остава простор за заемен договор, почитување на ставовите на другиот, туку во најголем случаеви се наметнуваат арбитрарни решенија без да се почитува искажаната волја и потребите, посебно мислам на Албанците и на реалноста на РМ.

Второ прашање кое сметам дека е од важност при постигнување на овие цели кои ги има и оваа Влада пред себе е политиката на еквидистанца која од самиот почеток на постоење на оваа држава се

афирмира односно се истакнува како една од поголемите постигнувања на оваа Влада во позитивна смисла. Сметам дека и Владата и РМ треба место политика на еквидистанца да применува политика добрососедство и поттикнување на соработка. Вака како што одат работите мислам дека неприродно се обидуваме да ги држиме сите земји на дистанца од нас, а од друга страна сме упатени многу често блиску да соработуваме со една или со друга држава. Сметам дури и во самата идеја за јакнење на соработката со НАТО и до полноправно членство неопходни се случувања на вакви договори за добрососедство и соработка со сите држави од опкружувањето бидејќи без такви договори сметам дека овие напори нема да можат да се постигнат.

Понатаму во самото излагање, а и тоа што е причина за реформи односно за реконструкција на оваа Влада на сите ни се позна- ти состојбите со кои се соочуваме како на економски план така и во самото општество во поглед на присуството на криминалот, корупцијата и редица други појави кои не даваат да земе замав односно да просперира општеството. Сметам дека во оваа смисла државата треба како прво да го ослободи општеството односно да го ослободи од своето влијание. Тука пред се мислам дека треба да се направат одредени чекори во поглед на дерегулацијата, разбивање на монополството и редица други прашања кои се поврзани со влијанието на државата во стопанството, како што се утврдување на контингенти и редица други мерки кои ги презема државата, а кои на директен начин придонесуваат во државата да се развива корупцијата, митото и сите други проблеми кои не му овозможуваат на стопанството односно на економијата да го земе потребниот замав.

Уште еднаш да повторам тука е потребна апсолутна дерегулација, ослободување на стопанството од стегите на државата и натамошниот развој.

XV/1.- НН/ЉР

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

И, кога веќе зборуваме за економијата, развојот, тоа што и во самото излагање е, а сметам дека ќе биде цел и на оваа Влада, верувам и на сите нас заедно тука, растот на општествениот производ, зголемување на извозот за поголеми странски инвестиции и редица други прашања за кои што се согласуваме дека се од стратешки интерес за државата. Сметам дека не ќе можат да се остварат без разрешување на некои отворени прашања што постојат во РМ, а пред се тука мислам на одредени отворени прашања и внатре во РМ,. за кои што никого не можеме да обвинуваме. Сметам дека во оваа смисла за надминување на овие состојби за стварање на подобра слика на РМ како држава пожелна за привлекување на инвестициите потребно е да се направат додатни напори, да се одбегнат несогласувањата, односно недоразбирањата кои што постојат посебно на меѓунационален план. Додека за некој други прашања кои што се поврзани со положбата на РМ односно односите со другите држави сметам дека можеби со едно поттикнување на една политика на добрососедство и соработка, како што кажав наместо еквидистанца можеби би можело да се направи и повеќе.

И, кога зборуваме за странските инвестиции и покрај влијанието кое што го има опкружувањето на РМ не може да се оттргне фактот дека во голема мера, впрочем тоа г-динот Наум Симјаноски го кажа дека РМ за жал се наоѓа на самото дно по привлечноста на странските инвеститори. Јас мислам дека не е случајност. Тоа е предизвикано покрај сите овие други прашања, окружението и редица други работи мислам дека е поврзано и за самите состојби во РМ Се согласувам со сите тие кои што тврдат дека не е на критично ниво, но во секој случај не даваат спокојство и мир за да се занимаваме со други работи.

XV/2.-

Не би сакал при ова што го искажувам да го дадам и мојот придонес во однос на тоа што сметам дека е од приоритетно значење да се направи во РМ за да се надминат сите овие состојби. Пред се, јас го кажав тоа а и понатаму сметам дека е тоа едно од поважните прашања, а тоа е дерегулацијата односно ослободувањето ан стопанството од стегите на државата.

Второто прашање е прашањето на децентрализацијата односно деконцентрацијата на власта. Сметам дека доколку се повеќе ќе се обидува државата да ја држи власта што погоре, толку повеќе ќе има мака да ја контролира корупцијата и криминалот и во овој поглед потребно е да се направат дополнителни напори за да се симне власта во подолните инстанци. Впрочем ова беше една од заложбите кои што беа истакнати и при донесувањето на Законот за локалната самоуправа и законот за територијална поделба. Тогаш од страна на министерот за правда се вети дека наредниот чеков на оваа Влада ќе биде деконцентрација, односно децентрализација на власта на пониските нивоа на раководење.

Следна работа која што сметам дека треба да ја направи оваа влада е консеквентно, со одлучност да ги почитува преземените обврски кон меѓународните институции. Во овој поглед јас укажувам дека константните разлики кои што и понатаму ќе постојат меѓу пратениците албанци, односно албанските политички партии и Владата по поглед на интерпретирањето, исполнувањето на одредени норми кои што сметам дека во секој случај, во крајна инстанца и штетат на угледот на РМ и Владата би требало да направи дополнителни напори да се избегнат овие ситуации каде што многу често ние меѓу себе имаме недоразбирање.

XV/3.-

На крајот би сакал да напоменам некои секојдневни проблеми со кои се соочуваат граѓаните, а и ние како пратеници, а кои што мислам дека треба да имаат приоритет во работењето на оваа Влада.

Пред се, тука сметам и понатаму едно од пожешките прашања односно прашањата кои им го загорчуваат животот на голем број на граѓани е прашањето на државјанството и нерегулирањето на овој статус. Сметам дека и покрај големите напори што сами ние како пратеници ги правиме во соработка со ресорните органи во Министерството за внатрешни работи сепак има голем број на граѓани кои што го немаат регулирано ова прашање и за кој што сметам дека Владата треба да размисли и да предложи, да пристапи кон одредени измени во Законот. И во самото Министерство за внатрешни работи сме свесни за сите измени што треба да се направат и јас очекувам од оваа Влада во најскоро време да излезе со одредени измени со овој закон.

Понатаму, сметам дека е присутно незадоволство околу можноста на одредени состојби во некои јавни претпријатија. Тука пред се мислам на неразрешените состојби во овие јавни претпријатија каде што подолго време се толерира неименување на раководно лице во овие претпријатија со што само се продолжува исчекувањето кај вработените и на некој начин се шири хаосот таму без да постои одредена личност која ќе ги насочува работите, ќе раководи со претпријатијата и кои што ан некој начин не овозможат добро работење на овие претпријатија. Тука пред се мислам на јавното претпријатие за Аеродромски услуги и на Поштата, Телеком, претпријатија кои што сметам дека се од исклучителна важност за државата и кои не би требало да се остават и во иднина во овој статус што го имаат.

XV/4.-

Под итно сметам дека Владата треба да пристапи кон именување на раководни лица на овие претпријатија.

Понатаму, од оваа Влада очекувам и барам во исто време да води повеќе сметка за културните потреби односно за манифестациите чии што носители се припадници на националностите. За жал, според информациите што ги имавме оваа година Министерството за култура финансира само манифестации каде што се носители од македонско јазично подрачје, додека сите манифестации каде што се носители националностите не се предвидени за финансирање. Очекувам ова да се надмине и да се внесат во програмите за финансирање и овие институции со што ќе се надмине ова според мене отворена дискриминација што се прави во оваа сфера.

На крајот да кажам дека сепак како претставник од пратеничката група од партијата што е во коалицијата ќе гласам за оваа Влада од проста причина што се надевам дека овој пат барем ќе собере сили овој раководен тим, овие министри кои што ќе се соочат со овие проблеми дека од една страна сигурно ај имаат широката поддршка од јавноста, од нас како пратеници, а се надевам дека и самите влегуваат со одличност во расчитување на овие состојби за кои што предизвикаа и реконструкција на оваа Влада.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Најдовски бара збор - процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани пратеници,

Немам намера да навлегувам во компетенциите на претседателот на Собранието на Република Македонија, но со оглед на тоа што во

негова надлежност водењето на седницата и текот на самата седница би сакал да добијам информација како се планира понатаму да тече оваа седница од неколку причини.

Имено, гледаме овде дека се помал број пратеници се присутни. Поголемиот број од Владата се министри исто така влегуваат излегуваат премиерот изгледа и тој имаше обврски, еден дел од седницата не беше присутен тука, па сметам дека концентрацијата кај сите нас е некако при крај. Дојдовме во 10 часот, чекавме до 14 часот додека да започне, седницата, па би било добро, мој предлог е, не сакам да навлегувам во Вашата надлежност како ќе ја водите натаму седницата, но би било добро доколку се согласите денес тука да прекратиме и утре да продолжиме. На крај краишта и оваа влада што се бира не заслужува на еден ваков начин тука преку ноќ, не е сигурно некоја вонредна состојба да мораме на еден ваков начин да продолжиме да работиме,. Тоа е само мој предлог, инаку вие сте тие што одлучувате како ќе работиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот е за почит, но знаете Владата мора да функционира, функциите мора да се вршат, а како што гледате старата не функционира, а новата не ја избравме, а поради тие причини мислам дека е добро вечерва да избереме нова Влада.

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со една мала дегресија, прво потпретседавачот, другарот Џеладин Мурати да му се заблагодарува на г-динот Тито Петковски, да го почасти вечерва, што го спаси. Како - што размислете вие.

Ние денеска цел ден, па и вечерва имаме уште една точка на дневен ред , тоа е избор во нов состав на Владата на РМ.

XV/6.-

Најверојатно вие сами свесно или несвесно поставивте можеби околу 100 потпрашања. Значи кога се работи за избор на Влада, или за реконструкција или за доверба, или за овој избор во нов состав тоа е се исто скоро може да се зборува за еден конгломерат на проблеми тука скоро и нема граница. Чудо прашања, досегашната Влада, идната Влада, како таа Влада работела и како се претпоставува наводно дека ќе работи и во новиот состав. Може да се разговара без крај, колку сакате за сите проблеми што беа тука спомнати, но јас немам намера не само да повторувам, туку и да потенцирам некои.

Заради концизноста, економичноста, односно рационалноста во секој поглед со тоа да се измени она што може да се измени на ова мое денешно излагање во прилог по втор пат му ги приложувам моите дискусии на 29-та седница на Собранието на РМ од 21.11,1996 година, 59-та седница од 20.03.1997 година и сличните мои излагања од оваа говорница. Инаку ќе ни требаше најмалку два часа.

Од друга страна не би сакал да повторувам ништо од тоа што беше тука речено денеска од претходните дискутанти кои говореа со типичен осврт, кои беа некоја опозиција било права или привидна, со кои потполно се согласувам со сите оние кои поднесоа слични мислења со најсериозна и најискрена намера и на објективен и конструктивен начин и тоа без компромисно. Меѓутоа имам припремено, но сепак ќе скратам колку можам дека Владата треба да ги извршува уставните и законски одредби, нормално и меѓународните договори и конвенции, па во тој поглед може да се анализира малку што направила досега и како ги применувала. Јас би рекол, да не бидам нихелист да негирам се како можеби некогаш се добива впечаток, туку да бидеме пореални и пообјективни лошо ги споредувале, да не кажам никако, и ако гледаме само да ги набројам, а веројатно вие ги знаете. Тоа се однесува до членот 91 етав 1 точка 1 Влаата на РМ ја утврдува поли- тиакта на

извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување. Тука објективно скоро нема ништо. Владата наместо да е сервис на Собранието како што знаете и за жал, можеби единствено и кај нас, во оваа држава е обрнато.

И да се потсетиме уште, во преамбулата на актуелниот Устав од 1991 година се потенцира "се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и крајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во РМ". Мора да се рекапитулира дека никаде не сме. Значи во Уставот иако албанците не гласаа за овој Устав, тоа се знаеме само тука, туку секаде, а меѓутоа, сепак еден ваков Устав кога се донесува тој треба да се применува. Ако не тогаш си во спротивност, во конфликт со тој закон и одговараш, како што може да одговара по тој Закон. Значи, и во тој поглед имаме сосема малку, да не кажам никако и дека се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност... Според член 9 став 1 граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од националното и социјалното потекло итн.

Кога се работи врз основа на Уставот каде сме ние за тие проблеми што беа потенцирани што беа тука а посебно што се однесува до употребата на националното, неалбанското, туку националното знаме на албанците што ќе биде најверојатно кога ќе се предлага Законот за употреба на знамињата, тогаш ќе биде подетално понаучно, поконкретно, поправдано. Треба д асе припрема цела Македонија коко треба да изгледа ова нормирање, регулирање на таа материја но само тоа што е во Уставот. Нормално дека се повикуваат и многу партии, не само мојата, точно во член 48 став 1 дека припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот

идентитет и националните особености. Секој кој ќе го негира тоа, а за жал само накратко тоа го направи Уставниот суд што овој пат погреши многу, затоа што беше неколкупати тука и до самата Влада дека тој закон ќе се донесе и такво знаме ќе се употребува со некоја примедба дека треба да има некоја црта или точка,за тоа ќе разговараме друг пат. Значи нешто и тука не е во ред, под притисок, или згрешил иако тие се големи стручњаци, уште имам доверба иако направиле неколку грешки "со Педагошки факултет, па и сега со знамињата итн."

XVI/1.-CC/MJ1

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

На крајот, поврзано како што одат работите, со најновите ескалации на проблемите, посебно во Гостивар, што јас најмалку два пати за овие 15 дена се произнесов во Собранието дека не сносам никаква одговорност, ниту морална ниту материјална, ете тоа, некако се покажа дека сум во право, сакам да го дадам својот придонес и да ви кажам една работа дека, како што знаете решенијата, одлуките на Уставниот суд се извршни и правосилни. Меѓутоа, дали се правилни или не. Ако одредбите на некој закон, Устав ги прекршува еден човек, една мала група, одма се одговара. Во прашање е тука членот 2, став 1 од Уставот на Република Македонија, дека суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Па луѓе, убива овој член, навистина и нас сите тука и Уставниот суд и било кој да го прекршува. Значи, тој народ, 15-20. .иљади граѓани, тоа значи тие се суверени, дел на сувереноста. А ние, како групација па било тоа Уставниот суд, почитуваниот Уставен суд, па било да е Влада од 15-20 министри ако го прекршува Уставот и Законот, исто одговара. Тоа се знае. Каков - таков Устав е. Има некои одредби, стандарди, норми меѓународни кои се одлични.

Јас не сум сосема против целиот Устав. Уставот не е роден во Македонија. Тоа се преземени норми од конвенции, меѓународни норми и што ја знам. Таму, во тој дел се гледа каде се чисто од македонско небо, се гледа слабото место. Значи, наметнати се неколку члена и така дури и на пониско ниво се наместени него што беа во монистичката поранешна Југославија. Тука нема што.

И тоа да го скратам.

За среќа, наместо да се одржи подолг говор, јас само рафално и тоа ненамерно ќе ви прочитам само некои работи, како наслови, поглавја, поднаслови на книги и да ви кажам дека веќе оваа Влада или

оној дел од Владата, делот кој оди или Владата што оди, мора да претстави тука некој биланс. Мора некое експозе, што и беше речено, да не повторам, некому. Молам, нека ме извини многу почитуваниот премиер на мнозинството, затоа што не е мој, на мнозинската партија, ова негово експозе од 10 минути, добро што беше краток, но не беше ништо. Значи, мора да кажеше нешто што работеше Владата за овој период од реконструкцијата, значи од минатата година, едно 15 месеци од 21 февруари 1996 година, па најмалку за овие два месеци, ве молам, кога од вас доби доверба.

Што имаше во експозето? Нула. Работи раскажани преку телевизија дека разговарал со некои партии, па ќе видиме какви ќе бидат предвремените избори. Бистар е овој дечко да знаете. Ги измами сите челници на партиите. .Да кажам за тоа. Нема тука што. Меѓутоа, можеби намерно, свесно или несвесно се прави некоја игра, па сега, верувале или не, некои од министрите отидоа, не е ништо смешно, тие се попаметни од овие кои доаѓаат. Избегнуваат од одговорност од октоподот, од ТАТ-от, од Битола од Македонија, од криминалот и одат. На некој начин можда и тие зедоа нешто, се зборува, 400 милиони марки се во прашање, во печатот беше. Можеби тука Фрчко се сфрчкал нешто. Така е тоа. Си отиде. Паметен е. Оние кои ќе дојдат ќе ја сносат одговорноста.

Па и јас, да ме понуди сега овде било кое министерско место господинот Црвенковски или на негово место премиер, не, не би се зафатил. Никако, да ви кажам. Точно, тоа ви кажувам. Значи, и тој полека си води, да знаете, само на мајсторски начин ќе биде последниот. Доаѓаат, вие имате материјали од ВМРО, конгломерат на проблеми. Значи, една силна вонпарламентарна македонска партија предлага оставка на Владата. Молчите. Ги добивте материјалите. Сите ги имате

XVI/3.-

Бараат разрешување на Владата. Молчите. Не се става на дневен ред. Тоа е сила. Самите вие, како телевизија, како владеачка партија признавате уште после изборите дека 40% од гласачите, рековте, биле надвор од вашата партија. Значи, гласале за опозицијата. Македонци. Да не кажам уште некои албанци. Тоа е сила.

А сега, колкав е вашиот реитинг? Никаков. На власт ќе дојдат тие кои се уште поопасни за албанците. Но ќе дојдат, да ви е јасно, па макар, како сум кажал преку мала телевизија ќе најдеме заеднички јазик, затоа што машко со машко, на крај ќе се разбираме некако, сепак. А вие, 100 години ќе не држите вака, да не кажам под робје албанците, ќе не излажете и на крај нема ништо. Вие не се лутите. Паметни сте. Нема тука што. Политичари сте големи.

Или пак, зошто не зедовте, јас морам да бидам искрен до крај, зошто не зедовте некои министри од неколку пратеници со кои не се согласивте, не се во една партија. Но, да не кажам кои, ги знам по име, многу способни од вашиот СДС. Туку, не знам од каде. Некои се стручни лица, изгледа, не сакам поименично да кажам. Од албанците двајца-тројца се многу добри стручњаци. Навистина не се од моја партија и тоа не е точно дека некој бил вон од просперитетот. Не, тој работи во просперитетот, тоа се знае. Сега добив информации точни, веднаш.

Меѓутоа, овие кои се сега предложени и подобрите, иако сум имал јас многу работа со таканаречениот министер за правда, односно за неправда Владо Поповски, сепак, тој е професор, научен работник и сега отиде тој и некои други, Фрчко, што ти ја знам. Меѓутоа, овие после кои се дојдени, извинете, не сакав да потценувам, за мене, можеби македонците знаат, вие сте сосема, поголемиот дел, не велам сите, анонимуси. Непознати луѓе сега доаѓаат за луѓе. Не е смешно. Не знам

XVI/4.-

зошто е смешно. Значи, морам преку мала иронија да ви докажам дека не сакаме да се тепа Парламентот, туку да ви кажам тоа има некоја смисла. Можеби редовно така постапувам.

Значи, нешто не е во ред ниту со оваа Влада. Е сега, зошто? Зошто вашиот премиер не се консултираше за состав на оваа Влада и со другите партии и парламентарни и вонпарламентарни? Што не дојде да разговара со мене? Ќе му дадев некој предлог. Сум го кажал и 10 министри од мојата силна партија, силна верувајте, да знаете, за демократски просперитет на Албанците, со 9 министри не би се сложил макар јас да ги предлагам тие луѓе. Само 10, со овој состав, затоа што не- ма консензус. Што, и тука во Владата, па моите министри албанци, па да ги мајонизира Бранко Црвенковски?! Не давам. Не се понижувам. А, камо ли со пет, да не зборувам. Итн.

И сега да скратам. Значи, каде се овие пропусти на оваа Влада, конкретно ќе кажам:

1. Предлагање на закони, како што знаете, тука сме дебатирале доста, тие се неквалитетни, нестручни, слаби, контрадикторни а тоа знаете дека Уставниот суд многу од нив, било во целина или делумно ги негираше.

Рестриктивни се, централистички. Можам да напомнам кои. Неколку од нив сме имале тука. Да не должам.

2. Задоцнување со многу релевантни проекти. Последиците ги гледаме секој ден. Да беа донесени ќе имавме помалку проблеми. Сега ги гледаме пред Собранието. Да не зборуваме цел ден, можеби за економскиот колапс. Јас не ја доведов оваа земја до оваа катастрофа. Туку оваа Влада и претходната и претходната и пред претходната и оваа сега што е со некоја мала измена.

3. Социјалните тензии, цел ден може да се разговара. Тоа го имате секој ден во весниците, радиото, телевизијата и тн.

Политичка криза, поврзано, нели.

Организиран криминал. Точно, премиерот пред десетина-петнаесет дена зборуваше пред телевизијата исто 1992 година, па 1994, па 1995, и пред два месеци. Истото тоа дека постои криминал. Постои организиран криминал. Што прави со тоа? Точно само убиство. Тоа се случило во неговиот мандат, не во мојот. Повторно пак - ќе ги фатиме, ќе ги најдеме, ќе ги разрешиме проблемите. Истото се повторува. Што направивте за два месеци? Ништо. Беа притворени, ги пуштија сега како херои. Не влегоа дека се виновни? Не. Со закон се знае кога е виновен еден човек. Но, тоа не е моја должност. Работеше цела супервизија, па пак изгледа не направи многу, иако имаше ангажирања. Но, на крајот резултати нема. Тука е целата работа.

Значи, тој октопод каде е? Со неговите пипци што ги најави тука премиерот. Еве - немам комисии, немам стручни служби, немам структури, немам можности и не е моја должност на крајот, само сепак, јас мислам дека премиерот го познава октоподот и пипците, односно тие октопотчиња. Па после пипците или толку е бистар па не сака да каже. Меѓутоа, ако сака да му помогнам, само треба да ми даде некој албански збор дека ќе работи како јас потоа ќе му предлагам. Нормално. Значи тој да знае и јас да знам. Можеби и народот знае и граѓаните, а посебно штедачите, тие се најмногу погодени, па ако изјави на време или вечерва да ми одговори, ќе биде подобро за него. Подоцна уште полошо. Значи, се компромитира и оваа Влада и тоа така ќе оди. Прашање на времето е. Мора да бидат. Колку год да одолговлечуваат со овие челниците на партиите, прави една игра дека не ќе можат да се донесат некои закони, посебно законот за изборни единици, тоа може исто така за пет-шест

дена, па еве нека биде во мај месец, за година дена, тоа еден ден ќе дојде. Оваа Влада и овој Сојуз извинете, многу добри сме како другари, пријатели. Но, ќе одите. Тоа се знае. Не може да ве држат 59 пратеници. Тоа е јасно. А јас, ако треба ќе одам во цела Македонија, ако случајно се кандидирам. Овој пат во кампањата ќе бидам многу јак. Еве, да прејудицирам малку.

Понатаму, меѓународното претставување. Тоа беше катастрофа луѓе. Одат наши, да не ги кажувам по име сега некои се присутни тука, некои не, многу инфериорно се однесуваат кон европските раководители, лидери или канцеларии и н. Тоа се гледа и по самите затоа што еве ова е сиромашна земја, па некои неискусни доволно, без традиција на демократија итн. Значи некако сака Македонија, има можности, има и природни ресурси, има и традиција и луѓе и поумни од нас,. тоа се оние кои не се во Парламентот, во Владата, нормално, имаат други работи, отколку вака да имаат проблеми во себе и со себе.

Понатаму, како деветти проблем, како пропуст, националната дискриминација. Тоа се одолговлечува. Денеска-утре, чекор по чекор и тој чекор не знам кога веќе ќе биде да се постигне чекорот. Никогаш. Итн.

Да не кажувам, имам поединечно за секој бивши министер и за овие кои веќе ќе останат конкретни забелешки. Дури и за некои од албанците, еден или двајца, немаат никаков авторитет во народот. Како тој ќе биде министер, заменик, тоа нема смисла, јас тоа не можам да го поднесам.

Кога сме тука, можеби по трет пат ги повикувам моите со-народници по национално потекло, јазик, крв и верата, пратениците на ПДП, т.е. вашиот коалиционен партнер, јас сум супартнер, бидејќи понатаму и во континуитет партиципираат и во оваа антинародна, анти-албанска и антиграѓанска Влада во Македонија без никаква платформа,

без никаков услов да излегуваат на говорница на овој Парламент, да се произнесат и пред јавноста дали стојат и навистина реално при своите програмски и платформски определби околу:

1. Враќањето ан државотворниот елемент на албанците.

2. Официјализирање на албанскиот јазик во Република Македонија.

3. Потполно, велам потполно легализирање на универзитетот во Тетово.

4. Употреба на националното знаме на албанците и другите нивни национални симболи итн. итн.

И да завршам, заради овие проблеми и другите и што беше тука изнесено предлагам за крајно покажување на неспособноста за обавување на својата функција, предлагам предлагање на неквалитетни и рестриктивни закони со антиуставно и крајно централизирање и концентрирање на своите надлежности, како недемократски.

Трето, задоцнување со предлагање на многу важни закони без кои се кочи развитокот на демократските општествено-економски односи, социјалните тензии, политичката криза, организираниот криминал, т.е. грабежите "суи генерис" би рекол, националната дискриминација, неприменувањето, односно погрешното применување на уставните и законските одредби како и непочитувањето на меѓуанродни договори и конвенции, двојна, недоследна, понижувачка, инфериорна и капитулантска политика на меѓународен план со неодложни консеквенции на тотално компромитирање и неоколонизирање "суи генерис" во Македонија, предлагам не да се обавува избор во нов состав на оваа Влада вечерва, туку бидете храбри, а тоа е во ваша полза, Владата вечерва убаво да даде оставка, па после ќе видиме понатаму како ќе се бара. Обично да се бира една техничка, чиновничка, како што бара

македонската вонпарламентарна опозиција или Влада на сенародниот спас, како што бараат моите опозиционери, правата опозиција во Парламентот и вон Парламентот. Да видиме, нормално, тоа Влада не да подготвува избори како што ќе се потруди оваа да ги подготви сега за себе, туку да подготви фер, објективни добри избори, било кога да се, на есен или подоцна и навистина да има доверба. Да добиеме добар Парламент, навистина, плуралистички. Инаку, вака овој Парламент и Владата се чисто монистички, еднопартиски, де факто, а де јуре знаете дека наводно има неколку партнери во коалиција.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Видимче има збор.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на идната Влада, почитувани колеги пратеници,

Полека, полека, односно како што вели нашиот народ лага до лага, стигнавме и до оваа славна седница што долго ја очекувавме, односно до реконструкција на Владата. Велам реконструкција, бидејќи така и се зборува непрекинато последниве два месеци, иако во основа ова не е ништо друго освен нова Влада, се разбира со ист мандатор, премиерот.

Во секој случај, постапката за избор на Влада во овој стил, односно спротивно на уставните решенија не е ништо ново, нту пак е нешто што не е видено. Сите знаеме дека и претходната Влада, односно таа што сега во основа ја разрешуваме, беше предложена и избрана во ист стил, односно ниту премиерот го врати мандатот, ниту при изборот на

XVI/9.-

Владата премиерот предложи програма за работа на Владата, согласно со Уставот. А, што е најинтересно, Владата се разрешува не цели два месеци после добивањето на доверба, овде во овој Парламент од страна на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.

Патем речено, дали тоа значи дека премиерот со ова изгласува недоверба на пратеничката група на СДСМ, бидејќи ја негира нивната доверба дадена пред два месеци?

Би сакал да верувам дека премиерот во овој случај само заборави дека нашата држава Република Македонија има свој Устав, бидејќи во спротивно, ако не е така, тогаш тој свесно и со одредена намера го крши Уставот, а сето тоа, нормално, во согласност со Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Тоа што свесно влегува во непочитување на Уставот, се разбира е многу лоша пракса што во основа носи долгорочни последици. На пример, како и со кои аргументи ќе може да се бара од граѓаните на РМ да ги спроведуваат законите, кога ете, тие што ги предлагаат и носат законите посегнуваат по Уставот, односно не го почитуваат Уставот.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:** (Продолжение)

Покрај не почитување на Уставот, во овој случај имаме и голема доза на заборавност. Имено, при изборот на претходната Влада во февруари 1996 година слушнавме дека избираме одговорна Влада, која ете ќе ја преземе одговорноста за државата. И вистина, таа Влада ја презеде државата , но одговорноста остана за некој друг. Имено, денес Република Македонија се соочува со многу повеќе проблеми споредено со времето кога ја избиравме претходната Влада. Имаме избор скоро на нова Влада и ете никој не е одговорен за состојбата во која се наоѓа Република Македонија. Значи,очигледно е дека делот на одговорноста остана некаде таму за некој друг.

Со предлогот за разрешување на оваа Влада ние пратениците не добивме никакво објаснување зошто одредени министри си дадоа сотавки, зошто одредени министри се разрешени и на крајот зошто одредени минситри ги променија ресорите, освен како што рече премиерот во своето излагање дека тие се променети од едни или од други причини.

Со оглед ан тоа, можни се следните варијанти:

Прво, министрите во Владата да работеа совесно и добро, но ете премиерот реши туку така да ги смени. Во овој случај, каде е совеста на премиерот да менува луѓе кои ете работеле совесно.

Второ, министрите не работеле онака како што премиерот очекуваше, но тогаш се поставува прашањето зошто премиерот ги толерираше толку долго таквите министри кои не работеа совесно во Владата.

И трета варијанта, министрите од Владата на г-динот премиер беа инволвирани во недозволени активности, на пример како криминал, проневери во фондови, како прикривање на кражби на пари од

штедилниците и друго. Во овој случај се поставува прашањето зошто премиерот ништо не презема против таквите членови на Владата.

Најверојатно одговорот е дека со разрешувањето на Владата без никакво образложение се сака да се прикријат одредени недозволени однесувања на министрите, а со тоа да се амнестира се разбира, а патем да се купи и одредено време бидејќи скоро два месеци македонската јавност се занимава со оваа промена на Владата.

Кога зборуваме за овој дел, разрешување на влади, би скала да се потсетиме и на фактот дека иако Министерството за стопанство во два наврати беше во, така фигуративно речено, рацете на Либералната партија, во исто време вистинската моќ за известување, одлучување и за работа беше сконцентрирана во Министерството за финансии и по министерот за финансии , кое Министерство пак никогаш не беше во рацете на Либералната партија. Морам да Ве потсетам дека Вие колеги пратеници од парламентарното мнозинство имавте чест да го одбиете и првиот закон предложен од Владата, односно законот со кој г-динот Ристо Иванов предлагаше рпеструктуирање на Министерството за стопанство, со цел да се добие поефикасно министерство. Тоа се случи и прв пат и последен пат овој парламент да обие закон предложен од Владата.

Исто така сосема е чесно да се потсетиме дека и при разрешувањето на Владата во февруари 1996 година ние односно Либералната партија побаравме барањето за разрешување на Владата, поднесено од премиерот, се разбира, да го достави заедно со извештајот за работа на министрите односно министерствата, и за тој извештај да се расправа овде отворено во овој Парламент. Но нормално, премиерот во свој стил не поднесе никаков извештај и како многу други пати пред тоа, а и после тоа за жал, тој бара доенсување на одлуки во вооj Парламент скоро без никакви објаснувања.

XVII/3.-

Би сакал малку да се осврнам и на програмата која по основ на уставни обврски премиерот е должен да ја достави до Парламентот при избор на нова Влада. Ова што денес премиерот ни го кажа овде пред нас, во секој случај, не е програма, а за жал е материјал кој и основец би го напишал и кој во основа го девалвира Парламентот, ја деградира функцијата премиер на Влада и на крај се разбира ја деградира РМ. Кога велам РМ, се разбира, мислам на граѓаните на Република Македонија, бидејќи излагањето беше упатеново најголем дел и до нив, знаејќи дека заради акутно тешките состојби во РМ , голем дел од граѓаните будно ја следат оваа седница и со право очекуваат дека од евентуалната програма на мандаторот ќе насетат можности за евентуално подобар живот, ако не веднаш, барем во догледна иднина. Но за жал, тоа не го видоа. Очигледно е дека премиерот повторно го прочита излагањето, кое го изнесе при изборот на претходната Влада и не е спремен да приготви програма, се разбира согласно со уставните одредби, бидејќи во таа програма , пак очигледно ќе треба да ги изнесе следните определби.

Како прво , како точка, активно ангажирање на премиерот заедно со Владата за зголемување на бројот на невработените. Ова го велам заради тоа што во досегашното ангажирање на премиерот добивме огромен број на невработени, а за жал тенденцијата на пораст на бројот на невработените е се поизразена.

Кога сум тука, би сакал да Ве потсетам дека во извештајот на Владата кој го добивме некаде на почетокот на оваа година, стоеше податок дека во Битола на крајот на 1996 година има околу 10.714 невработени. Овој извештај го добив вчера пред одењето во Скопје и во него стои 20.606 невработени лица во општина Битола. Општина која брои 85 илјади жители, тоа претставува некаде отприлика 50% од работниот потенцијал на општината. Ова е извештај заклучно со 30

април 1997 год. а во извештајот на Владата добив податок дека невработеноста е на ниво од 10 илјади.

Понатаму, уште поактивно ангажираше на Владата за добивање на се поголем број стечајни работници, што е сосема логичен заклучок, следејќи го досегашниот тренд на стечаи и затворање на работни места. Активна работа за зголемување на бројот на работници кои ете по некоја среќа и работата, но своите примања ги добиваат и со повеќе месечни задоцнувања. Упорно работење на Владата и премиерот на надворешно-трговскиот дефицит на РМ, се разбира имајќи го предвид рапидното зголемување на дефицитот во последно време. Потоа својско ангажирање на премиерот и неговите министри за зголемување на јавната потрошувачка, сесрдно ангажирање на премиерот за што поголем број министри во шетање по странски држави и упорно барање кредити од странство, со цел Република Македонија да биде убедливо прва на ранг листата по степенот на задолженоста спрема странство. Потоа, сигурно ангажирање на планот на влошување на состојбите во пензискиот фонд, имајќи ја предвид катастрофално лошата состојба во стопанството, која по дефиниција претставува основен извор на средства за пензискиот фонд. Купување на уште неколку " тојоти" со цел да се подарат на некого, кој ете ќе може активно да придонесува за подобрување на меѓунационалните односи, се разбира, повикувајќи ги на улични протести студентите и средношколците.

Премиерот уште поактивно и поангажирано ќе работи на полето на стимулирање на злоупотребите на фондовите, како и Буџетот на РМ, се разбира во приватни цели на некого, со цел , со тоа се подразбира дека егзистенцијата на сите вработени, кои зависат од Буџетот на Република Македонија апсолутно се поставува под знак прашање, бидејќи и без сите тие афери , со неоправданото трошење на пари, Буџетот е празен и евидентни се доцнења на примањата на вработените во државната администрација.

XVII/5.-

Премиерот конечно ќе ја заврши борбата против октоподот и со октоподот ќе стапи во коалиција и како во сите бајки, така и во бајката за октоподот, на крајот ќе стои: "И тие понатаму си живееја среќно и заедно".

Премиерот упорно ќе го избегнува одговорот на прашањето поставено во овој Парламент некаде во мај месец 1995 година, односно пред повеќе од две години и не ни сака да одговори кој министер го криеше во својата фиока неколку месеци законот за обесштетување на Битола и Битолско во врска со земјотресот од септември 1994 година.

Исто така, премиерот со Владата ќе избегнува да одговори кога мисли да ги исплати средствата на име обесштетување на граѓаните на земјотресот, кој Владата на РМ сеуште ги должи на Битола и Битолско, а кое досега не знам колку пати е поставувано овде како прашање, но сеуште нема одговор.

Исто така, премиерот ќе избегнува да одговори кога мисли да го направи патот како Бабуна како врска за Битола, бидејќи овие прашања се поставени многу пати.

Исто така, во таа програма ќе треба да стои дека премиерот активно ќе придонесува во правец на заострување на состојбите во Битола во врска со штедилницата "ТАТ" се разбира делејќи ветувања дека ете се ќе биде вред, парите ќе им бидат вратени на штедачите, а паралелно со тоа да нуди законски решенија за кои штедачите не само што не се договорија, туку уште повеќе, воопшто не се согласуваат со понудените решенија. Како инаку да се сфати однесувањето на премиерот во овој случај, кога е евидентна поврзаноста на аферата "ТАТ" со Владата на Република Македонија, очигледное дека воопшто не се сака да се сфатат вистинските виновници за распаѓањето на "ТАТ",

XVII/6.-

А што е најлошо премиерот во своето ветување за обесштетување на штедачите кои воопшто не мисли ни да ги спроведе, атмосферата во Битола ја загреја до ниво на усвитување.

Дозволете ми да Ве потсетам на одредени кажувања на Битолската чаршија. Имено таа чаршија зборуваше дека со штедилницата "ТАТ" нешто не е вред и погоди. Чаршијата зборуваше дека во "ТАТ" се замешани видни личности и пак погоди. Чаршијата зборуваше дека главните и битните личности кои се замешани во "ТАТ" ќе останат неоткриени, но за жал пак погоди. Морам да Ви кажам дека овие денови чаршијата веќе зборува дека дел од парите од "ТАТ" односно од парите на граѓаните на општина Битола се заминати, се разбира во приватни раце на одредени видни личности, но и дека дел од парите се заминати некаде во Владата за да се затворат одредени дупки во Буџетот , кои настанаа со несовесно работење на одредени министри. Верувајте ми дека најискрено се надевам дека последното кажување на чаршијата не е вистина, но за жал, имајќи го искуството, има голема можност чаршијата пак да погоди.

Значи, ако се имаат предвид сите овие активности, кои премиерот треба да ги стави во својата евентуална програма за избор на Влада, јасно е дека тешко ќе може да најде некој кој ќе се нафати воопшто да влезе во составот на Владата.

Со оглед дека во оваа просторија има присутни личности од составот на Пратеничката група на СДС кои одлучно одбија да влезат во составот на оваа Влада, а јавноста веќе гиз нае нивните имиња, за таа иста јавност ќе биде и те како интересно да го види и нивното гласање, односно дали тие личности ќе ја подржат Владата во која и самите не сакаат да влезат.

На крајот, имајќи го предвид фактот дека за жал ова е четврта можност на премиерот да состави Влада, која ете како што тој непрекинато вели ќе работи 24 часа на ден, како што рече во денешното излагање, ќе има повеќе слух за проблемите, која ќе создаде предуслови за уште поголемо зголемување на производството за активирање на овие капацитети, отворање на нови работни места и т.н., а знаејќи што се случува во Република Македонија и во каква состојба се наоѓа РМ, неминовно се наметнува заклучокот за насушната потреба на граѓаните на РМ премиерот на Владата да поднесе оставка. Бидејќи ако со три формирани Влади и една доверба зад себе премиерот не успеал да ја научи лекцијата за работење и функционирање на Владата и задоволување на потребите на граѓаните на РМ, гаранција дека тоа ќе го стори со оваа четврта Влада се никакви и уште повеќе, знаејќи дека нитката или ако сакате карактеристиката која ги поврзува сите три досегашни влади, а се плашам и оваа четврта, е ист премиер и од Влада до Влада се полоши состави во РМ на сите полиња, јасен е заклучокот дека јас не сум спремен да го подржам предлогот на премиерот, а се разбира ова истото им го советувам и на останатите пратеници во овој парламент и нормално, ја застапувам идејата на Либерално-демократската партија за потреба од оставка на премиерот и формирање на техничка влада.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Лазаров има збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитуван премиере, почитувани кандидати за министри, почитувани колеги пратеници, уште на почеток сакам да кажам дека го подржувам предлогот на премиерот и ќег ласам за предложениот состав на новата Влада.

XVII/8.-

Јас можам да зборувам за кандидатите министри од мојата партија и сакам да кажам дека тоа се истакнати научни и стручни работници докажани и во практиката и се надевам дека ќе го дадат целосно својот придонес и ќе се вклопат во тимската работ ана Владата. верувам дека тоа се однесува и за министрите предложени од другите две коалициони партнери. добро е што во составот на новата Влада се предложени кандидати кои доаѓаат од стопанството. За сите нив би рекол дека е и голема храброст да се прифатат за ова кратко време кое претстои пред нас, дали е тоа 6 месеци, 8 месеци или 14 месеци и да влезат во костец со проблемите кои се натрупани.

По мое мислење, две работи се приоритетни во овој кус период што го имаат на располагање. Прво е разрешување на економските и социјалните проблеми, заживување на стопанството и почеток на отворање нови работни места. Сите сме свесни дека не постои волшебно стапче и дека преку ноќ не е можно да се направат чуда, но ние како парламент и како Влада , кои што во 1994 година добивме мандат од избирачите,од граѓаните, должни сме и тоа мораме , а мислам дека сме способни, да сториме нешто и да се почувствува барем мал напредок. Убеден сум дека граѓаните избирачите ќе знаат тоа да го ценат на следните избори кои ни престојат.

Второ, мислам дека преку разработка на системски решенија, како што е тоа уредбата на Владата за јавни набавки и слично, да докаже дека ова е чесна Влада и дека нема да се појават никакви знаци за некаква нечесност. Јавните набавки во права смисла мора да бидат јавни и само така никој нема да биде во состојба да дојде до ситуација да ја злоупотреби својата функција, а и никој да се посомнева во неговата чесност. Од друга страна, јавните набавки треба да бидат во најголема

мерка , ако не исклучително, од домашно производство. Со тоа и Буџетот и потрошувачката ќе се стават во функција на развојната економија.

Сакам малку да ги коментирам и нападите од опозицијата за останувањето ан Социјалистичката партија во коалицијата. Јасно е дека постоењето на секоја политичка партија е цел да се освои власта. Ние како партија во 1994 година, заедно со СДСМ и Либералната партија тогаш, склучивме договор и излеговме заеднички на изборите и ги добивме. Ние тој договор, како што гледате, и до ден денес го почитуваме, аз разлика од еден наш коалиционен партнер кој уште на стартот веќе го прекрши договорот, не гласаше аз Владата која што тогаш имаше и нивни министри.

За време на локалните избори ние како Социјалистичка партија одлучивме да одиме сами на изборите, тоа јавно го одлучија нашите органи и тоа ништо не е чудно. Ако се сеќавате, јас на повеќе прес конференции реков дека тоа се локални избори и дека тука настапуваме одвоено, меѓутоа, не го прекршуваме договорот кој што го склучивме во 1994 година, затоа што цениме дека сме сериозна парија и не може постојано нешто да се договараме, па утре да го прекршуваме и т.н.

Ако ги погледнеме сега коалициите во новите општински собранија, ќе видиме дека секоја партија коалицира буквално со сите други партии. И ние коалицираме со сите други партии, и СДС коалицира и со ВМРО и со ПДП и со ПДПА, па и ВМРО-ДПМНЕ со ПДПА и т.н. Мислам дека тоа е и добро, затоа што тие собранија ја одразуваат волјата на граѓаните и нормално, треба да се почитува волјата на граѓаните да се овозможи функционирање на тие општински собранија. Така што ништо не е чудно кој со кого коалицира.

XVII/10.-

Јас не сум изненаден од дискусиите на колегите од опозиционата партија. Спротивно , би бил изненаден доколку тие не се јавија и не ја искористија оваа шанса за реконструкција да го изнесат своето мислење. Меѓутоа, лично сум изненаден од нивото на неколку дискутанти, за кои имав навистина високо мислење. Барем нашата партија досега не даде никаков повод за напади и се трудевме цело време да бидеме коректни буквално со сите политички партии,ако се сеќавате и на локалните избори.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:** (продолжение)

На крај, сакам нешто да кажам и за нашиот коалиционен партнер СДСМ ние овој пат направивме договор, бар јас така мислам, на општо задоволство на двете партии и се надевам тој договор ќе го испочитуваме до крај и ќе го развиеме до крај, за идните министри сакам да кажам да водат сметка дека се министри на сите три коалициони партнери Јас искрено да кажам во минатото, во изминатите две ипол години многу често се чувствував кај некои министри од другите две партии како опозиционен пратеник.

И на крај, уште еднаш да повторам, го поддржувам предлогот на премиерот и ќе гласам за составот на новата Влада.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Листата на пријавените дискутанти е исцрпена.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине пртседателе, дами и господо,

Излегов на говорница да појаснам некои работи затоа што може да се добие впечаток дека вистината е како Што кажаа некои дискутанти.

Прво, да појаснам, ПДП предлага кандидати за министри исклучиво членови на партијата.

Второ, пратеничката група и ПДП со години се прононцира за своите ставови гласно, јасно, афирмирано. Така што нема потреба, ама баш нема потреба да се прононцира пред некои дискутант со кој не сум во никакво сродство, а за да се прононцира пред него верувајте ми во мојата пратеничка група немам забавувач. Немам.

Трето, имаше обиди да се дискредитира еден наш министер денеска, некој со име и презиме, некој може би алудираше, но вистината е во тоа што тој наш министер со кого ПДП е задоволна затоа што во оваа Влада на РМ, и ги застапува и ги брани интересите и програмските определби на ПДП И тоа достоинствено.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас ќе гласам за составот на нова Влада што е предложено од премиерот Бранко Црвенковски, не затоа што во оваа Влада од Пелагонија доаѓаат пет министри, три од Битола, и по еден од Крушево и Прилеп, туку затоа што како пратеник од болна Битола, од болно битолско, во случајот ТАТ се надевам дека новата Влада ќе најде лек за нејзината болест и штедачите од ТАТ и другите штедилници ќе бидат правично обесштетени.

За случајот ТАТ јас денес немам најмногу да зборувам, за него ќе зборувам на седницата што ќе биде посветена на овој случај. Таа расправа како што знаете по барање на здружението на штедачите од Битола е одложена додека да заврши судското вештачење во ТАТ.

Инаку, немирите во Битола, се немири што се направени од тешкотиите во кои западнаа штедачите од ТАТ. Во градот и селата секој ден е се потешко и потешко. Господо, старите велат дека при гладен стомак понекогаш може и умот да погреши. Ве молам, немојте на овие немири да им препишувате разни етикети. Ќе повторам, дека се надевам оти новата Влада ќе понуди прифатливи решенија за штедачките маки на штедачите од ТАТ и другите пропадната штедилници.

XVIII/3.-

Во изминативе часови од оваа расправа околу составот на , новата Влада многу министри се напаѓаат. Јас во оваа прилика ке кажам збор два затоа што очекувам од три за мене значајни ресори на министерства. Од аграрот, од здравството и урбанизмот.

Во аграрот како што е познато состојбите се тешки. За гранката што ја храни државата и е нејзин голем директ на стабилизација во изминатиот период и покрај напорите што се вложени работите не се добри. Овде во оваа гранка со мерките што ги понуди светската банка за добивање на нашава сиромашна држава поволни кредити се у кинати сите благодети. Нема премии, нема субвенции, нема регреси. Нема премија за сончоглед, за шеќерна репка. Нема кредити за сеидба и жетва. Од овој месец нема да има и премија за млеко. Што ќе значи тоа за идниот развој на нашето краварство се знае. Ако по итна постапка не се преземаат соодветни мерки за што се надевам дека новата Влада ќе го стори тоа, кравите ќе мора да одат на кланица. Со цена на млекото што е по- ј ниска од половина литар кисела вода не може денес никој да држи крави ниту да се зафати со отворање на фармерско производство на крави.

Се надевам дека новата Влада ќе размисли нешто и за повторно воведување на премиите кои како што реков на барање на Светската банка се укинати.

Новиот министер за земјоделство ќе мораат да ги забрза активностите за распределба на земјоделските кредити и кредитите за ридско планинските подрачја. Доста беше чекање за овие кредити од страна на селаните. Се надевам дека новиот министер на аграрот кој сум длабоко уверен дека добро ги познава сите маки на земјоделците добро ги познава сите состојби во нашиот аграр брзо ќе ги отвори и три други значајни прашања за развојот на аграрот.

XVIII/4.-

Прво, ќе ангажира експерти кои ќе кажат по кои цени можат да г се произведуваат и продаваат нашиве стратешки култури пченица, сончоглед, шеќерна репка и млеко со цел да се надминат сегашниве тешкотии во областа на производството на овие култури-

Второ ќе подготви програма за тоа што се му треба на нашава држава и може ли македонското земјоделство тоа да го произведи, а државата да го плати, да го откупи да не стои по нивите.

Трето, да ги разгледа состојбите околу соработката на приватните земјоделци со приватизираните преработувачки капацитети кои во последно време воведуваат неиздржливо монополски односи на релацијата приватни земјоделци - такви капацитети.

И на крајот ќе ги преточи во пракса барањата на светската банка за доделување на 15% на државната земја за потребите на селаните.

И нешто друго, ќе мора да се забрза со донесувањето на законот за искористување на земјоделските земјишта со кој јас во многу прилики^ зборував дека не може понатаму да се толерира една појава кој каде ќе стигне таму да купува земја. Понатаму, брзо ќе се донесе законот за земјоделски задруги што денес го немаме и овие триста задруги се наоѓаат во доста лоша состојба.

И на крајот ќе го забрза донесувањето на Законот за пасишта  и утрини.

Министерот за здравство д-р Петре Илиевски доаѓа од Битола. За жал не некои не е од столицата. Тој на оваа одговорна функција доаѓа со изминати многу скали во лекарската професија од селски лекар до специјалист, примариус и д-р на Медицински науки. Од него селаните очекуваат само една работа. Во сите селски амбуланти да се воведат дежурства. Во селските амбуланти да се продаваат лекови и во селскиот е амбуланти да има постојано човек односно лекар за ставање на инекции. Болните селани за овие потреби да не патуваат во градот.

XVIII/5.-

Инаку,г-до пратеници нема потреба од постоење на здравствени амбуланти. Се надевам дека овие проблеми овој министер ќе најде брзо решение. Се разбира сега откако министерот за здравство доаѓа од теренот со вакви и многу други здравствени проблеми. Јас верувам дека овој министер ќе најде сили и овие проблеми во здравството на село ќе бидат брзо надмина ти.

Новиот министер за градежништво и урбанизам Томе Тромбев, пак Битолчанец добро знае кои проблеми ги мачат селаните. Немаат патишта вода, телефони и кои не други комунални проблеми. Ресорот што ќе го раководи ресор кој ќе ги решава селските маки за вода за пиење . Се надевам дека активностите на ова министерство на овој план ќе бидат зголемени и во повеќе села за да добијат вода за пиење. Се надевам дека по неговото доаѓање водоводот што треба да носи вода во вештачката граница со Грција брзо ќе почне да се гради и ќе има вода и за другиот дел од Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Мешков има збор.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Ќе се обидам да бидам поаргументиран, попрецизен, поконкретен, оти имам немое претчувство дека оваа Влада сепак вечерва ќе биде изгласана.

По неколку часови дискусија нормално е во некои делови да се очекува да се повториме. Еве и јас ако некаде нешто повторам од она што беше кажано, се извинувам, меѓутоа, по четврти пат кога можеме ние пратениците да расправаме по избор на нова влада, нека извинат сегашните министри, и идните дека може би по четврти пат ке чујат една иста работа, меѓутоа би сакал да кажам дека на оваа седница, оваа седница на Собранието на која се расправа навистина за едно многу важно прашање, тоа е изборот на нова Влада, започна доста така

бурно со борба на аргументите меѓу две спротивставени концепции, што е сосема нормално и очекувано кога се расправа за едно вакво важно прашање, како што е изборот на нова _Влада. Меѓутоа, одделни дискусии морам да кажам дека за мене лично не беа докрај јасни оти на пример еден од дискутантите зборува "премиерот сакаше да кажа ова или сакаше да каже она" како да премиерот на пример не може да стане и да каже што тој мисли за овој негов предлог за избор на нова Влада. Или пак други дискутанти кои што ја критикуваат Владата за она што досега работела, а заборавајќи притоа дека се и тие партиципиенти односно нивната партија е партиципиент во оваа Влада па сигурно барем дел одговорноста за лошите состојби треба и тие како партиципиенти во власта да ја понесат.

Јас на почетокот би кажал дека овие бурни дискусии на почетокот беа се до оној момент, по мое мислење, додека координаторот на пратеничката група на СДСМ не излезе и не каже дека пратениците на СДСМ ќе гласаат за оваа Влада иако морам да кажам дека со сите овие настани кои што се случуваат последните денови при изборот на Владата читавме и се информиравме од средствата за јавно информирање дека имало внатре одредени пресметки внатре во партијата, или дека имало луѓе кои што се убедувале да бидат па не сакале, беше нормално да се очекува дека и некој од пратениците на СДСМ ќе гласаат против ваквиот предлог. Меѓутоа, да не прејудицирам, да чекаме до крај па ќе видиме како ќе биде гласањето.

Ова пред се го кажувам и ќе се навратам на 1996 година февруари кога пратеник еден од СДСМ г-динот Никола Поповски рече дека повеќе нема бланко да гласа за Влада, а поаѓајќи од фактот дека сега немаме програм или отчет на Владата која се менува и програм на новата влада, нормално е да се очекува дека тој и некои што имаат слични концепции и дискусии во таа насока сега не би требало да гласаат вака за оваа влада поради тоа што (реакција на пратениците од СДСМ) добро  добро, да

кажам јас, не многу одамна во оваа сала се гласаше за барањето на премиерот за доверба на Владата на РМ. Уште тогаш знаевме и сега сум убеден дека пратеничката група на Либерално демократската партија постапи исправно кога ја напушти оваа сала со образложение и затоа што не сакаше да биде учесник во нешто што денес се покажува како нешто што е надвор од демократската практика при избор на нова влада чии основи се зацртани со уставот на РМ.

Оддавањето на таквата доверба до денес помина многу кратко време, а расправаме за една сосема нова влада во која нема ниту трага од некои министри, од оние министри на кои овој парламент им изгласа доверба. Се поставува прашањето која беше целта на барањето на премиерот за гласање доверба на Владата. Дали уште еднаш да ги стави во заблуда пратениците да покаже дека е над парламентот или можеби да добие виза за да може лично да се справи со сите оние кои за жал овој парламент рече дека ја уживаат парламентарната доверба. Или пак може би е во прашање фактот со оглед на состојбите во државата што не се знае кој правец да се фати, се лута, а сето тоа на штета на граѓаните кои секојдневно бараат излез од тешката материјална состојба во која западнаа. Сосема е нормално да се нема концепција, да се нема програма на Влада што е всушност обврска како што и беше речено со членот 90 став 3, од Уставот на РМ. Ако се нема програма, тогаш како може да се би- раат луѓе кои ќе бидат компетентни и одговорни за спроведување на политиката во одделни ресори. Назначувањето на министри без да се има програмски определби и се чини како да на премиерот му е сосема се едно кој ќе биде министер во неговата Влада. На пример кој ќе биде министер во Министерството за одбрана или во министерството за правда, во министерството за образование итн.

Еднаш мора да се сфати дека без отчетност и одговорност на старата и програмски определби за новата влада Не може да се прави избор на нова Влада односно реконструкција на Влада. Тоа се впрочем,

и уставни определби кои сите би требало како уставни определби да ги почитуваме.

Иако партијата на власт секогаш зборуваше дека е сериозна партија, и пред се дисциплинирана и повеќе се занимаваше покрај другото и со проблемите и состојбите во другите партии, премиерот ја искористи оваа можност да ги избрише исто така некои способни млади луѓе врз кои се потпираше како резултат на внатрешно партиски пресметки и задоволување на апетити на одделни сопартијци кои немаат никакво искуство во областа со која ќе раководат иако таквата политика ќе има одраз врз успешноста во решавањето на наталожените проблеми.

XIX/1 РД/НД

**ЉУПЧО МЕШКОВ:** (Продолжение)

Исто така не е докрај почитувана и одредбата од Уставот според која не може да се гласа за доверба на Владата пред истекот на 90 дена од претходното гласање. Иако во овој случај се работи за предлагање на нова Влада, сепак на еден индиректен начин и во овој случај е повреден Уставот, бидејќи тој и дава можност на Владата за чија доверба е гласано да остане, односно никој да не го стави во знак прашање нејзиниот легитимитет пред истекот на 90 дена. Не придржувањето на уставните одредби во овие два случаја зборува дека од страна на премиерот во овој случај не е до крај почитуван Уставот на Република Македонија и демократските принципи во раководењето. А тие во вакви случаи налагаат да се врати мандатот и да се бира нова влада. Се поставува прашањето зошто премиерот тоа не го сторил. Дали можеби се плашеше дека нема повторно да го добие мандатот за состав на нова влада, односно не сака да го стави на коцка императивот дека се е менливо освен неговата концепција. Навистина во некои земји со развиени парламентарни демократии, исто како и кај нас често се менуваат владите. Разликата е во тоа што новите влади носат нови луѓе, со други програмски определби, со различни идеи и концепции, подобри од претходните, за разлика од нашиот концепт кога заради немање можност за предвремени парламентарни избори. Овде се менуваат само имиња кои сите припаѓаат на една иста концепција, која сведоци сме даде поразителни резултати во економијата на земјата и во некои други сегменти.

Токму затоа и оваа влада без концепт и програма и овој пат најмалку ќе биде влада која ќе може да спроведе реформи и да го добие епитетот реформска влада. Реконструкцијата нуди само реставрирана влада. Токму затоа и не постои надеж дека со оваа влада се очекува подобра иднина врз основа на толку неопходните реформски зафати што

треба да се направат. На секој граѓанин му е доста од ветувањата дека оваа влада е подобра од претходната нему му се потребни конкретни резултати. А нив за жал ги нема. Постојано се вели дека ќе биде подобра и поефикасна. Самиот чин на избор на нова влада или реконструкција значи дека претходната не била успешна. Зарем господинот премиер сметаше дека поголема ефикасност во работењето на Владата се постигнува исклучиво со менуваше на Влада. Не може повеќе да ни се подметнува концепцијата што актуелната власт многу често ја пласира од меѓународните фактори, ние можеби не сме најдобри, но тешко на народот ако дојдат на власт кои се многу полоши од нас. Ваквите концепции во основа се недемократски и само бендисани и само ја продолжуваат агонијата предизвикана од лошото раководење во одделни сегменти на државата. Токму затоа и предложената листа на премиерот е заложба по мое мислење ако остане што е можно повеќе на власт, без оглед на лошите состојби во економијата на државата и стандардот на граѓаните предизвикани од политиката на актуелната власт. Како инаку да се објасни тоа што во некои ресори во кои беа присутни и афери, насилства тензии, останаа сите министри. Така на пример во Министерството за внатрешни работи се си тече во најдобар ред, освен што одговорните во него не се во состојба да откријат атентатори, или организирани криминалци односно не можат да ја пронајдат трагата за дрога. Поодамна бевме сведоци на масовното искажување на револт на граѓаните во врска со оспорената уставност на еден закон кој направи длабоки подривања во меѓунационалните односи. Без оглед на стручноста и компетентноста на овие министри требаше премиерот да покаже чувство на одговорност овие луѓе да не бидат на неговото место. Во ситуација кога премиерот најави борба против организираниот криминал се поставува и суштинското прашање. Дали оваа реконструкција односно предлог за нова влада е во контекст на премиеровата пресметка со октоподот. Дали некој од заменетите

министри се директно или индиректно вмешани во банкарските афери, што го потресоа банкарскиот систем во земјата. Ако се учесници тогаш заминуваат тивко и нечујно и вистината за организираниот криминал и за неговите евентуални учесници ќе остане засекогаш закопано.

Би сакал прво да се осврнам на некои зборови на премиерот од неговиот говор при гласањето доверба на Владата цитирам во тој контекст се мисли на прашањето на одговорноста, не би сакал да говорам апстрактно за одговорноста, туку ќе почнам од одговорноста на институцијата на чие чело се наоѓам јас, мислам не јас туку премиерот, а тоа е Владата на Република Македонија. Сега се поставува прашањето во контекст на овие зборови. Дали реконструкцијата е признавање на одговорност на тие што заминаа. Ако е тоа, сигурно е дека премиерот знаел уште тогаш дека има неодговорна влада, бидејќи за прашањето за доверба на Владата се гласаше пред само два месеца. Сепак главната причина за оваа реконструкција по мое мислење исто така да се одбегнат пред- времените избори за кои се залагаат најголемиот број на граѓани на Републиката. Оваа нова влада нема за цел да ги зајакне и интензивира реформите, како што кажува премиерот, туку напротив оваа влада се формира за да преживее актуелната власт. Четирите обиди на премиерот за излез од кризата навистина се премногу дадени, а не искористени шанси. Ако досега сите ветувања за излез од економската криза за борба против организираниот криминал и трговијата со дрога завршија само на празни ветувања и целосен неуспех, постои голема веројатност и овој пат дека ќе биде така. Затоа во дадената ситуација требаше да се има малку чуство на одговорност и осет за демократските процеси и принципи во почитувањето ан заложбите на најголемиот број граѓани за предвремени избори, па постојната влада да си дадеше оставка да се формира нова преодна влада. Така ќе беше на}добро.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на владата, почитувани кандидати за новата влада, почитувани колеги, Јас ќе ја прочитам мојата дискусија со оглед на времето и во интерес на времето меѓутоа морам да нагласам дека една ваква сериозна тема за која денес расправаме, избор на нова влада, сметам дека требаше оваа седница да продолжи барем уште еден ден, бидејќи сите овие дискусии беа сепак доволно следење и на пратеници и на самите кандидати, меѓутоа со оглед на фактот дека концентрацијата и заморот го чини своето. Јас на почетокот би кажал некои работи кои беа кажани со аргументи и факти и прво ако се работи вечерва за избор на нова влада во член 9 4 став 3 од Уставот на Република Македонија бидејќи претседателот на Владата предложи разрешување на повеќе од една третина на актуелната влада, на членовите, тогаш во согласност со член 90 став 1 и став 2 од Уставот на Република Македонија претседателот на Владата требаше да го врати мандатот до претседателот на Републиката,односно ако го добиеше повторно мандатот за состав на нова влада во рок од 20 дена на Собранието му поднесе предлог за состав на нова влада.

Второ, дали според постоечката законска, уставна ако сакате и правна регулатива, за влада чиј состав доби доверба од овој ист Парламент пред 40 дена на барање на премиерот да биде повторно реконструирана, или во период од 4 0 дена премиерот да излезе со предлог за нов состав на нова влада, неносредно пред тоа бараше доверба на постоечката влада.

Трето, дали со ваквите постапки каде што се прекршуваат уставните и законските определби, не доаѓаме во ситуација ние како пратеници и Собранието на Република Македонија како законодавно тело на државата полека но сигурно да станува сервис на извршната

власт  на Владата односно Собранието на Република Македонија да е подредено на потребите на извршната власт во зависност од дневно политичките потреби. Мислам дека оваа тема е повеќе пати елаборирана од оваа говорница, на релација Собрание на Република Македонија, Влада на Република Македонија, посебно при предлагање и донесуваше на одредени законски проекти, каде што многу пати ги добивавме итно, под итни барања да се разгледува во една, не во три или две расправи, понекогаш се случуваше одредени аргументации и писмени да доцнат и што е најбитно институции на пратенички прашања беше доведена навистина на едно ниско ниво поради неприсутност на актуелната влада. Во овој случај при предлогот за избор на нова влада премиерот требаше во согласност со член 90 став 2 да поднесе до пратениците написмено програма за делување на новата влада. Сметам дека вака доставен предлог програма за работа на новата влада до пратениците многу повеќе ќе придонесеше за поквалитетна и опсодржајна дискусија, а воедно ќе беше и патоказ и правец во која новата влада ќе ги реализираше претстојните задачи кои престојат пред неа. Исто така преовладува фактот дека во изминативе три години на овој состав на Собранието на Република Македонија ова е веќе трет обид на премиерот да направи состав или тим на извршната власт кој требаше успешно да се справува со државата. Неодминлив е фактот дека премиерот во овој случај или потполно го испратил списокот за квалитетни кандидати за состав на новата влада од страна на трите коалициони партнери, или пак навистина немал јасна концепција како да се направи тим кој успешно ќе ги решава проблемите во државата. И наместо да добиеме квалитетни резултати и решенија во овој изминат период од страна на премиерот и Владата дојдовме во ситуација да констатираме дека во државата имаме прво една лоша економска ситуација со присутно лошо организирано и неликвидно стопанство каде постојат меѓусебни побарувања на

стопанските субјекти во износ од 500 милиони германски марки, или во износ над 10 милијарди 1 денари.

Второ, порасна невработеноста со бројка од 240 илјади невработени, каде само за една година оваа бројка се покачи на 10 илјади невработени.

Трето неефикасно водење на процесот на приватизација и трансформација на општествениот капитал.

Четврто незавршен процес на денационализација, знаеме дека само првата фаза помина, понатаму не се направи ништо од тој проект.

Петто, лошо организирано здравство, образование и култура.

Шесто, хроничен недостаток на средства во Буџетот на државата.

Седмо, влошени меѓунационални односи.

Осмо, се последните збиднувања во Републиката, афери на криминал и корупција мито.

Деветто, афери со пирамидалните штедилници и октоподи со недефиниран број на кривци. Само да се потсетиме дека премиерот при гласањето на последната реконструкирана влада на 20 февруари 1996 година, при донесување на предлогот за макроекономската политика за 1997 година, нагласи дека стриктно ќе се придржува за реализација и остварувањето на таа политика, се со цел да се воспостави стабилна економска состојба во државата. Една од основните задачи на макро-економската политика, беше заживување на општествениот производ и производство во услови во процес на ревитализација и модернизација на расположливите капацитети, со развој на нови мали и средни претпријатија, дојдовме во состојба на една неликвидно стопанство и нема- ме скоро никаква можност за заживување на стопанските субјекти.

XIX/7

Поради немање на средства за таквата намена, второ стагнација на малите и средни претпријатија поради неликвидноста на големите претпријатија кои се сигурно врзани како субјекти во самата работа.

Трето немање на поволни услови за банкарски развој.

Четврто, високи даночни давачки кои делуваат дестимулативно во развојот на малите и средни претпријатија.

Петто недостигот на институционални решенија за поддршка и развој на мали и средни претпријатија.

Вториот елемент на основната цел на макроекономската политика беше создавање на услови на пораст на вработеноста и запирање на трендот на лицата кои бараат работа и тоа преку инвестирање во приватниот сектор преку привлекување на странскиот капитал и трето преку финансирање и поддршка при формирање на мали и средни претпријатија. Во овој случај премиерот и Владата не успеа во сите претходни состави па и во последниот да обезбеди реализација на зацртаните предлози, туку напротив добивме еден перманентен пораст на невработеноста и стечајните работници, лоша законска регулатива која оневозможи привлекување на странски капитал во стопанството, така да сме некаде при крај на скалата од земјите кои се во транзиција, кои добиле досега помош од странство некаде 36 милиони долари и дестимулативен развој на малите и средните претпријатија.

Сите овие состојби се рефлектираат и во вонстопанските дејности, па така добивме ситуација во здравството, образованието, културата навистина не можат да функционираат во една ваква состојба и доаѓаат во една ситуација на хаотичност и неможност на решавање на основните функционални потреби, а тоа се да кажеме во здравството снабдување со неопходни лекови и материјали, нередовна исплата на платите во здравството, во образованието, во културата и немање на средства за

основни потреби за одржување на објектите и средствата со кои работат. Ваквата ситуација се одрази и на таканаречениот сигурен слој на вработени, а тоа се голем дел на вработени во државната и јавната администрација и пензионерите. Пред се кај вработените во државната администрација, каде што навистина имаат доста ниски примања, така да голем дел вработени во таа администрација, квалитетни луѓе веќе се отидени од неа барајќи начин да го решат прашањето на својата егзистенција.

Поради нередовната исплата на пензиите, директно се загрозуваат голем број на пензионери кои живеат од тие ниски месечни пензии.

Сега се наметнува прашањето дали со вакви резултати во стопанството и воопшто во државата премиерот со новата влада ќе успее да се справи со постоечките проблеми и дали овој состав ќе овозможи ефикасно и квалитетно решавање на проблемите.

Сметам дека преземената одговорност е голема и прашање дали новиот состав оптоварен со внатрешно партиски превирања и состојби во коалицијата исто така ќе може веројатно во краток временски период, ќе донесе квалитетни промени. Затоа и предлогот на резолуцијата од страна на пратеничката група на Демократската партија која беше доставена до ова Собрание, беше да изгласа недоверба на актуелната влада, со цел да се формира нова техничка влада, која ќе ги припреми и ќе ги одржи вонпарламентарните избори. Ваквото решение ќе овозможеше на основа новиот состав на Собранието, ќе изгласа нова квалитетна и ефикасна влада со партиски консензус ќе овозможи вклучување на квалитетни и способни членови, кои ќе можат одговорно и без претходни предрасуди да се прифатат со сложените проблеми во државата. На тој начин ќе се овозможи и понатамошен развој на започнатите демократски процеси со јасно дефинирана програма и платформа за делување на премиерот и Владата.

XIX/9.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред период околу два месеци ова Собрание изгласа доверба на веќе претходната Влада на премиерот Црвенковски. Се поставува прашањето што е тоа што го натерало премиерот да побара доверба на Влада, да ја добие па потоа пред истекот на рокот од три месеци да му предложи на Собранието нова влада. Дали се тоа битно изменети околности во однос на периодот од пред два месеци. Дали по изгласувањето на довербата е сфатено дека таа влада во целост, или некои луѓе во неа не одговараат, или пак е сосема нешто друго, останува нејасно. Ова останува нејасно и по воведното излагање на премиерот каде што е наведено дека одредени министри се разрешени поради едни или други причини.

Почитувани пратеници, членот 90 од Уставот каде што Владата е обврзана да ја поднесе програмата, сосема накратко ќе се задржам бидејќи е доста веќе кажано.

Ако се сеќавате пред 15 месеци исто така, без програма беше изгласана влада. И многу пратеници не само од опозицијата, туку и од владината коалиција реагираа на ова и рекоа дека е ова последен пат како се дава бланко доверба, не само господинот Никола Поповски, туку и некои други пратеници како господинот Чифлиганец кажа дека очекуваат во рок од три месеци ќе биде поднесена таа програма и дека само под тој услов гласаат.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ: (**Продолжение)

Меѓутоа, очигледно дека залудни беа нивните очекувања. Обиди да се смета воведното експозе или пак изборната платформа како програма на Влада, се разбира, не се во согласност со Уставот и се крајно несериозни. И покрај тоа што е свесна за фактот дека и овој пат како доста пати до сега ќе биде надгласана од коалиционото мнозинство пратеничката група на Либерално-Демократската партија упорно и доследно ќе се залага за почитување на Уставот и законите затоа што едно непочитување на Уставот и законите раѓа ново. Непочитување на Уставот и законите до страна на Парламентот, на Владата и на други институции предизвикува многукратно непочитување на Уставот и законите во РМ, па не е случајно што денеска во некои општини не се почитуваат законите, Уставот, одлуките на Уставниот суд како што е на пример во некои општини од Западниот дел на РМ, што веќе беше спомнато.

Непочитување на Уставот и законите од страна на Парламентот и Владата и другите институции можат да доведат до губење на довербата од страна на граѓаните кон институциите на системот која, мора да признаеме, сериозна и онака разнишана. Тоа може да доведе до опасни последици и да предизвика неред и хаос за што сум убеден дека ниту еден разумен човек во оваа држава не го посакува. Тоа може да доведе до тоа да граѓаните губејќи доверба во институциите на системот решавање на своите проблеми го отпочне стихијно и вон институциите. Се разбира, за да ова не дојде иако имаме се почесто вакви случувања, одговорноста лежи, пред се во премиерот, во Владата и Парламентот, а пред се во Парламентарното мнозинство на СДСМ кое пред 15 месеци изјави дека ја презема одговорноста за состојбите во државата за кои

денеска гледаме дека не се ниту малку розови. Наместо функционирање на правната држава и нејзините инструменти ни се нудат политички кампањи за разрешување на различни проблеми, како што беше неодамна борбата со организираниот криминал.

Одредбата од Уставот со која се предвидува обврската Владата да поднесе програма не е случајно предвидена, бидејќи тоа е случај во сите други демократски држави. Ова е всушност основа за политичката одговорност на премиерот и Владата затоа што само врз основа на неа може јасно да се расудува што е она што е зацртано, а што е она што е остварено и неостварено. Во спротивност секогаш ќе имаме изјави во стилот така требало да биде, така морало да биде, полошо е во другите држави, постојат низа објективни околности итн. Оттаму се изјавите за разни ситуации еднаш во едни услови и ситуации за дневна политичка употреба дека на пример пругата ќе биде изградена во одреден период по одредена цена за да само после неколку дена разни луѓе од Владата тврдат дека тоа било во едни други околности дека сега е една цена, дека условите за градба се други и тоа е случај во многу други свери не само во ова.

Очигледно е дека Владата и во наредниот период ќе биде над овој Парламент и дека работите кај нас се денеска наопаку изместени. Единствено новиот Парламент на наредните избори ќе може да го врати дигнитетот на народните избраници. На овој начин однесувајќи се потценувачки Владата кон Парламентот не го гази само угледот на Парламентот, таа го гази угледот на Република Македонија и на државата.

Ова е четврти состав на Владата со ист премиер и со исто апсолутно мнозинство на СДСМ. ЛДП смета дека и оваа четврта по ред Влада не дава доволно гаранција дека проблемите на граѓаните во економска, социјална и било која друга сфера ќе бидат надминати.

Тоа е главната причина затоа што не гласав за оваа Влада и на крајот почитувани пратеници сакам да се осврнам на искажувањата на некои пратеници кои зборуваа дека сегашниот претседател на ЛДП г-динот Петар Гошев одбил од некаков страв или не знам што да го прифати мандатот. Господинот Петар Гошев не го одби мандатот од некој си страв,бидејќи сите вие знаете и македонската јавност тој не се исплаши во моментите кога се правеше македонската држава, во моментите кога се трансформираше овој систем односно кога се преоѓаше од еден во друг систем. Тие причини се многу поинакви, тие причини господа од СДСМ веројатно подобро ги знаете. Тоа се, пред се, наметнувања на концепциски, кадровски и други решенија кои беа наметнувани и барани од него во тој период, а никако од некој страв.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Трајановска.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани дами и господа пратеници, Очигледно дека сите сме заморени и се помалку не има во салата, меѓутоа, сметам дека е важно да се каже нешто.

Треба да се согласиме со една работа, а тоа е дека се потребни промени. Процесот на промените е постојан. Тој процес се одвива од почетокот на времето и ќе продолжи за секогаш. Светот се менува физички, општествата економски. Дури и вие се менувате во овој момент, промената е овде за секогаш.

XX/4.-

Причините поради кои се потребни промени сметам дека не е потребно да се елаборираат посебно, толку се јасни и видливи, толку го оптоваруваат нашето секојдневие што не е потребно во оваа прилика посебно за нив и да се зборува.

Премиерот во своето последно излагање пред пратениците во овој дом ни вети токму промени. Значи, одлуката е донесена. Потребно е нејзино спроведување. Но, спроведувањето на одлуката е тешко. Меѓутоа, во мене, а се надевам и кај поголем дел од граѓаните на РМ денеска постои дилемата дали всушност со ова што денеска се предлага со предлогот за новата влада е промена или само некаква маска дека правиме не- каква промена.

Ова е четврта Влада на г-динот Црвенковски, низ неговите четири влади продефилираа педесетина министри а тој е вечен, даден од господ, непроменлив и незаменлив.

Ако постојано ја менувате посадата на бродот, а капетанот останува ист дали тој брод ќе може да го избегне потонувањето ако капетанот го води во погрешна насока. Сите четири влади на г-динот Црвенковски до сега не презеле никакви конкретни чекори. Тоа всушност не е можно, бидејќи Владата работи без програма, а тоа и е уставна обврска да работи со програма. И денеска скоро 6 години од спроведувањето на плурализмот во РМ немаме нов систем на државна управа кој би одговарал на проблемите во општеството и кој ќе придонесе за јакнењето на демократијата во државата. Наместо тоа имаме спојување на државната управа со една партија. Притоа, неминовно се наметнува прашањето зошто е тоа така, кому ова му одговара и кои се последиците од сето ова.

Во земјите со развиена парламентарна демократија точно се знаат условите со кои можат да се разрешат инспекциските органи. Тие се доста рестриктивно поставени. Со тоа се овозможува нивна независност и објективност. Обратно од ова кај нас се разрешуваат и поставуваат

преку ноќ и без образложение без никаква постапка. Метод на работа што потсетува на дамно минати времиња. Разрешите државни службеници за своето сменување најчесто дознаваат на прес-конференции. Без реформи во управата и без јасно разграничување на законодавната, извршната и судската власт не може да имаме вистинска демократија и ова разграничување всушност е круцијално прашање за демократијата, без ова и без оглед на било која политичка партија да дојде на власт и да партиципира во неа без расчистување и разграничување не може да има демократија.

Либерално-Демократската партија се залагаше и цело време се залага за јавност во работењето кога станува збор за трошењето на државните пари. Одамна во земјите со пазарно стопанство ја сватиле важноста од прецизно регулирање на оваа материја за да се избегнат сите негативни појави кои оставаат трајни последици врз развојот на стопанството. Регулативите во тие држави обезбедуваат, пред се, целосна јавност и транспарентност и обезбедување рамноправност на учесници те на пазарот и на тој начин се избегнуваат можностите само одредени фирми да бидат партнери на државата. Денес сведоци сме на аферите од овој вид во МВР, Министерството за одбрана, здравство и финансии.

Како да се плива со ајкулите без да се биде изеден? Се плашам да не ги свртиме работите наопаку. Скоро диктаторски се донесе одлуката за запирање на процесите на корупција за штедилниците, асе однесуваме демократски во нивното спроведување. Мора да се биде демократ и диктатор во исправен редослед. Морате да бидете способни и да сте демократ, а потоа диктатор, меѓутоа, проблемот е во зборот "потоа".

Благодарам.

XX/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани кандидати за министри, почитувани пратеници. Јас реков пред малку дека се повеќе се намалува концентрацијата, некои не веруваа, но еве гледам останаа само дваесетина пратеници и неколку кандидати за министри, се потруди тоа мое тврдење, но добро ќе тераме, ќе избереме изгледа Влада во ноќни услови, а сите знаат што се прави ноќе, но сепак (општа смее во салата) што се прави, се краде ноќе, ако сакате да знаете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се спие ноќе.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Добро, сепак би рекол неколку збора, се обидував да запишам што моите колеги изнесуваа и ќе се обидам да се сконцентрирам во ова време.

Прво ја имаме таа чест ние како пратеници во овој Парламент во период од 2 ипол години да избираме трета Влада на РМ што можеме да сметаме дека ете една придобивка на демократијата е тоа да можат владите да се менуваат и можеме да кажеме и едно наше задоволство на пратениците овде. Но, морам да кажам дека тоа наше задоволство е поматено и скратено со тоа што изменивме многу министри, на првиот човек на Владата сепак останува, изгледа тој е најспособен.

Оттука се поставува прашањето дали навистина основниот проблем лежи во сите луѓе, сите кои беа до сега избрани како министри или проблемот треба да го бараме малку подлабоко, посуштински. Дали

менувањето на луѓето кои раководеа со одредени министерства не се во ред или пак не е во ред изместениот систем од правната регулатива кој се измести по волја на поединци и донесе до раководење такво какво што имавме.

Зошто дојдовме до една ваква состојба и зошто дојдовме во една состојба во овие двеипол години да бираме трета Влада? Сметам дека одговорот треба да го бараме во отсуството на концепција и програма на премиерот и на Владата. Многумина овде пратеници и политички конкуренти би рекол ни приговараат зошто постојано инсистираме на тоа дека требаше да се има програма, требаше да се има концепција и врз основа на таа програма и таа концепција да разговараме. Морам да кажам дека сите оние противници кои се на ова наше барање за програма на Владата пред себе ја имаат основната причина. Основната причина е зошто не сакаат да донесат програма и зошто не сакаат овде да ни изложат лежи во тоа што доколку се донесе програма во неа ќе треба да се наведат многу залагања, многу работи со конкретни бројки, а кога ќе се изнесат конкретни бројки во одредена програма тоа ќе отвори можност по извесен период да се направи споредба со тие бројки, споредба со тие залагања и тогаш ќе може да се говори за успех или за неуспех. Во случај кога ќе имаме една таква програма со бројки повеќе нема да држи она излитена фраза дека ќе создадеме ефикасна Влада која ќе раководи, дека ќе го зголемиме извозот на македонското стопанство и дека ќе го намалиме трговскиот дефицит. Тогаш во таа програма, ако денеска ја имавме ќе стоеше дека за тој период Владата со одредени мерки предвидува дека трговскиот дефицит на РМ не мора и не може толку точно да каже, но ќе рече дека ќе се движи од 150 до 200 милиони долари или обратно можеби ќе каже ќе имаме дури суфицит во меѓународната размена. Кога ќе измине одреден период, кога ќе ги

споредиме тие податоци за Владата ќе бидат катастрофални. Од тие причини постојано се избегнува од предлагање на програма при изборот на Владата.

Во една таква состојба, во една состојба кога Владата и премиерот ќе излезеа со одредена програма овде пред нас пратениците ќе можевме да зборуваме и за принципот на отчетност и одговорност на извршната власт. Повторно го поврзувам со она заради тоа што ќе можевме да ги споредиме предвидените планирани цели со остварените.

Јас, навистина, не знам, но денеска настојував да си објаснам зошто се врши оваа реконструкција и премиерот рече заради тоа да создадеме ефикасна Влада. Но, овде еден пратеник од СДСМ г-динот Димче Настовски изгледа ја кажа правата вистина, но не ја дозаврши. Имено, се состои во следното. Ќе се обидам да го цитирам колку што можев да запаметам, Тој рече дека премиерот пред два месеци овде вети дека ќе се соочи и ќе се пресмета со организираниот криминал. Врз основа на тоа што премиерот дошол до некои сознанија ја предлага токму оваа реконструкција на Влада и си заминаа тие министри кои беа вмешани во организираниот криминал. Извадете го стенограмот тоа го рече г-динот Димче Настовски. Јас не знам дали тоа го расправавте во пратеничката група на СДСМ и ги знаете министрите кои ги разрешивте заради организиран криминал, а не сакате нам и на јавноста да ни ги кажете. Ако е тоа така нема зошто да не му верувам на г-динот Настовски, требаше да каже уште едно дека требаше да ја дозаврши својата дискусија и понатаму и да каже дека Министерството за внатрешни работи за тие министри кои вие сте рекле дека се сменети заради организиран криминал ги презеде овие работи и јавниот обвинител заради тие причини ги презеде овие мерки.

XXI/1.- НН/ЉР

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Тоа отсуствува и сметам г-динот Настески ќе ни го каже и тоа кога ќе го расправате на пратеничката група на СДСМ.

Втората причина според мене која што премиерот и Владата не ни предлагаат програми лижи во тоа што доколку се предложи програма ќе мора во неа да дојде до израз противностите и контрадикторностите на коалиционите партнери внатре во Владата на РМ. Од тие причини Програмата не се прелага и нема јавен увид на тоа, туку сето тоа се заснива на некој тајни договарања. Имено, јас не можам поинаку да го сфатам тоа освен доколку се предложеше програма немаше да дојде до судир концепцијата на Социјалистичката партија,или на дел од раководството на Социјалистичката партија, која што за време на локалните избори и тоа како жестоко го нападна премиерот и Владата на РМ за економската состојба во РМ. Во една таква програма тогаш ќе мораше да каже или Социјалистичката партија се откажува од тие напади и ќе каже сега дека ние тогаш, извинете граѓани ве лажевме, туку Владата доби добра економска програма, или пак Владата ќе мораше да се согласи со тие тврдења на Социјалистичката партија. Истото ќе се случеше со другиот коалиционен партнер. Затоа, од тие причини сметам дека отсуствува и прашањето на програмата на премиерот и на Владата.

Од тие причини изгледа и денес неколку пати одредени дискутанти се обидоа со одредени свои фрази и дискусии да ја замолчат, овде барем опозиционата партија и да им каже дека она што го зборуваат не се во право. Јас морам да кажам дека би се одгласил со едно такво тврдење, но кога би се излегло со факти.

XXI/2.-

Имено, секогаш кога Либерално - демократската партија ќе докаже дека Социјал - демократскиот сојуз на Македонија и премиерот не е во состојба да ги решава проблемите на граѓаните и дека не знаат како да се соочат со проблемите на граѓаните на РМ веднаш се повлекува еден на друг - чекајте и вие до вчера бевте во власта.

Прво, веќе година и три-четири месеци ЛДП не ви смета во раководењето во РМ: Значи, за овој период немате повеќе право да кажувате дека Либералите ви сметаат во раководењето.

Втора работа која што морам да ја кажам изгледа либералите имале толку јаки министри што би оставиле такво влијание што вие и ден денес им се плашите само од сенката кога ќе помислите на нив. Јас морам да ви кажам и да ве разочарам дека со таквиот адут кој што вие го повлекувате и таквиот пристап кој што го имате нема да успеете нема да замолчите. Нема да престанеме да зборуваме за проблемите на граѓаните и за проблемите на невработените, односно на ново вработување. Не само тоа, туку нема да се браниме и секогаш ќе ве потсетуваме за се што предлагавме а вие не прифативте. Не е грев што не знаете да ги решавате проблемите, но голем грев е што не сакате да чуете од оние што знаат да ги решат проблемите.

Бидејќи неколкупати и денес од оваа говорница беше споменат г-динот Ристо Иванов како министер за стопанство и што тој направил, како што вие велите, да го реши проблемот на невработените и проблемот на стопанството, а притоа не изнесовте ниеден правилен аргумент. Јас во оваа прилика би сакал да ве потсетам и вас како пратеници, а и да си ги прашате вашите министри во Владата за неколку работи. Имено постојат голем број на предлози и размислувања на г-динот Ристо Иванов кој што токму вашата влада и вие како пратеници

од парламентарното мнозинство ги одбивте. Имено, предлозите на г-динот Ристо Иванов за зголемување на производството и вработеноста поднесени на седница на Влада во април 1995 година. Сето ова стои во стенографските белешки на Владата, Владата е ваша слободно побарајте то аке го видите.

Второ, предлозите за поттикнување на извозот и зголемување на стимулациите за извоз поднесени ан седница на Владата во мај 1995 година одбиени до Влада.

Проектот за реформа на Министерството за стопанство вие г-да пратеници го одбивте на седница на Парламентот во септември 1995 година со образложение дека тој предлог е добар, но ќе го разрешиме со донесување на Законот за државна управа. Од тој ден до ден денес го чекам сеуште вашиот предлог. Се ближи повеќе од година и 6-7 месеци,ако не и од две години од тоа ваше ветување.

Следно, Предлогот на г-динот Ристо Иванов за развој на мали и средни претпријатија, кои Владата на РМ го одби на своја седница во јули 1995 година. За жал ако вие не знаете прочитајте малку има доста странски фирми кои што се заинтересирани за тој проект за мали претпријатија во РМ.

Петто, предлозите за забршување на приватизацијата изнесени во 10 точки на седница на Влада во декември 1995 година одбиени од Владата на РМ. Јас морам да кажам, земете ги тие точки што г-динот Ристо Иванов ви ги предложи тогаш за приватизација, за проблемите за приватизација ќе видите само после еден месец излеговте во јавноста дека има навистина проблеми во приватизацијата, а пред некој ден зборувајќи за проблемите на приватизацијата, токму тие почнувате да

кажувате и да се соочувате со тие проблеми. Значи многу предвреме ни беа предочени, но не сакавте да ги пријавите.

Шесто, предлозите на г-динот Иванов за намалување на даноци на плата, за зголемување на вработеноста и ослободување од даноци освен од пензиско и здравствено осигурување. И тоа е предлог одбиен.

Седмо, стимулирање на безготовинското плаќање затоа што готовите пари се средство за прекривање на даноци и тие пари овозможуваат криминал. тоа е исто беше предложено на Влада и беше одбиено, а сега зборуваме за организиран криминал. Ние сеуште сите сме свесни дека основната причина за организираниот криминал е големата циркулација на готови пари во РМ кои што не можат ниту да се евидентираат, ниту да се земат даноци, па ниту да се спречи криминалот.

Осмо, предлозите за ефектуирање на помошта ФАРЕ за отворање на нови работни места. И тој предлог беше одбиен. Покрај сите овие и други низа одбиени предлози дали навистина уште имате право да речете дека проблемот со стопанството вие го доведовте до овој степен. Сметам дека тој адут ви е навистина избиен од рака и со тоа не ќе можете понатаму да се браните. Има уште ред работи што сакам на оваа тема да ги набројувам, но навистина ќе ви одземам многу време.

Следна работа која што би сакал да ја продискутирам, уште при почетокот на работата на овој парламент, оа при реконструкцијата на Владата во февруари 1996 година ја напомнав, е проблемот на регионалната стратегија, односно стратегијата за регионален развој на Македонија, која што вие упорно не сакате да ја извадите во јавност односно и дали имате таква. Јас ќе наведам само еден податок.

XXI/5.-

Пред два месеци прочитав податок изнесен во Нова Македонија од страна на Стопанска комора на Македонија дека од вкупните инвестиции»во 1996 година 95% се во Скопје. 5% од вкупните инвестиции во РМ биле во останатите општини односно во останатите региони во РМ. Ова го прочитав во Нова Македонија и јас го ценам како таков податок.

Навистина, податок кој што загрижува, податок кој што не тера на размислување. Ова сакам да го поврзам со прашањето, иако можеби ќе ми преговорите за локал патриотизам, прашањето за граѓаните, за изборните единици од каде што доаѓам односно воопшто прашањето за Битола.

Овде г-динот Тантаров каже дека од Битола има двајца од кандидатите за министри. Мене навистина ни е драго што има такви двајца министри, но јас морав да го кажам следново.

Повторно е направена една голема политичка игра која што е поврзана со самата реконструкција на Владата. Имено, избрани се двајца кои што засега навистина, според мое мислење се чесни и поштени луѓе од Битола. Што сега се сака да се направи? Се дека да се прикрие нефункционирањето на институциите на системот во Битола кој што се случуваше наназад, односно да се оправда она што се случи во Битола деновиве, сакајќи со тоа да се покаже наводната грижа за Битола и да се избегне одговорноста за она што се случува во Битола деновиве. Мене ми е жал навистина посебно за едниот од кандидатите што не можам да дигнам рака заради тоа што комплет се избира за Влада а ќе гласам против комплетниот избор на Владата, но морам да кажам дека битолчани сепак не се наивни. Битолчани ја сфатија оваа политичка игра која што моментално се прави. За тие проблеми со кои Битолчани моментално се соочуваат во една друга прилика се надевам во скоро време ќе ја имаме.

XXI/6.-

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Секако дека ветувањата и декларациите се добра работа како желба, меѓутоа работите се мерат со делата и најдоблесните ветувања често се забораваат, меѓутоа најчесто се споменуваат резултатите.

Во контекст на излагањето на премиерот за внатрешно-политичакта ориентација, која не е новина, при што се дава предност на демократијата, состојбите во економско финансиската сфера, социјалната сфера, функционирањето на правната држава, толеранцијата меѓу етничките односи би сакал да го кажам следното.

Секако дека во конституирањето на државата ги навестивме и институционализиравме процесите што треба да не водат на утврдениот пат и историскиот прогрес, приватната сопственост, пазарот, демократијата и во тој контекст правната држава и владеењето на правото. Меѓутоа, не е доволно само демократијата како политичка основа за конституирање на власта, ниту пак како средство за ограничување и стеснување на проблемите, овластувањата и моќта на власта, туку е потребно и нешто повеќе. Потребна е материјална сигурност на човекот, потребна е демократска контрола на делувањето, јавно мислење, слобода на медиону, владеењето на правото и правната држава. Меѓутоа по конструктуирањето на државата навистина ги навестивме и ги институциоанлизиравме сите овие процеси што треба да не водат на зацртаниот пат, меѓутоа сепак од историскиот момент кога почна пресвртот сепак треба да признаеме дека се случуваат и реално не погодуваат нештата што се спротивни на навестените и во голем опсег институционализирани промени односно дека сепак нашиот човек има една мора, едно чувство што се случуваше со сопственоста, штос е случуваше со пазарот па и со демократијата.

XXI/7.-

Морам да кажам дека нема да се задоволуваме само со тоа дека е нашата историска среќа геополитичката позиција на Македонија туку требан нешто повеќе односно многу поголема ориентација на обезбедувањето на нашиот економски суверените. Во тој контекст сакам да кажам за две деформации во областа на сопственоста и во областа на ориентацијата со пазарната економија.

Во РМ првата фундаментална идеолошка девијација се случи во начинот на самата изведба на приватизацијата, не на нејзината ориентација на промена на јавно правниот во приватно своински режим. Секако дека од тоа зависеше квалитетот на општествениот економски поредок што го креиравме. Во основа на идеолошката девијација по овој модел на трансформација беше нереспектирањето на еднаквите можности на сите, што лежи и во карактерот на сопственоста во минатиот систем, општествена, така да непостоеа и не можеа да постојат економски потентни купувачи на толку огромен капитал во еден егалистичен економски социјален амбиент. Комерцијалното вреднување на капиталот можеше да биде морално и економски оправдано како пристап бидејќи кореспдриаше со белезите на минатиот систем на сопственост, а и со белезите на пазарната економија што ја афирмира. Меѓутоа се обликува политичко правен погон,што со тоа го прекрши законот во приватизацијата случај по случај така што огромен капитал што го создаде народот со децении премина во приватни раце без пари со историската среќа на моментот односно на чесен збор.

Втората идеолошка идевијација се деси во сферата на пазарната економија. Пазарните императиви се познати. Правна рамка на економскиот систем, која гарантира прав и слободи на економските субјекти и сигурност на нивниот имот. Несигурноста на економските

субјекти ги упатуваше на поврзување со политички структури со цел да се осигура статусот, да се издејствуваат бенефицирани бенефиции по политички пат, даночна, царинска евазија што доведе до будење на сивата економија како паралелен пазар на институционалниот пазар, легалниотках кој економските субјекти се подложни на сите законски санкции и тешко можат или никако не можат да остварат добивка бидејќи го плакаат она што не го чини сивиот пазар. Што тоа значи? Тоа знач9 дека во РМ во сверата на пазарната економија настана пазарна дискредитација на пазарната економија. Дискриминаторската пазарна економија пакнстиритус монес на морална и материјална дискриминација, концентрација на богатство кај мал број на луѓе. Тоа значи дека државата на тој начин сеуште не ги обезбедува доволно изворите за стимулирање на економскиот развој.

Третата девијација - политиката на реални камати. Она во изминатиот период делуваше исцедувачки на акумулацијата, така да во 1996 година обврските на стопанството беа поголеми за 15% од вредноста на основниот капитал. Мора да признаеме дека последиците се очигледни и дека проблемот на невработеноста е тежок проблем за целото општество. 237.000 невработени и 120.000 стечајни работници се знае што значи за функционирање на фискалната сфера во сверата на образованието, здравството итн.

Моралната криза секако дека е најтешката криза што може да му се случи на едно општество. Нејзината лепеза може само ја надополнува и кон неа се придружува национализмот. Моралната криза во општеството е почва и последица за развој на национализам кој што го имаме сеуште присутен на овој простор.

XXI/9.-

Не би можел да ја изоставам и лепезата во должничко-доверителните односи. Ние имаме надворешен долг од милијарда и 100 милиони долари. Имаме внатрешен долг од околу милијарда ДМ. Имаме долг во надворешниот трговски биланс. Имаме долг кон учесниците на денационализација. Имаме ново креирани долгови поради ограбување на легалните штедилници. Секако дека тоа претставуваат крупни проблеми.

Сите овие споменати проблеми и уште многу други не се изолирани феномени. Тие се компоненти на една цела состојба која што ја нарекуваме криза. Е сега. Кога државата ја потресуваат афери што се предуцираат органи на власта. Кога граѓаните се фрустрирани поради општата економска состојба, кога имаме притисок на таканаречен улична демократија. Мислам дека потребно е да се изгради концензус и дека најрелаксансното средство во оваа ситуација, важна пред се за државата се предвремени парламентарни избори.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор последниот пријавен дискутант, господин Хасипи Кенан.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, Јас ќе се обидам да бидам краток со оглед на тоа дека сум барем последен пријавен кандидат, ако не се јави некој после мене.

Сакам да кажам дека за овие неполни три години од овој парламентарен состав, граѓаните на Република Македонија преку дефилето на оваа говорница можеа да видат што е власт, а што е борба за власт, што е позиција а што опозиција, што е сојуз, видоа и сојузи и распади на сојузи, видоа и политички камелеони во најразлични видови, а на денешнава седница видоа и нешто ново. Тоа е злоупотреба на оваа говорница за погрдни изрази и лични етикетирања од најгруб вид.

Крајно е време ова Собрание со усвојување на новиот Деловник за работа да усвои и кодекс за однесување на пратениците, затоа што заштитата на достоинството на овој законодавен дом не е само обврска на претседателот на Собранието, на политичките субјекти што партиципираат во ова Собрание, туку и на секој пратеник посебно. Во спротивно бидете убедени дека овој парламентарен дом ќе наликува на најгледаниот театар во земјата.

Што се однесува до новата Влада, не навлегувам во персоналниот состав, тоа е резултат на договор помеѓу премиерот и коалиционите партнери, меѓутоа, евидентно е дека доаѓа во период на најтешката криза во сите сфери на општествениот живот. Има една тешка за- дача пред себе да стави крај на негативните тенденции во сите сфери и да докаже две работи: дека функцијата министер не е само привилегија

туку и обврска, и да го разубеди фамозното убедување меѓу народот дека транзицијата не е грабеж.

За реализација на овие задачи јас би препорачал две работи

1. Да ги почитуваат законите, затоа што и најлошиот закон е подобар од било какво беззаконие.

2. Повремено нека ги напуштат кабинетите и нека поминат меѓу народот, затоа што често пати кабинетските констатации не соодветствуваат со состојбите меѓу населението.

Се друго би значело џабе губење време, се друго би довело до казна, а казнети се граѓаните, без оглед дали ќе има редовни или вонредни парламентарни избори.

Благодарам на вниманието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господин Станковски Владимир.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас како обично ќе бидам краток иако носам некои силни папири, тоа е за потсетување. Ќе почнам со начинот на кој господинот премиер не удостои со своето излагање денеска.

Мислам дека пошироката јавност очекуваше оваа седница, а и ние пратениците, да почне на време. Мислам дека беше ред господинот премиер да се извини за своето задоцнување. Ниту една причина, било од каков вид, не може да биде причина за неговото доцнење пред овој висок дом. Со овој гест се покажува еден однос кон Парламентот. Мислам дека тоа мора да се промени и господинот премиер да сфати дека овој висок дом претставува највисок дом во државата и дека треба да се почитува.

XXII/3.-

Ова папирче (покажува листови) што го нарекуваме извештај или експозе на претседателот во врска со реконструкцијата или реставрацијата,Ј како што рече некој пред мене, е еден папир кој бегло ги нафрлува основните работи околу реконструкцијата.

Е сега, ако земеме некои поконкретни детали, ќе видиме дека по четврти пат како на гештетнер се провлекуваат исти фрази. Ќе направиме вака, ќе биде поефикасно... Јас ќе ви прочитам: "Споредување на реформите во економско-финансиската сфера да се постигне поголема ефикасност, вистинско пазарно стопанство, повисок стандард"... јас ќе најдам во неговите излагања од неговите претходни три реконструкции исти такви фрази. А, која е состојбата? Сите вие, дали сте од позицијата или опозицијата, сите вие и сите ние ќе се согласиме дека состојбата во државата е лоша. Кој сака нека ја бои со светли бои, кој сака со темни, ние сме тука и Владата е таа што треба да направи нешто да ги промени тие состојби. Навистина, состојбите се лоши.

А, зошто се лоши? Лоши се затоа што Владата и премиерот во ниту една сфера не се зафати, но не да се зафати како што рече 24 часа ќе работам, туку чесно, толку колку што треба нормално да се работи и да се врши, државната администрација, па и Владата и премиерот да си ги обавуваат своите функции. Кампањите од видот ќе го фаќаме крадецот. Јас можам да ви ги прочитам по трет-четврт пат како ние објавуваме кампањи за фаќање на некој криминални животни, така да кажеме октоподи. Тоа претпочита, октопод, врзување на политиката со мафијата. Јас, да ви кажам, не сум убеден, не знам министерот дали ќе ме демантира, јас мислам дека во државава нема криминал. Криминал има кога се фаќаат политичари длабоко влезени во криминалот. Криминалци врзани со политиката.

Ние што? Ништо не дознавме. Имаме афери, постојат разни, сега да не се повторуваме, меѓутоа немаме политичари што се вмешани. Премиерот ни вети дека сето тоа до најмалото ливче ќе биде откриено. Меѓутоа, ете, полицијата работи, веројатно ќе ги фати. Треба да чекаме подолго, можеби до изборите, можеби подолго. Ќе видиме. Важно се работи на тоа.

Сакам да укажам на кампањата, Владата кампањски не работи. Таа има свои задачи и ја тера работата, како што вели господинот Андов. Мислам дека секоја кампања е трагична, според мене. Никој не треба да работи по 24 часа. Доволни се 8 часа ако се зафати за некој проблем, ако има визија. Визијата е програмата на партијата, на Владата. Тоа е правецот во кој треба да се остварува.

Околу новите министри не би се осврнувал. Тоа се луѓе кои ги познаваме. Некои не познаваме. Ќе имаат шанса да се покажат. Меѓутоа, господинот Поповски Никола во своето време, јас сум од тие што запишуваат и памтат, рече дека "времето ќе биде најголемата опозиција". Значи, за се што се работело до сега, времето е, а мислам дека е време. Време е, мислам дека е време.

Е сега, поефикасно да се работи, да се постигне, тоа се оние пароли поефикасно, енергично, тие ме асоцираат малку на олимписките слогани, паролите: побрзо, повисоко, подалеку. Тоа се тие пароли во тој стил.

Да кажеме нешто дека некои законски проекти што премиерот ги вети многу одамна, Законот за денационализација ќе оди заедно со Законот за приватизација и тоа ќе биде потпората за денационализацијата, не се одржа. Фактички само првата фаза ја минавме и луѓето очекуваа да се донесе законот, да се оди во денационализација. Средствата од приватизацијата требаше да бидат

потпора или  супорт на денационализацијата. А, пари немаме. Значи, направивме приватизација без пари. Значи, имаме се, се приватизиравме како што рече еден имаме многу самоуправувачи, пардон управувачи односно акционери, меѓутоа немаме никаков капитал, немаме инвестиции.

Понатаму, Законот за високо образование на што многу се чекаше, го нема. Со тоа се дозволува односите со националностите да не бидат дефинирани во користењето на образованието на националностите да се најде начин да се регулира преку законски проекти. Се остава простор да имаме проблеми.

Законот за државната администрација, се сеќавам премиерот едно четири пати се колнеше дека ќе го донесе тој закон, односно ќе го предложи на овој висок дом. Меѓутоа, ништо од тоа. Имаме администрација што работи уметнички. Знаете што значи уметнички? Како е расположена, така работи. Слабо платена, не организирана, млади кадри во неа, не се вклучени, партиски луѓе кои се на позиции итн. Требаше да се донесе и тој закон за државна администрација, но ништо.

Културата. Во културата исто така очекувавме видовме некои филмови, меѓутоа после тие филмови ништо. Очекувавме од мајсторот на занаетот, од нашиот министер Унковски, јас искрено очекував и тоа го реков во излагањето кога беше изборот на претходната Влада, меѓутоа проблемите останаа. Јас мислам дека луѓе кои работа во кул- тура се толку културни што издржуваат една ваква состојба. Мислам дека тие се борат, тие се прави уметници да го преживеат ова.

Во социјалната политика, социјална политика фактички нема, бидејќи средства за таа социјална политика се користат од разни извори. Повеќе од оние пари што доаѓаат од надвор, а не од тоа што треба да биде моторот на социјалата, а тоа е развојот на стопанството мали инвестиции, кредитирање итн.

XXII/6.-

Тоа е она што требаше да се каже.

Сега, многу ми пречи што премиерот не е тука. Тој сигурно гледа и слуша. Јас сакам нешто лично да му кажам. Меѓутоа, не е тука, а обично сум таков човек, веројатно ќе му го кажам тоа кога ќе се сретнам со него. Нема смисла вака да зборувам а тој тоа да не го чуе.

Ете тоа. Значи, господинот Никола Поповски рече, уште еднаш да го повторам - времето е најголем опозиционер. Па, господине Никола Поповски време е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Оваа говорница беше злоупотребена со една инсинуација од пратеникот од Прилеп, Настевски или не знам како се вика затоа што изнесе лажи и невистини.

Би го разочарал господинот Настевски да не бара октопод кај Слободан Даневски затоа што на оваа тема работи СДС седум години, а резултатот е нула.

Жалам што господинот е познат за својата средина како неприфатена персона во градот, тоа е доста познато. Не би сакал ова да го коментирам.

Едно е вистина дека нема кривична пријава против Слободан Даневски. Но, друга вистина е дека постои кривична пријава за господинот Настевски скриена во фиоката на јавниот обвинител за оној случај што се случи, сообраќајката во Грција. Прилепчани никогаш нема да простат затоа што погина еден нивен истакната сограѓанин. Ова нема да го простат прилепчани.

XXII/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема смисла јас постојано да опоменувам на некоректности.

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на избор на Владата на Република Македонија.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (78 пратеници).

Дали има некој против? (23 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија.

(Аплауз).

За претседател на Владата на Република Македонија е избран Бранко Црвенковски.

(Аплауз).

За министри кои ќе раководат со одделни министерства, се избрани: д-р Лазар Китановски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана; д-р Томислав Чокревски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи; д-р Горѓи Спасов, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда; д-р Благој Ханџиски, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи; д-р Таки Фити, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии; м-р Борис Рикаловски, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство; Абдименаф Незири, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој; Томе Тромбев, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина; Абдуменаф Беџети, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски; м-р Киро Докузовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство; Насер Зибери, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика; д-р Софија Тодорова, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура; д-р Алсан Селмани, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука; Слободан Унковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура; д-р Петар Илиевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

За министри без ресор се избрани Димитар Бузлевски, д-р Златка Поповска, Џемаил Хајдари и Владимир Наумовски.

(Аплауз).

Констатирам дека со изборот на Владата на Република Македонија, на членовите на Владата од претходниот состав што не се избрани им престанува функцијата.

Го молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

(Се дели текстот на свечената изјава).

Дали се) поделени свечените изјави? (Поделени се).

Ве молам да станеме.

(Претседателот на Собранието станува, стануваат и сите пратеници и присутни во салата).

Ги молам сите во салата да станат.

Текстот на свечената изјава гласи, се разбира откако ќе прочитам "Изјавувам дека функцијата" секој од министрите ќе ја каже својата функција:

"Изјавувам дека функцијата министер за (секој министер си ја кажува поединечно својата функција), ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Скопје, 29 мај 1997 година.".

XXII/9.-

Ве молам да ги потпишете изјавите.

(Претседателот на Владата и министрите ги потпишуваат изјавите).

(После проверката на потпишаните изјави се продолжува со работа).

Бидејќи со изјавите е се во ред, дозволете ми во името на пратениците кои ја поддржаа Владата и во мое име да им го честитам изборот на претседателот на Владата господин Бранко Црвенковски и на министрите да им посакам многу успех во вршењето на нивната одговорна функција.

(Аплауз).

Истовремено, дозволете ми да се заблагодарам на досегашните министри за нивната работа и да им посакам добро здравје и успех во нивниот професионален ангажман.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 22,55 часот).